МАРИЈА БОГАТИНОВСКА МАРИНА СТАНИСЛАВОВА

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК 5.

УЧЕБНИК ЗА ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ
ВО ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



**Македонски јазик 5**
**Учебник за петто одделение во деветгодишно образование**

**Автори:**
Марина Станиславова
Марија Богатиновска

**Рецензенти:**
Гордана Алексова
Нада Јадровска
Даниела Апостоловска

**Јазична лектура:**
Дејан Василевски

**Стручна редакција:**
Орданка Мицкова

**Уредник:**
Орданка Мицкова

**Компјутерска обработка, графичко уредување и илустрации:**
Марина Станиславова
Марија Богатиновска

**Графичко и техничко уредување:**
Владанка Колева, Евгенија Павлова – АРС СТУДИО

**Печати:** Европа 92 – Кочани

**Тираж:** 13.574

**Место и година на издавање:** Скопје, 2023 година

**Издавач:**
Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија ул.„ Св. Кириј и Методиј“ бр.54, 1000 Скопје
Со Одлука за одобрување и употреба на учебник по предметот Македонски јазик за V одделение во деветгодишно основно образование бр. 26-642/2 од 29.03.2023 година донесена од Националната комисија за учебници.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

373.3.016:811.163.3(075.2)

СТАНИСЛАВОВА, Марина
Македонски јазик 5. : учебник за петто одделение во деветгодишно образование / автори Марина Станиславова, Марија Богатиновска. - Скопје : Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, 2023. - 204 стр. : илустр. ; 26 см

ISBN 978-608-273-474-3

1. Богатиновска, Марија [автор]

COBISS.MK-ID 60326405

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК 5.

УЧЕБНИК ЗА ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ
ВО ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



Драг ученику, драга ученичке!

Веќе си петто одделение. Тоа значи дека полека, но сигурно чекориш по патеката наречена „растење“. Овој учебник по македонски јазик ќе те води низ многу интересни, корисни и поучни активности и содржини, со чија помош ќе се здобиеш со многу знаења и вештини, ќе те „прошета“ низ минатото, ќе ти ја прикаже сегашноста и ќе те подготви за иднината. Преку текстовите, песните, активностите и задачите ќе се оспособиш правилно да го користиш македонскиот јазик во секојдневното општење, изразно да читаш и да рецитираш, да раскажуваш и прераскажуваш, да твориш, критички да размислуваш, да изнесуваш свои ставови, гледишта и заклучоци. Ќе научиш за јазикот, неговиот правопис и граматика. Ќе се запознаеш со дел од македонското народно творештво од минатото. Исто така, ќе научиш нови работи за медиумска писменост, поточно, за правилното користење на дружбените (социјалните) мрежи и за проверката на вистинитоста на информациите до кои доаѓаш.

Ти посакуваме успех!

Од авторките на учебникот

Размисли

Прочитај

Одговори

Запомни

Твори

Истражи

Потсети се

Вежбај

Работи со другар/ка

Работа во група

Го збогатувам мојот речник

Домашна задача

Почитувани наставници,

Овој учебник е составен според содржините на наставната програма за петто одделение на деветгодишното основно образование.

Во учебникот се предложени текстови, песни, техники на работа, активности и задачи за учениците, со чија помош тие би биле во голема мера активни за време на часовите. Во текот на работата, вие и вашите ученици ќе определите кои содржини ќе ги преземете за училишните активности, а кои за домашна работа. Овој учебник ќе ви помогне да утврдите колку учениците ги усвоиле содржините, поимите и стандардите.

Вам и на учениците ви посакуваме пријатна и успешна работа со учебникот.

Со почит,

Авторките на учебникот

# СОДРЖИНА


ЕДЕН МАЛ ДЕЛ ОД МОЈОТ ЛЕТЕН РАСПУСТ ... 9

УЧИЛИШТЕ ...10

ЈАЗИКОТ КАКО СРЕДСТВО ЗА ОПШТЕЊЕ ...12

СИГНАЛИ И СИМБОЛИ (ЗНАЦИ) КАКО ПОМОШНО СРЕДСТВО ЗА ОПШТЕЊЕ ...14

МАГИЈАТА НА ЗБОРОВИТЕ ... 15

ЈАЗИЧЕН ДЕТЕКТИВ ... 17

УСНА И ПИСМЕНА КОМУНИКАЦИЈА ... 20

МЕДИУМИ И МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ... 21

ТРАДИЦИОНАЛНИ И ДИГИТАЛНИ МЕДИУМИ ... 21

УБАВИНИ ... 23

СРЕЌЕН ДЕН ЗА БЛАШКО ... 25

ДЕВЕТТЕ ПИЛИЊА ... 27

НОВО ДРУГАРСТВО ... 29

ГО ПРОШИРУВАМ МОЕТО ЗНАЕЊЕ ЗА ИМЕНКИТЕ ... 31

ВЕЖБИ ЗА ИМЕНКИ ... 33

ПРАЗНУВАЊЕ ... 36

ЃЕВРЕЧЕ ... 37

ЕСЕН ... 40

САМОГЛАСКИ И СОГЛАСКИ ... 41

АКЦЕНТ ... 42

НЕКАНЕТИ ГОСТИ (ДИЈАЛЕКТ)...43

КОЈ ТИ ЈА ДАЛ СЛОБОДАТА ... 45

ПРИДАВКИ/МАТЕРИЈАЛНИ ПРИДАВКИ ... 46

БРОЈНИ ПРИДАВКИ ... 47

СТЕПЕНУВАЊЕ НА ПРИДАВКИТЕ ... 49

ЈАРЕНЦА ... 51

ЉУБОПИТНАТА ПЛАНИНА ... 52

ДРВАРСКА ПРИКАЗНА ..................................................................................... 56
ПАТНИКОТ ШТО МУ ДАДЕ ВЕЛЕНЦЕ НА ДРУГАРОТ ................................... 58
БИЛЈАНА ПЛАТНО БЕЛЕШЕ (НАРОДНА ПЕСНА) ....................................... 59
АВТОРСКА И НАРОДНА ПОЕЗИЈА (РАЗЛИКИ) ............................................. 61
НЕПОТКОВАНА ЖЕЛБА .................................................................................. 62
ГО ПРОВЕРУВАМ СВОЕТО ЗНАЕЊЕ ............................................................. 63
ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ЗБОРОТ ОД ЕДЕН РЕД ВО ДРУГ ................... 66
ШУМСКО УЧИЛИШТЕ – ПОИМ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ .......................................67
ИНФОРМАЦИЈА, ВЕСТ, ИНТЕРВЈУ ................................................................ 69
РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ ИНФОРМАЦИИ ............................................................. 71
КАПКА ШТО ДАРУВА ЖИВОТ ........................................................................ 73
ЗАМЕНКИ И ВИДОВИ ЗАМЕНКИ .................................................................... 75
УПОТРЕБА НА ГОЛЕМА ИЛИ НА МАЛА ПОЧЕТНА БУКВА .......................... 78
ГОЛЕМА БУКВА ПРИ ПИШУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ ...................................... 79
ГОСПОДИНОТ СО ЦРН ФРАК ........................................................................ 80
ПУСТИНСКИОТ БРОД ....................................................................................... 83
ШАРЕН СВЕТ ....................................................................................................... 86
ПРИЛОЗИ ............................................................................................................ 87
СВРЗНИЦИ .......................................................................................................... 89
УБАВ ЗБОР ........................................................................................................... 91
ЗБОРОВИ СО СПРОТИВНО ЗНАЧЕЊЕ ......................................................... 93
ЗБОРОВИ СО ИСТО ИЛИ СО СЛИЧНО ЗНАЧЕЊЕ ...................................... 95
ИСТИ ЗБОРОВИ СО РАЗЛИЧНИ ЗНАЧЕЊА .................................................. 96
ПРЕНОСНО ЗНАЧЕЊЕ НА ЗБОРОВИ, ИЗРАЗИ И РЕЧЕНИЦИ .................... 97
ЗИМА...................................................................................................................... 98
ГЛАГОЛИ ............................................................................................................. 99
НОВОГОДИШЕН СОН ....................................................................................... 100
ДНЕВЕН РЕД ЗА ВЛЕГУВАЊЕ НА НОВАТА ГОДИНА ................................. 102
ГО ПРОВЕРУВАМ СВОЕТО ЗНАЕЊЕ ............................................................. 103
БЛИЗНАЦИ ..........................................................................................................106

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРИМЕР ........................................................................ 109
САНКА ........................................................................................ 110
СЕГАШНО ВРЕМЕ ............................................................................ 112
МИНАТО ВРЕМЕ ............................................................................. 114
ИДНО ВРЕМЕ – КАКО СЕ ШЕГУВААТ ОГЛЕДАЛАТА ..................................... 115
ЈАС СУМ ДОБАР ЧОВЕК ......................................................................118
ЗАПОВЕДЕН НАЧИН КАЈ ГЛАГОЛИТЕ ...................................................... 120
ДА ЖИВЕЕ ЉУБОВТА ...........................................................................121
ПРАВЕДНА ПРЕСУДА ......................................................................... 123
НЕШТО ПОВЕЌЕ ЗА ДИРЕКТНИОТ И ЗА ИНДИРЕКТНИОТ ГОВОР .......... 126
ВЕЖБИ ЗА РАСКАЖУВАЊЕ И ПРЕРАСКАЖУВАЊЕ ..................................128
ВЕЖБИ ЗА ОПИШУВАЊЕ ...................................................................... 130
КРАЛОТ ЛИР ................................................................................... 133
ПЕСНА ЗА ЖЕНАТА ............................................................................ 134
ЈА ПРОВЕРУВАМ СВОЈАТА БРЗИНА НА ЧИТАЊЕ ..................................... 135
ПИСМО ........................................................................................ 137
РЕЧЕНИЦА И РЕЧЕНИЧНИ ЧЛЕНОВИ ....................................................... 138
СКРАТЕНИЦИ И СКРАТУВАЊА НА ЗБОРОВИТЕ ........................................ 140
ТАНЦОТ ШТО СМИРУВА ....................................................................... 142
НАРОДНО ТВОРЕШТВО – БИТОЛА МОЈ РОДЕН КРАЈ ................................ 144
НАРОДНО ТВОРЕШТВО – ПРАВИНАТА И КРИВИНАТА ............................... 145
ШТРКОВИТЕ СЕ ВРАЌААТ ДОМА ............................................................ 147
ВОЛШЕБНИЦА .................................................................................. 149
ГО ПРОВЕРУВАМ СВОЕТО ЗНАЕЊЕ ......................................................... 150
ЅВЕЗДА ......................................................................................... 154
ЗА ПОУБАВ СВЕТ .............................................................................. 156
ИСПРЕВРТЕН ТЕКСТ ........................................................................... 157
ДЕЦА АМБАСАДОРИ ........................................................................... 159
„ВРЕДНИ“ ДЕЦА – „ЧИСТИ“ ДВОРОВИ ..................................................... 161
ВЕЛОСИПЕД ..................................................................................... 163

ПРВОАПРИЛСКИ СТРАНИЦИ ........................................................................ 165
НОВОНЕФОРМИРАН ЦИРКУС ..................................................................... 167
МАРКОВИОТ АТЛАС ........................................................................................ 170
КОНТИНЕНТИТЕ ВО СВЕТОТ .........................................................................172
КАКО ПРАЗНУВАМЕ ВО НАШИОТ ДОМ ......................................................173
ХАСАН И МАГАРЕТО ....................................................................................... 174
КАКО ПОЧНУВА ЕДНА ПРИКАЗНА – СЛОБОДЕН ДЕН ............................... 175
ДЕВОЈЧЕТО СО ЗЛАТНО СРЦЕ .................................................................... 177
АЈ, АЈ, НА ПРВИ МАЈ ........................................................................................180
АЈ, АЈ, АЈ, ШТО Е УБАВ МЕСЕЦ МАЈ ........................................................... 181
ПЕСНА ЗА РАЃАЊЕТО НА ГОЦЕ .................................................................. 183
ЗА ПРИЈАТЕЛСТВОТО МЕЃУ ЛУЃЕТО ........................................................ 184
СОЦИЈАЛНИ (ДРУЖБЕНИ) МЕДИУМИ ..........................................................186
ФАКТИ И МИСЛЕЊА ........................................................................................ 187
ВОЛТ ДИЗНИ ..................................................................................................... 189
КИРИЛ И МЕТОДИЈ – ОСНОВОПОЛОЖНИЦИ НА СЛОВЕНСКАТА ПИСМЕНОСТ ...................................................................................................... 191
ВО ЧЕСТ НА НАШИТЕ УЧИТЕЛИ ................................................................... 192
ЗАГАТКА ИЛИ АВАНТУРА ............................................................................... 193
НАЈЛОШАТА ИДЕЈА НА СВЕТОТ ................................................................... 195
ПОСЛЕДНИОТ ЧАС .......................................................................................... 197
СТРАНИЦИ ПЛУС – МИСЛИ, МУДРОСТИ, ФАКТИ ........................................ 199
АВТОРИ КОИ СЕ ДЕЛ ОД УЧЕБНИКОТ ......................................................... 202

# ЕДЕН МАЛ ДЕЛ ОД МОЈОТ ЛЕТЕН РАСПУСТ

Разгледај и воочи која слика одговара на твојот летен распуст. Раскажи усно за твоите омилени моменти од летниот распуст. Изразувај се правилно.



Одмор со семејството или со другари/другарки на езеро или море.

Одмор со семејството или со другари/другарки на планина/извиднички камп.





Одмор во домот со семејството и/или со блиски роднини.

Одмор на село кај баба/дедо/роднини.



Во твојата тетратка опиши еден или повеќе убави моменти од твојот летен распуст. Користи јасни и правилни реченици.

# УЧИЛИШТЕ

Сигурно сум уште мал
и не ми е баш јасно,
зошто на училиште одам
некој нека ми каже гласно!

Наставничката прва се јави
да ми одговори искрено и чесно,
училиштето патека ти прави
по неа да чекориш лесно!

Ставив прст на чело,
што ли сака таа да ми каже,
па застанав пред неа смело,
пример за тоа да ми го покаже!

Со насмевка и тивок глас
ми објасни пред целиот клас,
дека во животот треба многу да знам
и во него да се снаоѓам сам!

Училиштето е Рубикова коцка
треба да научиш да ја редиш,
ќе биде тешко и ќе боцка,
но ќе ја наместиш и ќе вредиш!



## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

- Што не му е јасно на ученикот во оваа песна?
- Како ги разбираш зборовите на наставничката:

  „училиштето патека ти прави, по неа да чекориш лесно“?
- Објасни ги стиховите:

  „во животот треба многу да знам

  и во него да се снаоѓам сам!“
- Објасни како ја разбираш последната строфа од песната!
- Со што наставничката го споредува училиштето? Со што би го споредил ти?

## ДА СЕ ПОТСЕТИМЕ

**Стих** е еден ред од песната.

Неколку стиха групирани во мала смисловна целина прават **строфа**.

**Песна** е литературна творба напишана во стихови.

**Поезијата** се пишува во стихови.

**Рима** е гласовно совпаѓање на исти слогови на крајот од два или повеќе стихови.

Авторот/авторката што пишува поезија се вика **поет/поетеса**.

Следи ги насоките за да одговориш на задачата. Работи во твојата тетратка.

| РЕЧНИК ВО ЧЕТИРИ АГЛИ | |
|---|---|
| ЗБОР | СОСТАВИ НОВА РЕЧЕНИЦА СО ЗБОРОТ |
| **РУБИКОВА** ↓ | |
| ПРЕПИШИ ГО СТИХОТ ВО КОЈ ГО ИМА ЗБОРОТ | ИЛУСТРАЦИЈА НА СТИХОТ |
| → | ↑ |

Научи изразно да ја рецитираш песната!

# ЈАЗИКОТ КАКО СРЕДСТВО ЗА ОПШТЕЊЕ

- На кој начин комуницираш со некого?
- Според тебе што е јазик?
- Кој јазик е мајчин јазик?





**ЗАПОМНИ**

Луѓето меѓу себе општат, комуницираат со најсовршеното средство – **ЈАЗИКОТ**.
Јазикот е систем од знаци што се употребуваат за меѓусебно разбирање.
Јазикот е основно средство за општење – одржување врска, контакт со некого.
Општењето е способност на човекот да разменува пораки.
Општењето со помош на јазикот се нарекува
**ВЕРБАЛНА КОМУНИКАЦИЈА**.

- **Дали секогаш се разбираме со помош на јазикот? Што дознаваме од дадените слики?**





**ЗАПОМНИ**

Постојат и **ПОМОШНИ** средства за пренесување и примање информации, а тоа се гестовите, мимиките, говорот на телото, симболите и сигналите. Многу често се наоѓаме во ситуација да општиме без да го употребуваме јазикот. Според изразот на лицето и држењето на телото ние примаме и пренесуваме одредени информации. Овој начин на општење се нарекува **НЕВЕРБАЛНА КОМУНИКАЦИЈА**.

Обиди се да откриеш на која слика одговара секој опис.











Ризница од зборови:

1. ТАЖНА, 2. ЗАМИСЛЕН, 3. ЛУТА, 4. СРЕЌЕН, 5. БОЛНА, 6. ИСПЛАШЕНА, 7. РАСПЛАКАН, 8. НЕСИГУРНА, 9. ~~НЕТРПЕЛИВ~~










# СИГНАЛИ И СИМБОЛИ (ЗНАЦИ) КАКО ПОМОШНО СРЕДСТВО ЗА ОПШТЕЊЕ



Што дознаваме од овие знаци?

Каде ги среќаваме овие знаци?

Како луѓето од цел свет го разбираат значењето на знаците?

Дали знаеш некои други знаци? Објасни го нивното значење?

**ТРЕБА ДА ЗНАЕШ**

Покрај јазикот како основно средство за општење, луѓето можат да се разбираат: со слики, симболи (знаци) со звучни и светлосни сигнали, со мимики и гестови.

Размисли како комуницираат овие лица. Зошто?





Организирајте игра со пантомима во парови. На твојот другар/другарка со гестови и мимики обиди се да му/ѝ претставиш еден предмет, кој се наоѓа во твојата училница. Тој/таа треба да го погоди предметот. Потоа сменете си ги улогите.

# МАГИЈАТА НА ЗБОРОВИТЕ

Најмногу приказни во детството имам слушано од татко ми. Сега, по толку изминати години, се прашувам од каде му беше таа необична раскажувачка дарба, кога тој беше само полуписмен селанец.

Зборовите вткаени во неговите приказни добиваат некое празнично, би рекол поинакво значење од оние што ние ги изговараме секој ден. Впрочем, тие беа единствениот материјал од кој татко ми ја градеше приказната. Тој не употребуваше некои непознати, особено звучни или неразбирливи зборови. Напротив, се служеше со истите оние зборови што ги знаеме сите, што ги употребуваме постојано и секаде, како: леб, сон, вода, боли...

Кога ќе почнеше да раскажува, тој не мавташе со рацете за да дообјасни нешто, за кое други луѓе не наоѓаат соодветни зборови. Не ги кокореше очите за да покаже колку страшна била вештерката или вампирот ако се спомнуваа во приказната. Со лицето, ниту со усните не правеше никакви гримаси. Во очите му беше заседнал некој таен, внатрешен пламен, со некоја необјаснива светлина на длабока и кротка човечка добрина. А зборовите течеа спокојно како широка и голема вода.



Јас му бев најверен слушател. Додека го слушав, небаре гледав како сребрената игла на некоја горска самовила везилка минува низ везилото, со опаш од златен конец по себе. Тој златен конец од живи, сочни зборови создаваше исто така живи ликови и слики: тажни принцези затворени во мраморни замоци, весели овчарки крај бели стада овци по зелени рудини, ненаситни чорбаџии со полни азна пари и гладни дечиња крај распаднати селски плотови... Пред очите ми прелетуваа и претрчуваа златоклунести птици или златороги елени што може да ги создаде само фантазијата на еден сиромашен селанец, чии четири деца често си легнуваа гладни... Во занесот можев да ја кренам раката за да откинам некој зрел безимен плод од гранките на дарежливото дрво што расте на крајот на светот или да скинам некој волшебен цвет што донесува здравје, среќа и богатство...

Зборовите од татковите приказни се слеваа во такво хармонично созвучје, небаре слушав говор на вода, песна на птици и тивко шушкање на лисја низ кои тивко поминува ветрот. Дури и тишината во тие приказни беше некако жива, дишеше како некое притаено, заспано непознато суштество, кое секој миг треба да се разбуди.

**Видое Подгорец**

**кокори** – гледа со широко отворени очи
**небаре** – како да
**мраморни** – мермерни
**рудина** – планинска полјана
**азно** – богатство
**плот** – ограда од преплетени прачки
**созвучје** – едновремено звучење на повеќе тонови







## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Објасни како ги разбираш речениците:

- „Зборовите беа единствениот материјал од кој татко ми ја градеше приказната.“
- „Кога ќе почнеше да раскажува, тој не мавташе со рацете за да дообјасни нешто, за кое други луѓе не наоѓаат соодветни зборови.“
- „Пред очите ми прелетуваа и претрчуваа златоклунести птици или златороги елени што може да ги создаде само фантазијата на еден сиромашен селанец, чии четири деца често си легнуваа гладни.“
- Со што сè се споредуваат зборовите на таткото?

**Прочитај го текстот повеќепати.**
**Обиди се да го откриеш значењето на секоја реченица од текстот.**
**Во многу од речениците ќе откриеш силни „скриени пораки“.**

# ЈАЗИЧЕН ДЕТЕКТИВ

Размисли што значи: „Јазичен детектив“

Ликови:

ТАТКОТО НИКОЛА

МАЈКАТА МАРИЈА

СИНЧЕТО МИЛЕ



Таткото и мајката се во дневната, убаво се оптегнале на троседот и спокојно си разговараат. Миле клекнал зад троседот и со магнетофон го снима разговорот.

НИКОЛА: Денеска поминав во сервисот за перење коли. Сто денари дадов и сега автомобилот свети.

МАРИЈА: Го промени уљето?

НИКОЛА: Заборавив.

МАРИЈА: Вчера кога го возев, нешто мењачот како да ми... Во прва брзина тешко влегува.

НИКОЛА: Старо си е старо.

МАРИЈА: Ќе оди уште некоја година.

НИКОЛА: Ми се поткаснува нешто... Има нешто благо?

МАРИЈА: Ако останало од воќната торта.

(Миле, на ова – ВОЌНАТА, скока од зад троседот)

НИКОЛА: Тиии!!!... Што бараш тука, а?

МАРИЈА: Ми застана срцето!... Па, нели беше во детската?

МИЛЕ: Значи, ве исплашив, требаше да бидам во детската... Има уште?

НИКОЛА: (погледнува зад троседот) Што е ова?

МИЛЕ: Магнетофонче.

НИКОЛА: Си нè снимал?!... Да не е озвучен целиот стан, а?

МАРИЈА: Леле, ова дете... Те молам мамичка... Што се случува со тебе?

НИКОЛА: Пред некој ден беше скриен во регалот. Во саботата ни излезе од под маса... И само си молчиш.

МИЛЕ: ...Молчам.

НИКОЛА: Дојди!... Седни до ме-не... Ако е некоја нова игра, кажи, ќе играме заедно.

МИЛЕ: Игра?!... Ова ви личи на игра?!



МАРИЈА: Нешто да не сме ти згрешиле или... Не знам што да мислам, како некое друго дете да си.

МИЛЕ: Сега очекувате нешто да кажам и да... Изјави не давам.

НИКОЛА: Опаа!... Работава е сериозна...

МАРИЈА: Да не си член на некоја тајна ооо...

НИКОЛА: Еј, Еј, жено... Види сега, биди малку трпелива и... Оди донеси од воќната торта.

МИЛЕ: Воќни торти не јадам. Поради таа, воќната, ме откривте.

МАРИЈА: Почна да не јадеш од моите торти?

НИКОЛА: Чекај, чекај... Работава е сериозна и...

МИЛЕ: Работава е проста ко грав. Кај нас, драги родители, нема воќна торта. Нема. Ние јадеме само овошни торти.

МАРИЈА: И, сега поради тоа ти...

МИЛЕ: Да е само тоа. Тате, ти забранувам автомобилот да го переш во сервис за перење коли, туку ќе го миеш во сервис за миење автомобили.

НИКОЛА: Интересно... Мошне интересно.

МИЛЕ: Мамичке, ти немаш проблеми со мењачот, туку со менувачот. И не се менува уље, туку се менува масло на сите автомобили.

МАРИЈА: Да, те разбирам. Ама, срце мајкино, ти си дете, треба да си играш, да...

МИЛЕ: Мамо, јас сум... Многу ми е тешко што ме откривте. Да бев помал ќе плачев.

НИКОЛА: Миле, ти си... Нешто си, така?

МИЛЕ: Не смеам да викам... Дојдете поблиску, ќе ви кажам...

МАРИЈА: Луѓе, што ви е вам, а?... Што е ова шепотење?... Се плашам и...

НИКОЛА: Кажи, де!

МИЛЕ: (шепоти) Јазичен детектив.

МАРИЈА: (скока уплашена) Детектив?!... Никола, донеси ми чаша вода, те молам!

НИКОЛА: Јазичен детектив. Ај и ова чудо да го видиме.

МАРИЈА: Јазичен?!... Уште полошо!... Не ќе можеме да си поразговараме како луѓе.

НИКОЛА: Оди исцеди неколку лимуни, да собереме душа. Оди...

МИЛЕ: Од утре, овде, дома, ќе отворам Јазична работилница. Татееее, нема кај нас лимуни, си имаме лимони. Татеее!

**Владо Димовски**

**магнетофон** – апарат со кој со помош на магнетна лента се снима и се произведува звук (музика, говор)

**РАЗМИСЛИ**

Каков е овој текст? Кои лица ги сретна во текстот? Како е опишана сцената? Како ги замислуваш ликовите?

**ЗАПОМНИ**

Овој текст е **ДРАМСКИ ТЕКСТ**. Во драмските текстови ликовите (улогите) водат меѓусебен разговор. Разговорот меѓу два лика или повеќе ликови е форма на говор што се вика **ДИЈАЛОГ**.

Но, во ваквите текстови постојат и делови кога зборува само еден лик. Говорот на едно лице насочено кон самото себе (без соговорник) или кон слушатели се нарекува **МОНОЛОГ**.

Кратките драмски текстови имаат една драмска целина и се нарекуваат **едночинки**. Постојат и подолги драмски текстови со повеќе (целини) **чинови**. Тие најчесто се изведуваат во театар.

**ДИСКУТИРАЈ**

- Дали го оправдуваш однесувањето на Миле? Објасни!
- Дали ти се случило некогаш да бидеш во улога на јазичен детектив? Доколку да, кога и каде?
- Која е идејата на авторот да напише ваков драмски текст?
- Зошто е важно да се користи стандарден јазик?

**ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ**

**Работете во парови.**

Едниот учесник нека ги пронајде **дијалозите**, а другиот **монолозите** во овој драмски текст.

Напиши состав на тема:
**„Јазикот го поврзува светот“.**
Стави се во улога на јазичен детектив и провери го составот на другарот/другарката до тебе.

# УСНА И ПИСМЕНА КОМУНИКАЦИЈА

Со другарите/другарките оптиш секојдневно. На кој начин?

За оптење се потребни **две лица – соговорници**.

Меѓусебно тие можат да разговараат **усно** или да си испраќаат **писмени пораки** или **писма**.



Дамир денеска сака да оди на кино со својата најдобра другарка Сара. Тој го зеде телефонот и реши да ѝ напише порака за да ја праша дали е слободна. Сара му возврати на пораката и се согласи да одат на кино.

(писмена комуникација)

Писмена комуникација се одвива кога испраќаме и примаме пораки писмено, преку телефон, компјутер, писмо итн. Преку писмениот јазик искажуваме идеи, мисли, емоции, раскажуваме приказни, објаснуваме.





Дамир и Сара направија така како што се договорија. Отидоа на кино и гледаа прекрасен филм исполнет со авантури. По излегување од киното тие почнаа да разговараат меѓусебно за впечатоците од филмот.

(усна комуникација)

Преку усната комуникација исто така искажуваме идеи, мисли, емоции, раскажуваме приказни, објаснуваме.

Напиши еден разговор што си го водел/а со твојот/твојата другар/другарка лично или преку пораки и запиши за каков вид комуникација станува збор!

# МЕДИУМИ И МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

**ЌЕ НАУЧИШ**

Што е медиумска писменост? Што се медиуми?
Какви медиуми постојат? Како се делат медиумите?

**МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ** ни овозможува лесно да се снаоѓаме со сите видови текстови, фотографии и видеа од весниците, радиото, телевизијата, интернет-порталите и дружбените (социјалните) мрежи. Тоа значи да можеме да пристапиме, т.е. да дојдеме до овие материјали, да препознаеме што од нив ни треба, а што не ни треба, како да ги разбереме и да процениме што е точно, а што не е точно во нив. Исто така, медиумска писменост значи и тоа да можеме сами да создадеме текстови, пораки, фотографии и видеа што ќе ги објавиме на огласна табла, во весник, на интернет и така натаму.

## ТРАДИЦИОНАЛНИ МЕДИУМИ

Фокусот е на вести и информации!



Емитување на исти информации на голема група луѓе во исто време.






Нема интеракција!



Нема комуникација, односно таа е еднонасочна!

## ДИГИТАЛНИ МЕДИУМИ





Фокусот е на интеракција помеѓу заедницата и пријателите!



Доаѓаме до информации во кое било време на кое било место со помош на интернет.





Членовите можат да коментираат, споделуваат, објавуваат!



Можеш да споделуваш слики, аудио, видео, мултимедија!

## ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

**МЕДИУМИ** се канали за комуникација преку кои се пренесуваат информации или пораки. Разликата е во тоа што преку **традиционалните медиуми** пораките се пренесуваат еднонасочно, од еден испраќач кон повеќе примачи, додека преку **дигиталните медиуми** пренесувањето е повеќенасочно. Примачот на пораките може да реагира на содржините и во истиот момент да врати.

Современите медиуми ни овозможуваат и современ начин на живот и комуникација, но треба да знаеме дека и во дигиталните медиуми има и **предности** и **недостатоци**. Речиси секојдневно пребаруваш на интернет и затоа е важно да знаеш со што можеш да се соочиш.

| **Предности при пребарување содржини на интернет** | **Недостатоци при пребарување содржини на интернет** |
|---|---|
| • Достапност на содржините во секое време;<br>• Брз пристап до која било информација;<br>• Учење од дома;<br>• Го олеснува пристапот до учење;<br>• Содржини за забава и исполнување на слободно време. | • Мала вистинитост на содржината (погрешни информации, дезинформации, штетни информации);<br>• Закани како што се вируси или непожелна пошта (спам);<br>• Изложеност на несакана содржина и содржини за манипулација;<br>• Нарушување на приватноста на информациите. |

Дискутирајте за ова прашање!

Што би направил ако треба на непозната локација на интернет да ги внесеш своите лични податоци додека пребаруваш?

## БИДЕТЕ КРЕАТИВНИ

Изработете книга на паралелката „МЕДИУМИ“. Направете насловна страница. Ќе ви бидат потребни бели листови и училиштен прибор. Поделете се во четири групи. Секоја група ќе има различна тема за задача. На крајот, составете ги сите делови и ќе бидете горди на вашето дело!

1. група – Традиционални медиуми
2. група – Дигитални медиуми
3. група – Предности при пребарување содржини на интернет
4. група – Недостатоци при пребарување содржини на интернет

Во својата тетратка нацртај цвет и во ливчињата запиши неколку збора што те асоцираат на зборот ТАТКОВИНА!




## УБАВИНИ

По полиња кај што зреат
жолти класје, дрочен плод,
јас те гледам, земјо мила,
под син сончев небосвод.

Крај езерски води ширни,
со прекрасни топли лета,
ти си за нас, земјо мила,
цвет в градина што цвета.



Во секој град и секое село,
и во секој убав крај,
ти си за нас, земјо мила,
распеан и цветен мај.

Во лисни гори и планини,
кај што славеј гласно пее,
ти си за нас, земјо мила,
наше сонце кое грее.





**Саво Костадиновски**

**дрочен** – голем, буен, крупен

**небосвод** – небо, небесен, свод

## РАЗГОВОР ЗА ПЕСНАТА

- Кое основно чувство е изразено во песната „Убавини“?
- Со кои зборови поетот ја истакнал убавината на нашата татковина?
- Со што поетот ја споредува својата татковина? Зошто?
- Какви чувства поетот изразува кон татковината?
- Што претставува татковината за поетот? Што претставува за тебе?

## ЗАПОМНИ

Песните во кои се искажува љубовта и почитта кон татковината се нарекуваат **ПАТРИОТСКИ ПЕСНИ**.

## Нешто повеќе за поезијата

Песните во кои поетот ги изразува своите мисли и чувства се нарекуваат **лирски песни**. Чувствата можат да бидат кон некоја личност, предмет или појава што на поетот му оставила силен впечаток. ПАТРИОТСКИТЕ песни спаѓаат во групата ЛИРСКИ песни. Постојат и други видови лирски песни како што се ПЕЈЗАЖНИТЕ и ХУМОРИСТИЧНИТЕ песни.

**ЛИРСКИ ПЕСНИ**

ПАТРИОТСКИ

ХУМОРИСТИЧНИ

ПЕЈЗАЖНИ

Научи изразно да ја рецитираш песната!

Обиди се да напишеш стихови за татковината!

# СРЕЌЕН ДЕН ЗА БЛАШКО

Пет минути до девет часот!

Поли сè уште ја нема, очите ме заболеа од зјапање во сите правци. Стојам пред влезот на Градската болница. Тато Мартин и мама Грозданка овде „висат“ од шест наутро. Последната вест од белите болнички коридори е дека дедо Боб го однеле на операција.



Поли се појави меѓу паркираните автомобили. Мислев дека ќе избега штом ќе забележи дека не сум сам. Но, таа не се колебаше ниту миг. Пристапи и нè поздрави. Тато и мама се погледнаа, а јас побрзав да ги запознам со мојата дежурна другарка. Сакав да се ракуваат како во филмовите!

– Ова девојче е Поли. Заедно учиме... Овој што личи на мене е тато Мартин и мисли дека го измислил маркетингот! Мама, иако се вика Грозданка, воопшто не го сака грозјето!

Сакав да плиснам малку ведрина врз нашите лица посивени од грижа. Поли брзо сфати за што станува збор. Таа праша како е дедо Боб.

– Чекаме... Чекаме! – воздивна тато.

Не можев веќе да чекам. Стаклената врата беше заклучена, но јас го искористив случајот кога двајца лекари излегуваа, па се вовлеков меѓу нив и трчав по црвените скали најбрзо што можев. Речиси се судрив со една медицинска сестра која слегуваше.

– Каде... каде е шок-собата? – реков без здив.

– Онаму, лево! Што се случило момче?

Лево, лево! На крајот на ходникот, голема двокрилна врата. Прочитав: Шок-соба. Ене еден болничар турка празна количка. Зачуден е што ме гледа тука, се премислува дали да ме искара или да го продолжи патот. Храбро застанав пред него.



– Чичко, да прашам... за дедо ми... Борис Зарковски... утрово е опериран... чир!

– Сè ми кажа! Почекај тука.

Влезе во една соба. Го немаше неколку минути, цела вечност. Но, еве го, се враќа.

– Дедо ти е добро! Се освестил, закрепнува под интензивна нега. Што не ми кажа дека се викал Боб? Те поздрави со некоја шифра. Рече: „Оној Што Свирка безгрижно нека свирка!“

Бев возбуден, заборавив да се заблагодарам. Трчав удолу по црвените скали.

– Мамо! Тато! Поли! Нашиот Боб е успешно опериран и закрепнува. Жив е, ќе оздрави и ќе ни се врати!

– А јас денеска не се враќам на работа! Ова треба да се прослави! – низ солзи рече мама.

– Но, јас морам! – рече тато Мартин. – Ќе ги разгледам најновите туристички понуди да одберам некое одморалиште за бањско лекување за оној наш стар Индијанец!

– Дај им некој денар на децава, да се почестат! – го потсети мама.

Тато Мартин денеска беше дарежлив. Има пари и за појадок и за слатки. Има една слаткарница покрај кејот. Заврна. Врне, а јас наоколу гледам среќни лица, пламнати цвеќиња, нежнозелени тревници... Поли, Поли! меѓу нас двајцата почнува да цути времето на нежно другарство!

**Велко Неделковски**

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Кои ликови се споменати во текстот?
- Кој го раскажува настанот?
- Зошто овој текст има наслов „Среќен ден за Блашко“?
- Опиши го ликот на Блашко.
- Што можеш да откриеш за Поли и Блашко од овој текст?
- Како ја разбираш последната реченица од текстот?

**ТЕМА** е она за што се зборува во една творба. Таа најчесто е поврзана со насловот. **Тема** во овој текст е среќата на внукот заради оздравувањето на својот дедо и раѓањето на едно поинакво нежно другарство.

**ДНЕВНИК СО ДВОЕН ЗАПИС**

Одреди дел од текстот (цитат) што ти остави најголем впечаток.

Образложи зошто го одбра токму тој дел? Какви чувства поттикна кај тебе? Коментирај по твое доживување и размислување.

**коридор** – ходник што спојува некои делови на куќа или зграда
**чир** – оток на ткивото со рана или полн со гној

# ДЕВЕТТЕ ПИЛИЊА



Една кокошка имала девет пилиња. Секое пиле имало свое име. Деветтото пиле било најмало и се викало Жолтко.

Кога квачката ќе нашла некое зрно, сите пилиња се радувале, а Жолтко се лутел и велел:

– Штета што сме девет! Кога би бил сам, секое зрно би било мое.

Еднаш квачката им ветила на пилињата дека од полето ќе им донесе цел клас.

Го прелетала плотот, а пилињата чекале во дворот. Осумте пилиња се радувале што ќе ги поделат зрната од класот, а Жолтко помислил:

„Ќе одам да ја пресретнам мајка ми, па ќе ја замолам да ми го даде целиот клас и сите зрна ќе ги изедам само јас“.

Отишол Жолтко скришно од другите. Но, во градината зад дворот имало дупка. Жолтко паднал во дупката и не можел да излезе. Цивкал и тагувал, но никој не го слушнал.

Кога квачката се вратила во дворот, веднаш забележала дека го нема Жолтко. Ги прашала другите пилиња:



– Каде е нашиот Жолтко?

Ниедно пиле не знаело да каже што станало со Жолтко. Сите се растрчале низ дворот да го бараат. Едно од пилињата отишло во градината. Слушнало цивкање и тргнало во насоката од каде што доаѓал гласот. Кога таму, неговото братче паднало во дупката!

– Почекај, почекај! Ќе ти фрлам прачка и по неа ќе излезеш од дупката – рекло пилето.

Но, тоа не помогнало. Дупката била длабока. Жолтко почнал да тагува:

– Ќе пропаднам, несреќник сум! Ќе пропаднам! Ах, што не се овде сите мои браќа и сестри!

Неговата сестра отрчала и ги повикала и другите пилиња.

Кога слушнале, сите веднаш дотрчале. Собирале во градината трева, лисја, гранчиња и сè што ќе најделе, а потоа ги спуштале во дупката, која брзо се полнела. Жолтко бил сè поблиску до излезот.



Наеднаш – оп! Жолтко излегол од дупката. Колку многу бил радосен што се спасил! Скокал околу мајка си, околу братчињата и сестричињата и велел:

– Среќен сум што сме девет. Да бев сам, ќе пропаднев.

**плот** – ограда од преплетени прачки, штици, жици

**ќе пропадне** – ќе исчезне, ќе се загуби

**Ханс Кристијан Андерсен**

## РАЗГОВОР ЗА ТЕКСТОТ

- Наведи неколку особини на најмалото пиленце!
- Пронајди ја реченицата во која е опишана намерата на Жолтко во врска со ветениот клас!
- Издвој ја реченицата во која е опишана несреќата на Жолтко!
- Што сфатил Жолтко откако го спасиле братчињата и сестричињата?
- Размисли која народна поговорка најмногу би одговарала на овој текст?

**ИДЕЈА** е основната мисла во творбата, пораката што авторот сака да ни ја пренесе. **Пораката/идејата** што авторот ни ја праќа преку содржината на овој текст е дека со сложно живеење и помагање можат да се надминат сите проблеми.

## НЕШТО ПОВЕЌЕ

На крајот на учебникот можеш да прочиташ нешто повеќе за авторот Ханс Кристијан Андерсен. Дознај повеќе за неговото творештво!

# НОВО ДРУГАРСТВО

Во петто-два одделение имаше еден Дарко кој беше познат во училиштето по тоа што беше големо „задевало“. Им се потсмеваше на помалите ученици. Им дофрлуваше на девојчињата. Им ставаше други имиња на децата од одделението, а понекогаш на големите одмори знаеше да стави и по некоја сопка и да направи вистинска беља. Хана ја викаше Хана-банана, Верка-пиперка, Мила-свила, Дафина-мафина! Тој мислеше дека е интересен и затоа ги правеше сите тие работи. Но, всушност, повеќето деца навистина не можеа да го прифатат неговото однесување и затоа го одбегнуваа. Околу него се врткаа само Лазе, Стефан и Дамир од другото одделение, затоа што беа слични на него. Кога на одморите сите четворица одеа заедно, беа „одбрана дружина“ и се чувствуваа како училиштето да е нивна сопственост!

Секој ден на големиот одмор „одбраната дружина“ си наоѓаше по една „жртва“ на која се трудеа да ѝ го уништат денот. Му дојде ред и на Анел од неговото одделение.

Анел си ја јадеше својата ужинка во училишниот двор и си ја читаше последната лекција по природни науки. Дружината го забележа дека чита и веднаш сите четворица тргнаа кон него. Почнаа да му дофрлуваат:

– Еј, видете го овој колку е „најпаметен“... Земал да чита на голем одмор! – се кикотеа сите на глас. Анел не им обрнуваше внимание. Продолжуваше да си јаде и да си чита. Но, дружината не го оставаше намира. Се доближија до него и почнаа да му ја тегнат книгата, да го удираат со прсти по главата и да го влечат за блузата.




– Ееej, па вие сте биле многу „јаки“. Сте се собрале четворица на еден. И што сега? Ќе ми ја искинете книгата? Ќе ме натепате? – со смеење им се обрати Анел.

– Зошто се смееш? Што ти е смешно? – зајадливо праша Дамир.

– Сите му биле петки! Бил многу паметен и досетлив! – цинично извика Дарко.

Точно Даре! Таков сум! Сега, веднаш, можам да те „крстам“ како што ти ги „крстиш“ сите девојчиња и момчиња! – без никаков страв му се спротивстави Анел.

Дарко се замисли.

– Еј Даре, што се замисли? Сигурно откри како може да се римува твоето име, Даре? – почна да се смешка Анел.

Дарко, бидејќи беше „експерт за римување“ точно знаеше со кој збор може да се римува името Даре. Се замолча. Преостанатите од дружината прашуваа:

– Ајде, ако си толку паметен кажи како ќе го крстиш нашиот Даре! – викаа сите тројца.

– Не, не кажувам јас! Тој сам ќе си каже! Ајде Даре! – се смееше Анел.

Дарко собра сили и нервозно извика:

– Даре-магаре! Јас сум Даре-магаре! – со солзи во очите повторуваше тој.

– Леле Даре! Како така зборуваш? Зар самиот себе се нарекуваш Даре-магаре? Аааа, немој така! Не ти личи! – го убедуваше Анел.

Другарите од дружината се смееја најгласно што можеа и го повторуваа името Даре-магаре!

Тогаш Анел стана сериозен. Ги собра веѓите и рече гласно:

– Срамота за вас! Така ли се нарекува најдобриот другар?! Јас воопшто не помислив дека Дарко ќе си го даде тоа име!

– А што мислеше ти млад господине? – плачејќи праша Дарко.

– Јас мислев дека си Дарко-другарко! – со насмеано лице му се обрати Анел.

Настана тишина.

– Навистина така мислиш за мене? – изненадено праша Дарко?

– Секако! – уверливо извика Анел!



– Какви другари сте вие тројца? Веднаш почнавте да ме исмевате?! – им се обрати Дарко на своите другари. – Веќе не сакам да се дружам со вас штом мислите дека сум Даре-магаре! Ќе се дружам со тој што за мене мисли дека сум другар, а тоа е Анел кој ме нарече Дарко-другарко!

Се слушна долгото училишно ѕвонче кое го означи крајот на големиот одмор. Дарко го прегрна Анел и заедно тргнаа кон својата училница. Од тој ден станаа најдобри другари.

**Марија Богатиновска**

Откако го прочита текстот, провери колку си ја разбрал содржината.

**1.** Дејството во овој текст се случува во:

а) парк б) училница в) училиштен двор г) на улица

**2**. Даре бил познат по тоа што:

а) бил големо задевало б) користел убави зборови

в) помагал на другарите г) читал на големиот одмор

**3.** Даре бил „експерт“ за:

а) другарување б) римување в) смирување г) читање

## ДИСКУТИРАЈТЕ

- Зошто дружината на Дарко ја викале „одбраната дружина“? Дали познаваш некоја таква дружина? Како го оценуваш таквото однесување?
- Како ја оценуваш постапката на другарите на Дарко кога почнале да се исмеваат на прекарот „Даре-магаре“, што всушност Даре си го дал сам?
- Опиши ги карактерните особини на Анел.

## ТРКАЛО СО ПРАШАЊА

Со својот другар/другарка со помош на **тркалото** составете прашања што се однесуваат на текстот и одговорете ги.




## ЗАПОМНИ

**РАСКАЗ** е кратка творба во која се раскажува за еден настан или еден момент од животот на главниот лик. Понекогаш можат да се споменат и други настани и ликови што се тесно поврзани со главниот настан и лик.

# ГО ПРОШИРУВАМ МОЕТО ЗНАЕЊЕ ЗА ИМЕНКИТЕ

Знаеме што се именки!



Има именки од трите рода – машки, женски и среден род!



Има именки во еднина и во множина!

На пример, мачор, мачка, маче     мачор-мачори, мачка-мачки, маче-мачиња

- **Именки** се зборови со кои се именуваат лица, суштества, предмети, појави и поими.

- Именките се делат на **општи** и **сопствени**.

- **Општите именки** именуваат предмети или суштества што имаат заеднички, општи карактеристики.
  На пример, ученик, куче, полица, радост, насмевка, маса, часовник, слика, девојче, момче, соба...



- **Сопствените именки** именуваат единечни предмети и суштества.
  На пример:

✓ Имиња на луѓе и животни, презимиња, прекари – Елена, Владо, Џери, Шарка, Василевски, Карпош
✓ Географски поими – Велес, Црн Дрим, Кожуф, Пелагонија
✓ Имиња на институции – Сала „Борис Трајковски“
✓ Имиња на празници – Велигден, Рамазан Бајрам, 8 Септември
✓ Имиња на списанија, весници, книги, емисии – „Вечер“, „Развигор“, „Малиот принц“, „Ѕвон“
✓ Имиња на објекти – Хотел „Сонце“, Трговски центар „Мавровка“.

**Сопствените именки се пишуваат со голема почетна буква.**

- Општите именки се делат на **конкретни** и **апстрактни**.
- **Конкретните именки** именуваат лица, предмети растенија и суштества од природата што можеме да ги допреме и да ги видиме. На пример, книга, дете, дрво, птица, цвеќе, врата.
- Она што е нематеријално, што не можеме да го видиме и допреме, но можеме да го почувствуваме или да го замислиме, се именува со **апстрактни именки**. На пример, радост, возбуда, љубов, страв, воздух, болка.

**Конкретните именки се делат на материјални и збирни.**




**ЗАПОМНИ**

**Збирните именки** именуваат множество од исти предмети што претставуваат целост. На пример, народ, население, мебел, членство, стока, свет, стопанство...

- На улицата се насобра многу свет.
- Библиотекарот напиша известување до целото членство.

Именките со кои се именува материјалот на предметите се нарекуваат **материјални именки**. На пример, железо, лен, какао, волна, бетон, вар, сол... Постојат и именки што имаат само **множинска форма**, на пример: ножици, панталони, очила, фармерки и др.

**ПРОВЕРИ СЕ!**

Пронајди го натрапникот! Објасни зошто не припаѓа во групата.

1. памук, волна, шише, сол
2. кревет, мебел, свет, народ
3. среќа, вреќа, страв, лутина
4. Јасна, Радика, Штип, село

# ВЕЖБИ ЗА ИМЕНКИ

1. Работи со другар/другарка. Кажувајте си именки. Ако другарот /другарката ти каже именка во еднина, ти промени ја во множина и обратно. Кажувајте наизменично. Бележете ги точните одговори!

**Сите вежби работи ги во тетратката!**

2. До секоја именка напиши **К** ако е конкретна или **А** ако е апстрактна!

| | | | |
|---|---|---|---|
| љубов | фрижидер | тага | ранец |
| чевли | возбуда | глад | есен |
| круша | чадор | желба | леб |
| среќа | радост | блуза | прстен |

3. Пронајди ги и обележи ги збирните именки!

членство, кревет, тетратки, мебел,

ученик, свет, население, чаши

4. Напиши **Т** до именката што е правилно напишана и **Н** до именката што не е правилно напишана!

| | | | |
|---|---|---|---|
| Прилеп | круша | матеј | Водици |
| Гостивар | брегалница | Крушево | „Орхан“ |
| митевски | „росица“ | компјутер | Скопје |

5. Напиши шест реченици во кои ќе употребиш по една:

а) општа　　б) сопствена　　в) апстрактна

г) конкретна　　д) збирна　　ѓ) материјална именка

6. Во секоја група зборови има по еден збор што не е именка. Пронајди го.

а) книга, голем, стол, соба　　б) автомобил, вози, возач, камион

в) вода, чиста, сок, млеко　　г) сонце, грее, дожд, магла

7. Прочитај го извадокот од книгата „Споменка“ од авторот Горјан Петревски и пронајди ги сите именки во него. Нацртај табела во својата тетратка и секоја именка запиши ја во односната колона.

Поминаа веќе неколку дена. Со Споменка не зборувавме. Во училиште вазден погледите ни се сретнуваа, но веднаш главите ги вртевме настрана. Тајната со Никола не ја дознав. Дали имаше вистина во зборовите на Вера Претералка? Како и да било, сомневањето остана. Но, каков водич ќе бидам ако не им се вратам на „Соколите“? Затоа што ја сакам Споменка? Не, не... Водачите и во поразот треба да останат непобедени. Наскоро требаше да се одигра и фудбалски натпревар меѓу „Соколите“ и „Црните стрели“. Време за чекање немаше. Неколку дена само за тоа се зборуваше. И едните и другите мислевме дека сме сигурни победници. Дури и девојчињата од двете противнички дружини се пречкаа. Нема што, тоа ќе биде натпревар на годината. А потоа, по натпреварот, многу нешта ќе бидат појасни. Подготовките беа напорни. Секоја вечер – трчање по ридот. А дисциплината – железна! Никој не смееше ни час да изостане од тренинзите. Секој требаше да биде подготвен. Нема шега. Натпреварот беше од историско значење за „Соколите“. Премногу важен и за мене. Тоа ќе биде – да се биде или не!

| **СОПСТВЕНИ ИМЕНКИ** | **КОНКРЕТНИ ИМЕНКИ** | **АПСТРАКТНИ ИМЕНКИ** |
|---|---|---|
| | | |

8. Напиши пет реченици во кои ќе ги употребиш дадените материјални именки: гума, бакар, кристал, памук и пластика.

9. Напиши две реченици во кои ќе употребиш по една именка што има само множинска форма.

10. Напиши две реченици во кои ќе употребиш по една збирна именка.

Предлог-техника: **Бура на идеи**

**ШТО Е ПРАЗНИК?**

# ПРАЗНУВАЊЕ

Деца со насмевка на лице,
излегуваат од секој клас,
кога празник се најавува и
завршува последниот час.

Се виорат знамиња наши,
секаде песни се пеат,
веселба денов ни носи,
радости в срца тлеат.

Осамнаа во празнично утро
луѓето по улиците,
поздравни песни од гранки
им испратија птиците!

**Саво Костадиновски**

## РАЗГОВОР ЗА ПЕСНАТА

- Зошто децата излегуваат насмеани кога се најавува празник?
- Разговарајте зошто деновите кога се прославуваат државните празници се прогласени за неработни денови!
- Како се празнуваат државните празници?

- Каква е песната според видот?
- Пронајди ги римуваните зборови во песната! Потруди се од римуваните зборови да составиш свои стихови!



Истражи на интернет кои празници се прогласени за државни празници во нашата земја. Запиши ги во тетратката датумите и имињата на празниците.

# ЃЕВРЕЧЕ



Кога бев ученик немаше училишни кујни. Кој сакаше ужина си носеше од дома. Само понекогаш купував симид или ѓеврече од чичковците кои продаваа во училишниот двор.

Секој не можеше да купи. Имаше деца кои по цела учебна година само си подголтнуваа гледајќи некого од нас како јаде мек симид или топло препечено ѓеврече. Се разбира доколку некој не му подадеше залак-два. Јас бев еден од оние што поретко купуваа и тоа во денови кога тате донесуваше по некоја паричка повеќе.

Сè беше добро додека еден ден околу нашето училиште не почнаа да се врткаат неколку повозрасни деца, речиси момчиња. Не беа ученици и само бараа начин како да се задеваат со некого и да го изнатепаат.

Какви чувства буди кај тебе почетокот на текстот? Кога се случува дејството во текстот? Каков бил животот во минатото? Зошто повозрасните момчиња не биле ученици? Што мислиш дека ќе се случува понатаму во текстот?



Станаа страв и трепет за сите нас. Се раскажуваа цели истории за тоа како, каде и кога некого изнатепале. Почнаа да ни ги одземаат чантите или торбите, а книгите и тетратките да ги фрлаат по улиците. Учителките се обидоа да се расправаат со нив, но овие, откако излегоа од дворот, започнаа со камења да фрлаат по училишната зграда и искршија неколку големи прозорци. Тогаш и тие кренаа раце, веројатно, пресудувајќи дека поевтино ќе ги чини ако не ги задеваат.

Еден ден почнаа да ни ги одземаат паричките што ги носевме за да си купиме нешто за јадење или, пак, ако веќе не беа стигнале да го сторат тоа, ако веќе си имавме купено, од рацете ни ги одземаа симидите и ѓевречињата. Беа добро запознаени кој од нас има парички и кој може да си купи симид или ѓеврече. Можеби точно поради тоа мене не ме претресуваа кога доаѓав на училиште.

Дали твоите претпоставки беа точни? Како ја оценуваш постапката на поголемите момчиња? Постои ли оправдување за таквите постапки? Според тебе, како се чувствуваат децата кои оделе на училиште и биле напаѓани? Што мислиш дека ќе се случува понатаму?

Беше доцна есен. Улиците беа калливи. Од многу кал немаше чисто камче од калдрмата, за да скокаме од едно на друго и почисти да влеземе во училницата. Излегов да си купам ѓевречe на првиот поголем одмор. Ме зачуди тоа што околу продавачот немаше деца да купуваат. Бевме само двајца. Подадов паричка и не успеав да си го земам ѓевречето што ми го подаваше продавачот. Од зад мене некој подаде рака и му го грабна од пред нос. Една друга таква рака, рапава и цврста, го подзеде од првиот.



– Што правите, бре, апашишта! – викна продавачот.

Се свртев и ги видов тројцата момчиња задоволно и широко насмеани.

– Без пари ли ти го зедовме?! – еден од нив подбивно му рече на продавачот.

– Што не си ја гледаш работичката! – му се заканија.

Во тој миг многу се исплашив. Почувствував како срцето почна да ми скока во градите. Но, и самиот не знам што ми стана, затоа решително извикав:

– Мое е...

– Ако е твое, дојди да си го земеш – рече најголемиот. Во својата рака го држеше и го мавташе моето ѓевречe.

Дали твоите претпоставки беа точни? Што би направил за да се реши проблемот? Дали си бил сведок на слична ситуација? Што мислиш, како ќе постапи ликот-раскажувач?

Не можам да ги објаснам тие моменти што ги водеа моите движења. Знаев дека тоа не е разумно, но некаде длабоко во срцето чувствував дека имам право, дека тоа така не може да биде; тоа не треба да го дозволам; тие немаат право да го прават тоа... Знам само дека посегнав и за малку ќе си го дофатев ѓевречето. Дури и помислив како загризувам во неговиот круг, како изгладнето џвакам.

Големиот не го очекуваше тоа. Но, откако не успеав, тој за секој случај, уште повисоко го подигна пленот. Немаше потреба да го прави тоа. По првиот неуспешен обид како да се вразумив и не мислев повторно да скокам.

Сега тој сакаше да се поигра со мене како со малечко кутренце. Рече:

– Ајде!

Го фрли високо над себе ѓевречето и сакаше да скокнам по него. Не се помрднав. Тогаш големиот посака да го пречека в раце. Но, во тоа не успеа. Ѓевречето го удри во раката и само малку повторно отскокна, како да беше од гума. Големиот се фрли по него, небаре голман се фрла по понастрана шутната топка. Но, незгодно скокна на еден камен и заедно со ѓевречето, што беше го дофатил, се најде во калта! Лежеше во калта испружен колку што беше долг и широк.



Дали претпоставуваше дека вака ќе се одвиваат настаните? Какви чувства ти разбуди овој дел од текстот? Како го доживуваш ликот на раскажувачот? Кои се неговите особини?

Полека стана од калта, постоја така не обидувајќи се ниту да се поисчисти, погледна во ѓевречето што уште го држеше в рака. Потоа се сврте и како да ме бараше, како да сакаше да ми го врати, но откако не ме најде во близина, си замина не фрлајќи го ѓевречето. Тоа како да беше неговиот најскапоцен трофеј. Неговите другари, кои ниту ги погледна, се стрчаа по него... Тие момчиња тогаш за последен пат беа во дворот на училиштето.

**Александар Поповски**

Дали очекуваше ваков завршеток? Зошто? Која е темата, а која идејата во овој текст?

Истражете што е БУЛИНГ.

Направете постер со пораки против оваа појава и истакнете го на видно место во вашата училница.

**калдрма** – пат поставен со нерамен камен

**апаш** – крадец, разбојник, цепчија

**симид** – вид лепче од бело брашно

Направи **Т-табела**. Пронајди ги деловите од расказот каде што се изразени чувствата на ликот-раскажувач, откриј ги неговите карактерни особини и запиши ги во првиот дел од табелата. Потоа, пронајди ги деловите во кои е претставено однесувањето на „Големиот“ и во другиот дел од табелата запиши ги неговите особини. Направи споредба помеѓу двата лика! До какви заклучоци дојде? Објасни ги заклучоците со неколку реченици.

# ЕСЕН

Капат лисја златни,
течат води матни,
веат ветрој луди –
надвор веќе студи.



Ластовица мила
шири леки крилја,
на пат ќе си оди
преку сини води,
во потопла клима
кај што нема зима,
кај што цути цвете
и зиме и лете.





И славејот сега
се готви да бега,
со своето јато
ќе го мине патот.



А и штркот така
на оџакот штрака;
и тој ќе се сели,
па затоа вели:
„До гледање, жаби,
тетки, стрини, баби,
до гледање сите –
застудеа дните“.



Капат лисја златни,
течат води матни,
веат ветрој луди –
надвор веќе студи.

**Боро Ситниковски**

### РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

- Какви чувства кај тебе побуди песната?
- Што се опева во секоја строфа?
- Што мислиш зошто се повторува првата строфа на крајот?
- Што им зборуваат овие стихови на нашите сетила, што можеме да замислиме, слушнеме, мирисneме?

### ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

Во оваа песна поетот ги изразил чувствата кон феномените на есента и ги претставил како пејзаж. Затоа оваа песна е **пејзажна лирска песна**. Убавините на природата во есен е **мотивот** во оваа песна. **МОТИВ** е поттик и основна мисла водилка за настанувањето на една песна што го мотивира авторот да пишува.



# САМОГЛАСКИ И СОГЛАСКИ

Изговори го гласот Т, а потоа гласот А.

Потоа изговори ги гласовите Б и У.



Додека изговараш, внимавај на позицијата на јазикот – дали стои слободно во усната празнина или ги допира јазикот или непцата. Исто така, забележи ја позицијата на усните – дали се одвоени или се допираат една со друга.

При зборувањето, при изговарањето на некои гласови, јазикот и усните прават препрека за воздушната струја. Таа препрека се прави на тој начин што јазикот ги допира забите или непцата, а усните се допираат една со друга. При изговорот на гласовите А и У воздушната струја слободно излегува низ усната празнина, додека при изговорот на гласовите Т и Б воздушната струја наидува на препреки во устата.

**ЗАПОМНИ**

Гласовите што ги изговараме слободно, без воздушната струја да наиде на препреки во устата, се викаат **САМОГЛАСКИ**.

Гласовите при чиј изговор воздушната струја наидува на препреки во устата – од јазикот и забите, јазикот и непцата, усните – се викаат **СОГЛАСКИ**.

Во македонскиот јазик има 31 (триесет и еден) глас од кои 5 (пет) се самогласки, а преостанатите 26 (дваесет и шест) се согласки.




Напишете на табла измешани пет согласки и две самогласки, а потоа обидете се да составите колку што е можно повеќе зборови и запишувајте ги!




Направете споредба помеѓу согласките:

- ❖ Б и П Ж и Ш
- ❖ В и Ф З и С
- ❖ Г и К Ѕ и Ц
- ❖ Д и Т Џ и Ч
- ❖ Ѓ и Ќ

Дали се слични или различни при изговорот?

**ВООЧИ**

❖ Изговори ги следните зборови:

леб, крв, ориз, снег, страв, еж, врв, глеѓ, заб, мраз, нож, грав, беџ, глог

Притоа, ќе го забележиш следново:

Понекогаш, при изговорот на некои зборови слушаме еден глас, а пишуваме друг. На пример, пишуваме ЛЕБ, а при изговорот слушаме ЛЕП.

# АКЦЕНТ

Веќе знаеш дека зборовите се делат на слогови.

ма-ке-дон-ски    ја-зик

Според бројот на слоговите, зборовите можат да бидат еднсложни, двосложни, трисложни и повеќесложни.

| кит | ка-па | ма-ши-на | те-ле-ви-зор |
|---|---|---|---|
| едносложен | двосложен | трисложен | повеќесложен |

Прочитај ги зборовите:

**вода, книга, круша, морнар, сладолед, натпревар, мандолина**

Подели ги на слогови и така изговори ги! Дали сите слогови ги изговараме со иста силина? Обиди се да го почувствуваш слогот што е нагласен во зборовите.

Воздушната струја е посилна при изговор кај одредени слогови.

Слоговите што ги изговараме нагласено се **акцентирани**.

**ЗАПОМНИ**

**АКЦЕНТ** е нагласување на одреден слог во зборот.

Во македонскиот јазик акцентот е **третосложен** и паѓа на третиот слог од зборот, броејќи од крајот на зборот.

Акцентот се бележи со знакот **(′)** пред/над самогласката во акцентираниот слог.

♦ Кај **едносложните** зборови акцентот паѓа на единствениот слог од зборот. Примери: л′еб, ст′ан, д′ом, м′ост, н′ос...

♦ Кај **двосложните** зборови акцентот е врз вториот слог во зборот, броејќи од крајот на зборот. Примери: н′оси, к′апа, с′ело в′ода, н′изок, гл′еда...

♦ Во **трисложните** и **повеќесложните** зборови акцентот паѓа на третиот слог од зборот, броејќи од крајот на зборот. Примери: ј′аболко, зб′орови, пр′ијател, м′оливи, к′утија, т′аблата, пл′анина, вод′еница, тетр′атката.

Бележењето на акцентот може да се сретне и на овој начин: сло́н, ма́са, ја́года, ва́шата, авто́мобил...

Обележи каде ќе паѓа акцентот во следниве зборови:
куќа, дворови, бајка, виулица, училиште, споменик, река, тон, расказ.

# НЕКАНЕТИ ГОСТИ

Сончевите зраци на раната есен го поттикнаа семејството Јакимовски да размисли за еден семеен излет покрај реката Пчиња. Не губеа време и веднаш почнаа да се подготвуваат. Си ги распоредија обврските што треба да понесе секој.

– Стојанеее, дај спреми гу масичку и тие четири столчиња за покрај реку!

– Куде су мори Мицо? У подрум бева, а с’к ги нема!

– Ако не су у подрум, тражи ги у гаражу, горе на сталаже!

– Аааа, тuj су! Најде ги! А ти Мицо од едење што спрема?

– Све е спремно, ич да не се секираш! Понесе воду, зеленчуци и салтанати за салату, скару... све зема за едење и пиење.

– А деца спремни ли су?

– Децааа! Ајде зимајте ваши ствари и да идемо!

Во тој момент се слушна ѕвончето. Сите си помислија дека е поштарот или некој сосед што би побарал заем. Но, кога Стојан ја отвори вратата имаше што да види! Неговите роднини со кои се немаше видено подолго време стоеја пред вратата со широки насмевки.

– Еее, дома сте! Еми ние намерно не се најавииме за да ве изненадеме! Мале, колку време не сме са виделе! – рече стрина Донка од Босилово, собувајќи си ги чевлите и подавајќи ја раката за поздрав.

– Ми само што не појдесмо на... – рече Стојан, но таа го прекина:



– Аааа, еми ние толкав пат поминааме за да ве видеме, дек сте тргнале саа?

– Спремамо се да идемо на излет, на реку... – рече Мица. Ама, нема везе, улазајте, улазајте. Ми можемо и друг пут да идемо на излет!

– Можемо да отидемо заедно на реку! – предложи Стојан.

– Еeee батко Стојане, еми нели ме гледаш как сам дутерана и нагиздена у костумче? Саа не сам баш за на рек’та – рече стрина Донка.

– Еми само ти ли мур Донке си дутерана? И ја сам дутеран, глеј ме, как господин чувек с’м у това уделото!

Малеее, таа Донка, каква е, само за неа си говоре – насмеано додаде чичо Ване и сите гласно се засмеаја.

– Ајде гости наши, седнујте куде сакате, на масу или у дневну – ги понуди домаќинката Мица. А куде ви е Данче? Што не сте гу довеле? Ќе си разговараа с'с наши. Б'ш ќе ву беше убаво.

– Еее, не е маленка... саа она е мома веќе... нигде не сака да оде су нас – одговори стрина Донка, вадејќи ги двете големи чоколади од чантата. Смеејќи се ни ги даде мене и на сестра ми и силно нѐ изгушка.

– Фала многу нина Донке! – ѝ одговори Мики.

– И што ќе се пофалите? Како ви иде работа? – праша Стојан.

– Еми как врве? Шо да говорам, врве... пу цел ден сме на нив'та. Садиме еден куп чушки, френки, кумпир, крумид, фасуљ... А у овоштарнико ѕрнѕарлии, брески, јабуки, џанки... Така са живее кај нас...

Мики и Симона седеа со гостите. На почетокот малку беа лути што не заминаа на излет, но по некое време, следејќи го разговорот помеѓу возрасните им стана интересно. Слушаа внимателно и се обидуваа да откријат што кажува секој од нив.

**Марија Богатиновска**

## ? КОЛКУ ЈА РАЗБРА СОДРЖИНАТА

- Дали знаеш каде се наоѓа реката Пчиња? А селото Босилово?
- Што е невообичаено во овој текст?
- Дали разбра сѐ од разговорот помеѓу ликовите во текстот? Побарај помош од наставникот/наставничката да ти ги појасни зборовите што не ги разбра.
- Подгответе драматизација за следниот час!

## ! ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

**СТАНДАРДЕН ЈАЗИК** е јазикот на кој се зборува во официјалната комуникација меѓу луѓето. На пример, кога сме на часови, кога разговараме со наставниците и со другите вработени од училиштето, кога позајмуваме книга од библиотека, кога прашуваме нешто на некоја страница на интернет итн. Стандардниот јазик има говорна и писмена форма.

Во текстот има делови напишани како што се зборува во некои места во Македонија (во Куманово и во Струмица). Формата на јазикот што се користи на некое географско подрачје се нарекува **ДИЈАЛЕКТ**. На пример, во Охрид се зборува на охридски дијалект, во Неготино на неготински дијалект, во Штип на штипски дијалект, во Берово на беровски дијалект итн.

Како се зборува во твојот дом, на кој дијалект? Со која форма на јазикот се напишани учебниците, енциклопедиите, весниците?

## РАЗМИСЛИ

Што е слобода? Објасни со друг збор што за тебе претставува слободата. Кој е заслужен за нашата слобода? Наброј неколку празници што се слават во чест на слободата?

# КОЈ ТИ ЈА ДАЛ СЛОБОДАТА



Можеби си мислиш:
како што се стемнува и разденува,
како што билката никнува,
расте, цвета и свенува,
како што извира и тече водата,
можеби си мислиш –
така е и со слободата!?

Можеби си мислиш:
тоа е нешто такво
што од секогаш ни е дадено,
тоа од секогаш
во животот било вградено!?

Слободата не е ластовица
што напролет од југ долетува,
слободата не е јаглика
по снегот што процветува.

Слободата не е нешто
што на заем се побарува,
слободата не е нешто
што некому му се подарува.

До слободата долги,
трнливи патишта се поминати,
за слободата не се знае,
колкумина се загинати!

**Глигор Поповски**

## ОДГОВОРИ

- Каква е оваа песна според видот?
- Што е мотив во песната?
- Спореди ги првите две строфи со преостанатите три. Што забележуваш?
- Одреди ги стиховите во кои се дава одговор на насловот на песната.
- Во кои стихови „слушаме звуци“ додека ги читаме?

Анализирајте ја секоја строфа од песната!

# ПРИДАВКИ

**Да се потсетиме**

**ПРИДАВКИТЕ** се зборови со кои се искажуваат особеностите на суштествата, предметите и појавите. Овие зборови ги појаснуваат именките и кажуваат каков е некој или нешто, од што е направено и чие е нештото.




# МАТЕРИЈАЛНИ ПРИДАВКИ

**ЗАПОМНИ**

Придавките што појаснуваат од каков материјал е направен предметот се нарекуваат МАТЕРИЈАЛНИ ПРИДАВКИ. На пример, железна порта, стаклена чаша, волнен џемпер, метална маса, памучна блуза, златен прстен, сребрен синџир итн.

- Кои од дадените придавки се материјални?

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| голема | свилена | зелена | златна | метално |
| мало | училиштен | волнена | стаклен | шарена |

Внеси ја материјалната придавка што одговара. Пишувај во тетратка.

Ајсун облече ________________ фустан.

Дарио купи ______________ топка.

Во паркот има ______________ клупи.

Во продавницата се скрши ______________ чаша.

Енис ја отклучи вратата со _______________ клуч.

| |
|---|
| метален |
| гумена |
| стаклена |
| свилен |
| дрвени |

**Материјалните придавки се образуваат од материјални именки.** На пример: лен – ленен, железо – железен, пластика – пластичен.

- Материјалните именки промени ги во материјални придавки и состави реченици со секоја од нив.

песок волна метал свила памук сребро злато гума стакло

# БРОЈНИ ПРИДАВКИ

Одговори според сликата!



- Што е претставено на илустрациите?
- Која по ред е кокошката? А, која по ред е кравата?
- Кое животно е прво? А, кое е шесто?

Зборовите: втора, петта, прво и шесто ни го покажуваат редот според кој се наредени животните.

**ЗАПОМНИ**

Придавките што го означуваат редот на суштествата или предметите се викаат **БРОЈНИ ПРИДАВКИ**. Бројните придавки се образуваат од **БРОЕВИ**.

Пример: Број 1 – прв, прва, прво, први.

Пример: Број 15 – петнаесетта, петнаесетто, петнаесетти.

**РОДОТ** и **БРОЈОТ** кај придавките се определува според именката што ја појаснуваат.

На пример:

- третата книга – според именката е во женски род, еднина
- дрвениот молив – според именката е во машки род, еднина
- стаклените прозорци – според именката е во машки род, множина

**Следните вежби работи ги во тетратката!**

- Подвлечи ги бројните придавки во следниве реченици.

1. Амела секогаш прва доаѓа на училиште.
2. Дарко ќе го прославува десеттиот роденден.
3. Дритон го освои третото место на натпреварот по танцување.
4. На седмата полица е мојата омилена лектира.
5. Ана живее на единаесеттиот кат од зградата.

- Напиши две реченици според дадените илустрации во кои ќе има бројни придавки.





- Одреди го родот кај придавките дадени во табелата.

| ПРИДАВКИ И ИМЕНКИ | РОД КАЈ ПРИДАВКИТЕ | БРОЈ КАЈ ПРИДАВКИТЕ |
|---|---|---|
| четвртата книга | | |
| гуменото топче | | |
| стаклените чаши | | |
| осмиот стол | | |
| златниот ѓердан | | |

- Прочитај го внимателно текстот, пронајди ги бројните придавки и напиши ги во тетратката.

Мила и Емин се ученици во петто одделение. Мила седи во четвртата, а Емин во третата клупа. Мила секогаш го добива првото место на натпреварите по математика, а Емин е прв во спортско трчање. Кога се враќаат од училиште, тие поминуваат покрај првата голема продавница и си купуваат по два сладоледа. Прв излегува Емин, а втора Мила. Мила живее во шестата куќа до продавницата, а Емин во деветтата куќа. Мила посетува музичко училиште и секогаш свири прва виолина. Емин посетува балет и тој секогаш танцува во втората сала. Тие се многу добри другари.

# СТЕПЕНУВАЊЕ НА ПРИДАВКИТЕ

**ОДГОВОРИ СПОРЕД СЛИКИТЕ**

КОСА



КРАТКА ПОКРАТКА НАЈКРАТКА

ДРВО



ВИСОКО ПОВИСОКО НАЈВИСОКО

Која е разликата во должината од едната коса до другата? Која е разликата во висината од едното дрво до другото?

Кога лицата и предметите се споредуваат меѓу себе според тоа колку е застапена некоја особеност, велиме дека тие се **степенуваат**. Тоа значи дека во секој елемент што се споредува, особеноста е застапена со различен степен.

Со кои придавки се искажуваат особеностите на лицата и предметите? Оттука, може да се заклучи дека се степенуваат само **описните** придавки. На пример, светол, посветол, најсветол; ново, поново, најново; среќни, посреќни, најсреќни...

Постојат три степени на споредување: **позитив**, **компаратив** и **суперлатив**.

| УМЕН | **ПО**УМЕН | **НАЈ**УМЕН |
|---|---|---|
| **ПОЗИТИВ** | **(ПО) КОМПАРАТИВ** | **(НАЈ) СУПЕРЛАТИВ** |
| (основна форма) | | |

Мајчините раце се најнежни.

Подобар другар од мојот не постои!

Книгите се најголемото богатство.

Најпријатно катче е мојот дом.







Каменот е ТВРД → Железото е ПОТВРДО → Челикот е НАЈТВРД

## ВЕЖБАЈ

**Работи во својата тетратка!**

➢ Напиши ја придавката што одговара:

високи повисоки највисоки

1. Дрвјата во дворот се __________________.
2. Дрвјата во паркот се __________________.
3. Дрвјата во шумата се __________________.

➢ Спореди ги дадените предмети/суштества според дадените својства.

дебелина



Жолтата книга е подебела од зелената. Црвената е најтенка.



ширина

Жолтата ваза е ___________ од портокаловата. Црната е ____________.

височина



Ева Ива Мелиха

Ева е _____________ од Ива.

Ева е ____________ од Мелиха.

Ива е _____________ од сите,

а Мелиха е ____________.

должина



Костенливата коса е _______________ од русата, а _____________ од црната.

Русата е _______________, а црната е ______________.

Поделете се во групи. Секоја група ќе има иста задача, да ги степенува дадените придавки во компаратив и суперлатив:

студено, висока, тенок, цврст, мека, внимателно, брз, безбедно, исплашен, вкусна.

Внимавајте на родот. Најбрзата и најточна група ќе биде победничка!

Внимателно читај го текстот и пронајди ги придавките. Потоа, нацртај табела во својата тетратка (како во дадениот пример) и распореди ги според тоа дали се во ПОЗИТИВ, КОМПАРАТИВ или СУПЕРЛАТИВ.

# ЈАРЕНЦА

Откога ни се родија три бели, весели, нескротливи јаренца, нашиот двор ни стана поубав, поширок, пораскошен. Трите јаренца како три грутки снег скокаа, де пред лозницата, де пред портата, де сред дворот, око да не ти се дели од нив. Беа силни, ненаситни за игра, та не ги видов да мируваат. Наутро ги пуштавме кај мајка им да им се нарадува, да се нацицаат, а потоа цел ден играа во дворот.

Љубичици посини од небо им берев и им ги давав. Листенца од врба им берев, ги диплев, ги нижев на стебленце и така нанижани им ги давав. За нивната убавина, за нивната белина и за нивната разиграност цел ден можев да ви кажувам и пак ништо да не ви кажам.

Од нив целиот двор ни мирисаше на пресно млеко, а од нивната топлина побрзо расцутуваа овошките во нашиот двор.

Тие три јаренца никогаш не пораснаа. Останаа најмили и најнемирни во моите сеќавања за нашиот двор и пролетта озвучена со нивното меко врескање. Трите јаренца не пораснаа, затоа што едно утро им ги продадоа на едни луѓе.

Подоцна, кога на син ми и ќерка ми ќе им речев – јаренце едно – некако навредено ме гледаа, зашто ги споредував со животинче. Не знаеја дека ги споредувам со она најнежно и најчисто што сум го зачувал од моето сиромашно детство. Не велам дека пред нив не сум се радувал на други, можеби биле поубави и поразиграни од нив, но тие трите се родија токму онаа пролет кога почнав најмногу да помнам.



Подоцна, можеби, сме имале и други јариња, но срцето ми го имаа зафатено оние, трите.

**Бошко Смаќоски**

| ПРИДАВКИ | | |
|---|---|---|
| ПОЗИТИВ (основна форма) | КОМПАРАТИВ (по-) | СУПЕРЛАТИВ (нај-) |
| | | |

# ЉУБОПИТНАТА ПЛАНИНА

Една планина многу сакаше да патува. Наместо постојано да биде таму каде што отсекогаш биле нејзините предци, таа секое утро милуваше да ги протрие очите и да ѕирне што има наоколу, што се случува од сите нејзини страни, па и многу подалеку, повисоко, пошироко и подлабоко... Ја нарекуваа Љубопитна планина. Таа не само што имаше навика да гледа и слуша туку и многу често имаше обичај да се прашува. На пример, беше љубопитна и ја интересираше: од кога постои, кој ја измислил и создал, кој прв и кој најбрзо стигнал на нејзиниот Иглен врв и зошто тој го нарекле така, каде и какви руди има најмногу, кои и колку диви животни и растенија секој ден растат и шетаат по нејзините долини и падини... Повеќе од сè друго сакаше да се помрдне од место, самата да ѕирне и лично да се увери или разочара, да отиде многу далеку, но никој да не ја забележи... Сепак, тоа секогаш не ѝ успеваше, бидејќи носеше голем товар на себе, па често не можеше брзо да се движи, а не пак да летне.

И, така, со години, месеци и денови, рано навечер ќе тргнеше на пат, а ќе се вратеше уште рано пред зори, но внимаваше никој да не забележи дека се поместила, дека привремено отпатувала некаде и дека незабележано повторно се вратила. Љубопитната планина, всушност, и да сакаше не можеше да се помрдне од место. Тоа единствено можеше да го направи некој земјотрес, вулкан или потоп. Затоа, Љубопитната планина ноќе кога спиеше сонуваше најубави, шарени, различни соништа, сè додека една ноќ не виде уште поголеми подземни планини во споредба со оние над земјата. И тие имаа карпи и води и многу руди и минерали во најразлични бои, но на нив немаше зелени полјани, не летаа никакви птици, немаше никакви животни, ни луѓе, ни врева. Толку многу се исплаши Љубопитната планина, што се штрекна и скокна во сонот, преплашена од грдата слика и од стравот да не се најде повторно таму, каде што нема живот како оној што е на земјата.

Од следниот ден Љубопитната планина ниту помислуваше, ниту се обидуваше да се оддалечи од своето постојано и добро место, каде течеа и жубореа многу планински реки и потоци, жубореа ладни извори, слетуваа прекрасни весели птици, а многу често наминуваа и жедни дрвари, планинари, извидници и параглајдеристи. Да. Имало вистина дека каменот најмногу тежи на своето место – си рече Љубопитната планина која мирно и спокојно заспа, патувајќи со мислите само кон морето и небото што ја опкружуваа планината, но не и кон темните, ладни и влажни подземни слоеви и светови, каде



живееја само црвите, кртовите, јазовците и уште по некое друго животинче. Но, и тие одвреме-навреме излегуваа надвор над земјата, плашејќи се дека ќе немаат доволно воздух за дишење и волшебна убавина за гледање...

**Христо Петрески**

## РАЗГОВОР ЗА ТЕКСТОТ

- Што е невообичаено во овој текст?
- Објасни зошто планината се викала Љубопитна планина.
- Опиши го страшниот сон на планината.
- Објасни како го разбираш исказот: „Имало вистина дека каменот најмногу тежи на своето место“.
- Одреди поднаслов за секој од трите дела на текстот.
- Што значи зборот фантастичен? Што е фантастичен текст?

## ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Во текстот ја сретнавте реченицата: ...**Многу често наминуваа и жедни дрвари, планинари, извидници и параглајдеристи.**

1. група – Ставете се во улога на дрвари во планина.

2. група – Ставете се во улога на планинари.

3. група – Ставете се во улога на извидници.

4. група – Ставете се во улога на параглајдеристи.

Напишете неколку реченици како ја гледате и доживувате планината. Како се чувствувате кога сте на планината во својата улога? Можете да употребите реални и фантастични елементи.









За да се запознаеш со дел од планините во нашата држава, обиди се да ги прочиташ податоците дадени на мапата и според нив одговори на дадените прашања. Пишувај во својата тетратка.




1. Која планина има најмала надморска височина?

а) Ниџе в) Јакупица

б) Осогово г) Баба

2. Која надморска височина ја има највисоката точка Солунска Глава?

а) 2521 м в) 2753 м

б) 2252 м г) 2540 м

3. Како се вика највисоката точка што има најголема надморска височина?

а) Црн Камен в) Пелистер

б) Голем Кораб г) Руен

4. Како се вика планината што е втора според надморската височина?

а) Осогово в) Баба

б) Јакупица г) Јабланица

5. Колкава е разликата помеѓу најголемата и најмалата надморска височина?

а) 520 м в) 450 м

б) 462 м г) 501 м

Нацртај го столбестиот дијаграм во тетратката и допиши ги највисоките точки на секоја планина според дадените податоци на мапата и на дијаграмот.




## ЈАЗИЧНА ВЕЖБА

Врз основа на добиените податоци од мапата и графиконот, состави реченици во кои ќе ги споредиш висините на планините користејќи степенување на придавките.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Каков бил животот на луѓето во минатото?
- Што мислиш, каков бил животот на село? Со што се занимавале луѓето?
- Дали твоите предци ти раскажувале приказни од нивниот живот во минатото? Кој ти раскажувал најубави приказни?

# ДРВАРСКА ПРИКАЗНА

Толку свикнав на дедовите приказни што ми се чинеше дека гладен можев да легнам и да заспијам, ама без дедо да ми раскаже приказна, не можев. Таа вечер дедо не беше расположен, па ми рече:

– Ајде, внуче Тасе, да си легнеме!

– Како дедо да спиеме кога вечерва не ми раскажа приказна?

– Аха! Да! – се сети дедо. – Вечерва заборавив да ти раскажам приказна.

Дедо се замисли, ги засука мустаќите, ги крена веѓите и, по подолго молчење, рече:

– Вечерва ќе ти раскажам една дрварска приказна.

– Каква е таа дрварска приказна?! – прашав зачудено.

– Вистинска, внуче. Од младоста. Ќе ти раскажам што ми се случи еднаш кога уште бев млад и кога берев дрва, за пари – објасни и почна.

– Настапуваше есента... Лисјата на дрвјата почнаа да ја менуваат зелената боја. Постепено стануваа жолти, потоа кафеави и паѓаа на земјата. Ноќите станаа магливи, подолги и постудени. Таквото време ја навестуваше зимата. Едно утро во нашето село дојде шумарот. Тој ни објасни дека во нашата гора се сечат дрва за семејствата во градот. Од жителите во селото кој сакаше можеше да се пријави за сечење дрва. Се плаќаше на кубик или со дневница.



– А, зошто, дедо, граѓаните не дошле да сечат дрва?

– Граѓаните се научиле да вршат други работи: занаетчиски, трговски, службенички и многу други професии. Ние во селата сме научиле да ораме, да сееме, да жнееме, да одгледуваме стока,

да собираме сено, да собираме сливи и уште многу други работи. Бевме сиромашни и моравме да заработиме по некоја пара за да купиме шеќер, масло, сол и други производи што ги немавме. Затоа неколкумина мажи се јавивме за сечење дрва. Во торбите ставивме: леб, пиперки, кромид и сирење. Ги нарамивме секирите и тргнавме.

Шумарот ги маркираше стеблата и почнавме да сечеме. При сечењето на една бука од внатрешноста излезе една животинка со долга опашка и како акробат почна да скока од дрво на дрво.

– Која животинка беше, дедо?

– Тоа беше шумската домаќинка – верверичката, внучко. Таа живее во шупливите дрва. Тука прави куќички. Најпрвин дупката ќе ја среди, ќе постеле мека топла мов, а потоа ќе си донесе зимница: лешници, ореви, желади и други шумски плодови. Кога ќе фати зимскиот студ, таа се храни со зимницата...

**Ванчо Николески**

## РАЗГОВОР ЗА ТЕКСТОТ

- Која е темата во овој текст?
- Откриј ги речениците во кои зборува внукот, а во кои дедото.
- Како дедото го опишал доаѓањето на есента?
- Од кои причини луѓето ги сечеле дрвјата?
- Објасни дали е неопходно да се сечат шумите.
- Какви се последиците од нивното сечење? Дали последиците се негативни само за луѓето? На што сѐ негативно влијае сечењето на дрвјата?

Размислете за решенија за проблемот! Дискутирајте на таа тема и запишувајте ги можните решенија.

**кубик** – дрва наместени во коцка, 1 m широка, 1 m висока и 1 m долга

**маркира** – обележува, означува

**нарами** – става на рамо

**акробат** – изведувач на гимнастички подвизи со превртување и скокање во воздух

## ТВОРИ

Како што можеш да забележиш, оваа приказна е недовршена.

Твоја задача ќе биде да го прераскажеш почетокот од приказната и да ја продолжиш, така што ќе смислиш убав и поучен крај. Притоа, размислувај за иднината, како и за живеалиштето на верверичката и другите животни.

**Запиши порака и нацртај симбол за значењето на шумите и нивната заштита!**

# НАРОДНО ТВОРЕШТВО – НАРОДНА ПРИКАЗНА

## ПАТНИКОТ ШТО МУ ДАДЕ ВЕЛЕНЦЕ НА ДРУГАРОТ

Си патувал еден патник од еден град во друг и се здружил со некој друг патник. Одејќи си двајцата така, се задал еден силен облак со дожд и гледајќи дека ќе врне многу дожд, му побарал едниот на другиот патник едно веленце да се наметне, за да не го натопи дождот. Одејќи до некаде дождот престанал и патниците останале суви.

– Ама ако не ти го дадев веленцето, пријателе, жива вода ќе се стореше – му рекол.

– Ти благодарам, пријателе, што ми го даде веленцето и не наврнав. Многу ти благодарам! – рекол патникот.



Поодел до некаде и пак ќе му речел:

– А, пријателе? Да не ти го дадев веленцето, жива вода ќе се стореше.

Поодел до негде, пак истото.

Одејќи така дошле до една река и слегле да се одморат под сенките, а таму имало и други што се одморале. Во часот кога седнал меѓу луѓето, патникот почнал да се фали дека на другарот му го дал веленцето да не го наврне дождот. Речи, па речи, речи, па речи, па најпосле другар му се разлутил, станал од каде што седел па се фрлил во реката и се направил жива вода.

– Е доста ме мачиш, бре чоече, со тоа твое палено веленце: „Веленцето ако не ти го дадев, дождот ќе те истопеше, веленцето ако не ти го дадев жива вода ќе станеше!“ Е, од олку повеќе ќе се истопев? Бре нечоек! На, еве се истопив повеќе од што дождот ќе ме истопеше, само и само да те замолчам, да не ми се фалиш, оти ме пукна со тоа твое веленце што ми го даде! – му рекол на лутина, си го јавнал коњот, па си отишол по патот сам.

**Македонска народна приказна**

- **веленце** – волнена покривка, килимче
- **палено** – проклето
- **истопи** – намокри
- **нá** - земи

## РАЗГОВОР ЗА ТЕКСТОТ

- Објасни како се здружиле ликовите во оваа приказна.
- Дали можеш да го објасниш однесувањето на двајцата пријатели? Како ги оценуваш нивните постапки? Кој има право од нив двајцата?
- Која е темата, а која пораката во оваа приказна?
- Напиши една поговорка поврзана со приказнава!
- Кој е автор на овој текст?
- Објасни што значи тоа народна приказна. По што друго се разликува овој текст од вообичаените текстови?
- Каков е говорот во него?

## ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

**Народните приказни** се создадени усно, без да се знае авторот. Се пренесувале и менувале од една генерација на друга сè додека некој не ги запишал. Раскажани се на народен говор и ги пренесуваат народните обичаи.

Прераскажи ја приказната. Користи литературен јазик!

# НАРОДНО ТВОРЕШТВО – НАРОДНА ПЕСНА

## БИЛЈАНА ПЛАТНО БЕЛЕШЕ



Билјана платно белеше
на охридските извори,
оздола идат винари,
винари белограѓани.

Винари белограѓани
кротко терајте карванот,
да не ми платно згазите,
Платното ми е даровно,
за свекор и свекрва
за девер и за јатрва.



Билјано, моме убаво,
ако ти платно згазиме,
со вино ќе го платиме,
и бела лута ракија.

Јас не ви сакам виното,
тук ви го сакам момчето,
што напред тера карванот,
и капче носи над око.



**Народна песна**

## РАЗГОВОР ЗА ПЕСНАТА

- Што е мотив во песната?
- Каде Билјана го белела платното?
- Кои луѓе дошле на изворите? Што ги замолила Билјана?
- За кого било наменето платното?
- Пронајди ја и прочитај ја строфата каде што винарите ѝ се обраќаат на Билјана!
- Кого сакала Билјана?
- Како се викаат народните песни во кои се излеани чувства?

## ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

Во минатото песните усно се пренесувале од колено на колено и многу тешко можело да се определи авторството, па затоа овие песни се познати како **народни** или **анонимни** песни. Според авторството, народната поезија можеме да ја поделиме на:

- народна или анонимна поезија, и
- уметничка или авторска поезија.

## НЕШТО ПОВЕЌЕ

Некои народни песни се среќаваат во музиката и можат да се пеат по ноти. Песната „Билјана платно белеше“ е позната народна песна, што се пеела во минатото, се пее и денес. Побарај ја оваа народна песна на интернет и ислушај ја. Истражувај на интернет и за други македонски народни песни.

Научи да ја рецитираш песната. Потоа научи да ја пееш.

Направи споредба како звучат стиховите кога се рецитираат, а како кога се пеат.

# АВТОРСКА И НАРОДНА ПОЕЗИЈА (РАЗЛИКИ)

| **Авторска** | **Народна** |
|---|---|
| ✓ Поетот е познат.<br>✓ Творбата е индивидуална.<br>✓ Се создава писмено.<br>✓ Содржината на авторската песна е непроменлива. | ✓ Авторот е анонимен/непознат.<br>✓ Творбата е колективна/заедничка.<br>✓ Се создава усно.<br>✓ Текстот е променлив, па затоа може да се слушне во повеќе варијанти. |

- Истражи на интернет дали само луѓето од машки пол можат да бидат винари и да се занимаваат со винарство? Истражувај, како е наречена науката за вино и производство на вино?
- Како се перело во минатото, а како во денешно време?
- Кој ги извршува домашните обврски во денешно време?
- Што мислиш, дали постојат машки и женски професии? Објасни!
- Своите истражувања сподели ги со твоите соученици!



# НЕПОТКОВАНА ЖЕЛБА



Едно магаре, обично – како сите магариња;
со долги уши и опашка мазна,
непотковано на трите нозе,
старо, но со глава празна,
еднаш решило
со својот познат магарешки инает –
последните години од векот
во град да му минат!
И, едно утро, пред сонце да изгрее,
пред петел в село да запее,
пред да се разбуди стопанот Жарко –
ја напуштило шталата магарето Зарко.
И така бегало, трчало, вјасало,
и за неполн час во градот втасало!
Првин легнало и се извалкало на плоштадот,
а потоа тргнало да го разгледа градот.
Го минало булеварот,
се шетало по тротоарот,
застанувало во секоја цвеќарница,
ѕирнувало во секоја книжарница,
во секоја слаткарница свратило,
јало, пило – не платило,
цело в радост бликало,
кај што сакало – си рикало
и, кој знае, до кога ќе царувало така,
но некој го зграбил за уво со рака:

„Дремливко, станувај, пукнува зора –
по дрва треба да одиме в гора!

**Киро Донев**

### РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

- Какви чувства поттикна кај тебе оваа песна?
- Во кои стихови од песната е даден опис на магарето Зарко?
- Кои стихови ја содржат желбата што се зародила кај него?
- До кога трае убавиот сон на магарето Зарко?
- Препиши ја песната на латиница.

### ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

Оваа песна е ХУМОРИСТИЧНА лирска песна. **Хумористичните песни** имаат цел да го развеселат читателот и да предизвикаат смеа. Со хуморот може да се исмее некоја човечка особина (на пример, мрзливост, лакомост, лекомисленост), некој настан или, пак, на шеговит начин да се опише некоја случка.

# ГО ПРОВЕРУВАМ СВОЕТО ЗНАЕЊЕ

1. Поврзи и напиши за да провериш колку знаеш за поезијата!

| | |
|---|---|
| Стих | • е гласовно совпаѓање на исти слогови на крајот од два или повеќе стихови. |
| строфа. | • се пишува во стихови. |
| Песна | • Неколку стихови групирани во мала смисловна целина прават |
| Поезијата | • е еден ред од песната. |
| Рима | • е литературна творба напишана во стихови. |

Лирските песни можат да бидат:

НАСЛОВ:

ЛИРСКИ ПЕСНИ

2. Основно средство за комуникација е ____________. Комуникацијата може

да биде: [ ] и [ ]

3. Самооцени се. Биди искрен. Така најдобро ќе процениш како да се подобриш. Користи ги следниве знаци: ☺ 😐 ☹

- ✓ Разликувам поезија и проза ______
- ✓ Ја разбирам содржината на прочитан текст или песна ______
- ✓ Можам да опишувам карактеристики на лик од текст _______
- ✓ Умеам да одговарам на прашања во врска со прочитан текст ______
- ✓ Умеам да составувам приказна по слики ______
- ✓ Можам да определам тема и идеја во творба ______
- ✓ Умеам да смислам/изменам крај на приказна ______
- ✓ Разликувам авторски и народни творби ______
- ✓ Разликувам творби напишани на литературен јазик и на дијалект ___

4. Провери колку знаење си стекнал за ЈАЗИКОТ:

- ✓ Гласовите што ги изговараме слободно, без воздушната струја да наиде на пречки, се викаат ______
- ✓ Гласовите при чиј изговор воздушната струја наидува на пречки се викаат ______
- ✓ Нагласувањето на одреден слог во зборот се вика ______
- ✓ Според бројот на слогови, односно бројот на самогласки, зборовите можат да бидат: ______ ______ ______ ______
- ✓ Придавките што го означуваат редот на суштествата или предметите се викаат ______
- ✓ Придавките што кажуваат од каков материјал е направен предметот (именката) се викаат ______
- ✓ Кога сакаме да споредиме два или повеќе предмети/објекти на придавките им го додаваме префиксот ______ или ______

5. Поврзи на која група зборови ѝ припаѓа секој збор:

| | | |
|---|---|---|
| злато | **сопствена именка** | бетонски |
| сребрен | **општа именка** | телевизор |
| петто | **апстрактна именка** | Шар Планина |
| железо | **материјална именка** | мебел |
| страв | **збирна именка** | среќа |
| | **бројна придавка** | |
| | **материјална придавка** | |

6. Пронајди ги материјалните и бројните придавки во краткиот текст и подвлечи ги со боја! Материјалните со сина, а бројните со црвена боја.

Марија и Фатмир се ученици во петто одделение, учат заедно и секојдневно се дружат. На патронатот на училиштето Марија беше облечена во свилена кошула и памучни панталони, а Фатмир во памучна блуза и црни панталони. Фатмир стоеше на дрвените скали во првиот ред, а Марија до гумените балони во третиот ред. И двајцата членуваат во училишниот хор и редовно одат на проби во малата училница со високи метални шкафови. Тие се одлични и одговорни ученици.

7. Прочитај ги дадените лирски песни и под секоја од нив напиши од каков вид е!

**Мачор пензионер**

На таванот еднаш горе
мачките се збрале,
и на еден најстар мачор
пензија му дале.

Шест години служба имал,
толку бил здрав,
шест години и глувците
живееле в страв.

Со потврди им докажал
тој стаж дека има,
се сложиле сите мачки,
пензија да прима.

**Боро Ситниковски**

**Татковино, дај ми!**

Татковино, дај ми од сонцето твое
зраци што се топат во срцево мое.
Татковино, дај ми од пените речни,
ќе ги носам ко насмевки вечни.
Сета убост во тебе што е збрана
е мевлем за срце, за секаква рана.
Каде и да талкам јас по светов,
ти ќе бидеш вечно мој патоказ светол!
Колку и да сум зрнце, ситно ко песок
– душа ќе ми топли твојот блесок!

**Саво Костадиновски**

**Пејзаж**

Модрее сино небо,
трепери воздух чист,
погали сонце пупка,
измами зелен лист.

Запеа птица в гора,
славејче изви глас,
поздрави нежни прати
тенкиот житен клас.

Цвеќенца ќилим ткаат,
пчелкин ги нишка зуј,
далеку в сини врвој,
пролетен поток бруи.

**Васил Куноски**

| | | |
|---|---|---|
| | | |

8. Следниве зборови смести ги соодветно во табелата: (родот обележувај го со – ж.р., м.р., с.р.)

таван, горе, мачки, мачор, пензија, години, здрав, глувци, страв, сонце, зраци, речни, насмевки, вечни, татковина, зрнце, ситно, плодни, блесок, душа, патоказ, небо, чист, нежен, тенок, клас, пролетен, поток

| ИМЕНКИ | | ПРИДАВКИ |
|---|---|---|
| ЕДНИНА/РОД | МНОЖИНА/РОД | |
| | | |

# ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ЗБОРОТ ОД ЕДЕН РЕД ВО ДРУГ

Целото село мирисаше на ванила кога утредента баба поч-на да ги пече колачињата. Во кујната бабреше и раснеше тесто-то во трите тепсии со пити со сирење. Моите пуканки весело чу-каа по стариот капак, врз кој со стара крпа силно притискав дви-жејќи го тенџерето врз ламаринената печка. Миризбата од кола-чињата ги намами децата од соседните куќи.

## ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

При писменото изразување се случува на крајот од редот да нема доволно простор да се напише целиот збор, па во тој случај дел од зборот **пренесуваме** во другиот ред. За да можеме правилно да ги пренесуваме деловите од зборовите, потребно е да знаеме да ги делиме зборовите на **слогови** и да почитуваме неколку **правила**. Делот од зборот го пренесуваме во нов ред онаму каде што **завршува слогот**. Делењето се бележи со **цртичка (-)** во истиот ред, а во новиот ред го пишуваме само преостанатиот дел од зборот.

## ВООЧИ

Подели ги зборовите на слогови: уво, маса, река, сеат, еж, сакаат, коска, бербер, тетратка, маскенбал, око и штрк на слогови. На колку начини може да се пренесе дел од нив од еден ред во друг? Дали сите зборови можат да се пренесуваат?

## ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

- ✓ Кога ќе се најдат две самогласки една до друга, тие се разделуваат: На пример, зре-ат, збо-ру-ва-ат, на-сме-а-ни.
- ✓ Ако едната самогласка останува сама на почетокот или на крајот на зборот, тогаш не се разделуваат: ули-ца, учил-ни-ца, ос-та-наа, очи-ла.
- ✓ Кога ќе се најдат две согласки една до друга, тие се разделуваат. На пример, ва-за, рам-ка, пор-то-кал, пот-тик-ну-ва, из-рас-нат.
- ✓ Едносложни зборови и зборови составени од две и три букви – не се пренесуваат.

Напиши ги можните начини за пренесување кај следниве зборови: кајче, мотика, цвеќе, балерина, единица, одличен, елен, овчарче, единствен, автобус, веројатно, продавница, воз.

# ШУМСКО УЧИЛИШТЕ



Долета сојката кај клукајдрвецот, па го замоли да ѝ направи една услуга. Клукајдрвецот праша:

– Каква мака те доведе кај мене, шумска убавице?

– Чуј, пријателе! Шумава е полна со птици, а птиците имаат развиен слух за песна и музика. Па, кога е така, не е ли добро да отвориме музичко училиште?

– Имаш право, сојке убавице! Прекрасна идеја!

– Ете затоа дојдов да те замолам, брате, да ми помогнеш околу отворањето на училиштето.

Клукајдрвецот веднаш одлета, најде еден стар даб со многу гранки и гранчиња и на едно гранче закачи лист на кој пишуваше:






СООПШТЕНИЕ!

Во оваа шума, на ова дрво, од утре ќе биде отворено музичко училиште. Повелете, птици, запишете се. Секој може да го посетува училиштето, само ако го положи приемниот испит.

Од испитната комисија

Утредента испитната комисија, составена од сојката, клукајдрвецот и славејчето, беше на своето место. Пријавените птици срамежливо се туркаа и ниедна немаше смелост да се јави прва. Најпосле, една врана ја крена десната нога, а наоколу се слушна весело ракоплескање.

– Ајде, врано – рече сојката – испеј една песна!



Враната го отвори клунот и изговори:



– Грааа! Грааа!

Сите се изнасмеаја, а клукајдрвецот чукна еднаш со клунот, што значеше – единица. И враната падна на испитот. По неа се јави страчката.



– Мојата песна е позната насекаде и јас ќе го положам испитот.

– Многу ми е мило, драга страчке – рече славејчето. – Ајде и ти испеј една песна.

Меѓутоа, освен нејзиното „штрааа!“, друго ништо не знаеше. И страчката падна на испитот.



– Џив, џив! Џив, џив! – се јави врапчето. – Јас ќе ви одговорам на секое прашање, зашто цвркотам поубаво од сите птици.

– Добро, врапче. Штом е така, ајде да го чуеме и твојот глас – рече славејчето.

– Џив, џив! Џив, џив! – одговори врапчето.

Смеата на другите птици значеше дека и врапчето падна на испитот, а клукајдрвецот запишуваше, запишуваше многу единици.



Најпосле, се јави едно мало жолтеникаво канаринче. Тоа не се фалеше дека знае убаво да пее, ниту дека ќе го положи испитот. Но, кога запеа и кога одговараше на прашањата на испитната комисија, сите птици се изненадија. Но, можно ли е само за едно канаринче да се отвори музичко училиште. И затоа шумските птици останаа да пеат како што си пееја отсекогаш.

**Вера Бужаровска**

**РАЗМИСЛИ**

- На кој начин одлучиле да постапат птиците за да ја реализираат идејата за отворање музичко училиште?
- Што напишале во соопштението?

**ЗАПОМНИ**

**ИЗВЕСТУВАЊЕ** е краток текст во кој се кажуваат податоци за нешто што се случило или што треба да се случи. Тоа треба да содржи кратки и јасни информации и формулации што одговараат на прашањата:

**КОЈ? ШТО? КОГА? КАДЕ? ЗОШТО?**

Во известувањето треба да се почитуваат правилата за усно и писмено изразување, односно да се употребува **стандардниот македонски јазик**, да се применува **учтиво обраќање** и содржината да биде **јасна, детална, точна и разбирлива**.

- Известувањето може да биде писмено или усно;
- Мора да биде објавено;
- Усното известување го слушаме на радио или на телевизија;
- Писменото известување треба да биде објавено на видно место или електронски, за да можат да го прочитаат тие на кои им е важна неговата информација.

Размисли дали соопштението напишано од птиците ги содржи сите потребни податоци! Состави соопштение за некој настан што ќе ги содржи сите потребни податоци.

# ИНФОРМАЦИЈА, ВЕСТ, ИНТЕРВЈУ

Поминувајќи покрај огласната табла на влезот на училиштето, Јана веднаш забележа нова вест! Застана да прочита за што станува збор.




Јана се заинтересира за распишаниот литературен конкурс по повод патрониот празник. Се потруди да ги запомни сите **информации** за да им ги пренесе на другарите и другарките. Помисли дека нема да запомни сè, но си најде решение! Треба само да одговори на прашањата: **што**, **кој**, **каде**, **кога** и **како**!

Таа ја сподели **веста** со своите другари и другарки. Им ги пренесе точно сите **информации** што ги имаше на соопштението. Се договорија сите да напишат по една литературна творба, а ако некој од нив добие награда, преостанатите да му направат изненадување.



Мелиха го отвори својот таблет и ја отвори **интернет -страницата** на училиштето. На неа имаше нова **објава.** Забележаа дека **објавата** е всушност истата вест што им ја пренесе Јана.

Со која цел една **вест** се **споделува** како **објава** на интернет?

На денот на патрониот празник резултатите беа истакнати на два начина.







Што мислиш, на кој начин побрзо ќе се прошири веста? Објасни!

Каде го гледаш овој симбол? 🔔

Објасни што значи!

Кога Теодор ги виде објавените резултати, веднаш скокна од радост затоа што ја прочита својата шифра „Наруто“ и сфати дека е првонаграден!

Наставничката ги подели учениците во групи и им даде задача да му направат ИНТЕРВЈУ на првонаградениот ученик! Секоја група треба да состави прашања, а потоа да одбере еден член кој ќе биде **„новинар“** и ќе му ги поставува прашањата на Теодор, а друг ученик ќе го сними интервјуто со паметен телефон. Учениците треба да внимаваат **како ги формулираат прашањата и по кој редослед ќе ги поставуваат**.



**новинар** – лице кое пишува или уредува текстови за печат, радио или телевизија

**интервју** – разговор наменет за јавноста што го води новинар со некоја позната личност



# РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ ИНФОРМАЦИИ

Дали веруваш на сѐ што ќе прочиташ, слушнеш и видиш во медиумите?
Дали сметаш дека сите информации што ги има во медиумите се точни?
Дали можеш да препознаваш вистинита и лажна вест?

## Младите велат дека можат да препознаат лажна вест, но често веруваат и во дезинформации






Околу три четвртини (74%) од испитаниците кои одговорија на прашањата на **онлајн-анкетата** за млади **велат дека знаат да препознаат лажни вести**. Дваесет и еден процент (21%) **не размислувале дали одредена вест е лажна**, додека, пак, преостанатите пет проценти (5%) одговориле дека **не можат да препознаат лажна вест**. Онлајн-анкетата за млади беше спроведена преку профилите на „Инстаграм“ на 605 испитаници на возраст од 15 до 30 години на крајот на 2020 година.












Ова е дел од **новинарски текст**, објавен на интернет (извор Мета.мк). Обиди се да ги прочиташ податоците од графиконите. Што дознаваме од нив?

Поделете се во групи. Анализирајте ги податоците од графиконите. Одговорете на следните прашања за да ги добиете заклучоците:

Кој им е примарен (основен) извор на информирање на младите?
Колку проценти од анкетираните сметаат дека препознаваат лажни вести?
Колку проценти од анкетираните поверувале во вест што подоцна се воспоставило дека е лажна? Колку проценти не се сеќаваат?
На кои извори најмногу им веруваат?



## Како образовниот систем на Финска ги учи децата да препознаат лажна вест




Додека на демократските општества во целиот свет им се случува „поплава“ од лажни вести, Финска ја сфати борбата против тој проблем толку сериозно што е воведена во наставата во основните училиште, пишува британски „Гардијан“.

Денешните деца не читаат весници и не гледаат телевизија, тие не ги бараат вестите, туку вестите ги наоѓаат нив преку „Јутјуб“, „Инстаграм“ и „Снапчет“. Или, попрецизно кажано, **компјутерскиот алгоритам** ги избира вестите што им ги прикажува, кои се „скроени“ токму за нив. Оттука, според Кивинен, на таквата содржина тие мораат да пристапат критично. **Лажни вести**, според негово мислење, не е баш најдобар израз, особено за децата. Многу покорисна е дефиницијата на три различни категории: **погрешни информации (misinformation)**, **дезинформации (disinformation)** – лажни информации што намерно се пласираат со цел да манипулираат со читателите и **„злобни“ информации (malinformation)** – информации што можеби се точни, но се со цел некому да му нанесат зло.

Националната наставна програма е дел од поширокатa стратегија што ја разви финската влада по 2014 година, откако во Финска почнаа да се пласираат лажни вести од други држави. Таа програма се покажа успешна, бидејќи Финска е на врвот на отпорноста на лажни вести во 35 европски земји. Целта е државата да биде сигурна дека секој граѓанин, од ученик до политичар, ќе може да ги препознава лажните информации и ќе дадат свој придонес во борбата против нив.

Ова е уште еден дел од **новинарски текст**, објавен на интернет (извор Мета.мк). Што научи од овој новинарски текст? Дали сметаш дека во него имаше корисни информации? Дали сметаш дека овие информации се точни?

# КАПКА ШТО ДАРУВА ЖИВОТ



**УЧЕСТВУВААТ:** Добри, Елена, Васко и таткото.

(Уличка крај парк и неколку дрвца. Клупа под дрвото крај патеката, по која доаѓаат три деца).

**ДОБРИ:** (Откако ќе дојдат до клупата). Еј, ајде малку да се одмориме.

**ЕЛЕНА:** Зар не се одмори додека спиеше на последниот час?

**ДОБРИ:** Кој? Јас? Слушај ти...

**ВАСКО:** Ајде сега, зар ќе се карате?

**ДОБРИ:** Слушна. Таа почна.

**ЕЛЕНА:** Ама, ти продолжи.

**ВАСКО:** Чекајте, во последно време вие постојано без причина се пречкате...

**ДОБРИ:** Се пречкаме, ама не е баш без причина. Таа постојано го навредува татко ми. Вели дека е дебел и дека ни фудбалска топка не може да прескокне, а не да скока од авион со падобран, како татко ѝ...

**ЕЛЕНА:** Вистината не треба да те навредува ниту тебе, ниту татко ти... Кога се повреди тато при последниот натпревар во скокање од падобран – доби златна значка. Сигурно си ја видел – постојано ја носи на реверот од палтото.

**ДОБРИ:** И татко ми има, не една туку две значки, ама ниту една не носи...

**ВАСКО:** Чекајте! Ако продолжите вака, веќе нема да се дружам со вас! Сам ќе си одам и ќе се враќам од училиштето. Ајде, подајте си рака и ова нека биде последна расправија!

**ЕЛЕНА:** (Подава рака.) Добро, нека биде така, извини...

**ДОБРИ:** Извини и ти.



(По патеката кон нив доаѓа таткото на Елена.)

**ЕЛЕНА:** Еј, еве го татко ми. Беше во болница, за контрола на ногата...

**ТАТКОТО:** Што правите овде деца? Да не сте избегале од час?!

**ВАСКО:** Не, нѐ пуштија порано еден час...

**ТАТКОТО:** Така ли? Сигурно наставниците ќе имаат наставнички совет... А тебе те знам, ти беше Васко, нели?

**ВАСКО:** Да...

**ТАТКОТО:** А, ти малечок, чиј си?

**ДОБРИ:** Јас сум Добри, на Трајко Фурнаџијата, не го знаете...

**ТАТКОТО:** На Трајко крводарителот, оној што ми го спаси животот пред два месеца?! Е, ако е така, јунаку, еве повели. (Ја вади значката и му ја подава.) Ќе му ја дадеш. Ја добив како награда за најдобро изведени скокови со падобран. Но, при последното скокање дувна силен ветер и ме однесе подалеку од целта. Паднав на лошо место и се повредив... Изгубив многу крв и ако не беше татко ти, кој има иста крвна група како мојата – којзнае што ќе се случеше со мене... Така ми рекоа во болницата кога се освестив... Еве, значкава му припаѓа нему.

**ДОБРИ:** Ама тој веќе има две значки од Црвениот крст...

**ТАТКОТО:** И мојава ќе е малку да ја има и да ја носи. Тој толку животи спасил како редовен крводарител што заслужува да има сто, а не само две-три вакви значки!



**ДОБРИ:** Добро, благодарам, ќе му ја дадам...

**ТАТКОТО:** И многу да го поздравиш...

(Таткото заминува.)

**ЕЛЕНА:** (Кон Добри). Извини, не знаев дека татко ти е таков хуманист...

**ВАСКО:** Уште многу работи не знаеш, туку ајде – веќе да немате кавги...



(Завеса)

**Киро Донев**

**значка** – метална или пластична плочка со симбол на некоја организација што се носи на дел од облеката како знак на припадност, членство

**ревер** – крај од горна облека свртен на градите

## РАЗГОВОР ЗА ТЕКСТОТ

- Објасни го значењето на насловот на овој драмски текст?
- Кој е главен настан во текстот?
- Како го оценуваш однесувањето на Елена на почетокот на разговорот, а како на крајот?
- Која е идејата во овој текст?

## ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ



1. пар/група – Истражете на интернет за активностите што ги организира Црвениот крст.



2. пар/група – Истражете за крвните групи и за начинот на дарување крв.

3. пар/група – Истражете за Светскиот ден на крводарителството.

## БИДИ КРЕАТИВЕН

На часот по ликовно образование дизајнирај значка што ќе се однесува на некое хумано дело.



Поделете си ги улогите и подгответе се за драматизација. Потрудете се изразно да го читате или да го научите вашиот дел од текстот. Соживејте се со улогата што ќе ја добиете и обидете се да глумите соодветно. За следниот час организирајте „театар во училница“.

# ЗАМЕНКИ И ВИДОВИ ЗАМЕНКИ

Потсети се!

- Што се заменки?
- Наброј ги личните заменки!

- Матеа многу сака мачиња. Таа редовно ги храни и ги негува. Тие секогаш одат по неа.
- Исак и Јаков се другари. Тие заедно одат на ракомет.

**ЗАМЕНКИ** се зборови што означуваат или посочуваат предмети, суштества и појави. Личните заменки се одликуваат со категориите **ЛИЦЕ** (прво, второ и трето лице) и **БРОЈ** (еднина и множина). Личната заменка за трето лице еднина има форми од трите рода – машки, женски и среден род.

| ЕДНИНА | МНОЖИНА |
|---|---|
| 1. лице – ЈАС | 1. лице – НИЕ |
| 2. лице – ТИ | 2. лице – ВИЕ |
| 3. лице – ТОЈ (м.р.) ТАА (ж.р.) ТОА (с.р) | 3. лице – ТИЕ |

**ЗАПОМНИ**

Покрај личните заменки, постојат и **ПОКАЗНИ ЗАМЕНКИ**. Показните заменки служат за посочување лица или предмети. Такви заменки се:

- За посочување **БЛИСКИ** предмети: **овој**, **оваа**, **ова**, **овие**.
- За посочување **ОДДАЛЕЧЕНИ** предмети: **оној**, **онаа**, **она**, **оние**.
- За посочување предмети **БЕЗ ПРОСТОРНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ**: **тој**, **таа**, **тоа**, **тие**.

- овој велосипед
- оваа кукла
- ова цвеќе
- овие топки



Предмети што се блиску до нас.

- оној велосипед
- онаа кукла
- она цвеќе
- оние топки



Предмети што се далеку од нас.

- тој велосипед
- таа кукла
- тоа цвеќе
- тие топки



Без просторно определување.

**Работи во тетратка!**



Која показна заменка ќе ја употребиш?

- ________ книга ја добив на подарок од Тео.
- Каде е топката? – Не знам. Сејхан си играше со _______ топка.
- Велат дека ______ зима била многу студена.
- Баба ми сплете шарени ракавици. Многу ги сакам ________ ракавици.
- Со _________ молив цртам на часот по ликовно.



**таа, овој, оваа, тие, онаа**

Сигурно забележа дека показните заменки: тој, таа, тоа, тие имаат иста форма како и личните заменки за трето лице еднина и множина. Размисли како ќе ги разликуваш?

Во следниве реченици пронајди ги **само показните** заменки!

- Јас учам во оваа училница, а Маја во онаа од спротивната страна.
- Ние отидовме со овој автомобил, а се вративме со оној на чичко Трајче.
- Тој отиде во паркот со велосипедот и ја најде таа шапка.
- Вие сте ја направиле највкусната торта. Таа торта ми е омилена!
- Тие денови сите беа многу тивки. Тие знаеја дека немаат право.

**ЗАПОМНИ**

Постојат и заменки што се користат во прашална форма со прашално значење. Тие се викаат **ПРАШАЛНИ ЗАМЕНКИ**. Прашалните заменки разликуваат форми за род и број. Некои од прашалните заменки се:

**кој/која/кое/кои?** **чиј/чија/чие/чии?** **што? колкав? каков?**

**Поделете се во три групи.**

Првата група нека биде **кој/која/кое/кои**?

Втората група **чиј/чија/чие/чии**?

Третата група **што/колкав/каков**?

Секоја група, според дадените реченици, треба да смисли и да запише прашање со односната прашална заменка. Внимавајте на родот и бројот! На пример, Петар ја скинал крушата.

**1. Кој ја скинал крушата?** **2. Чија е крушата?** **3. Што скинал Петар?**

- Софија си го загубила прстенот.
- Нивните деца постојано гледаат телевизија.
- Енвер купил голем ранец.
- Нашите папагали постојано црцорат.
- Томче замина со својот велосипед.
- Ариф и Мелек ги изедоа оревите.

# УПОТРЕБА НА ГОЛЕМА ИЛИ НА МАЛА ПОЧЕТНА БУКВА

**Да се потсетиме!**

Со голема печатна буква се пишуваат: имиња на географски поими – градови, населени места, држави, континенти, планини, реки, езера; имиња на жители и народи на држави и континенти; жители на области. Голема почетна буква се употребува и при учтиво обраќање со личната заменка Вие.

| **Географски поими – континенти, држави, градови, области, села, езера, реки, планини, котлини** | **Имиња на жители и на народи на држави, континенти и области** | **Учтиво обраќање со заменката *Вие* и со нејзините форми *(Вас, Ве, Вам, Ви)*** |
|---|---|---|
| • Европа, Азија, Америка<br>• Франција, Германија, Северна Македонија, Грција, Албанија<br>• Скопје, Неготино, Тетово, Пробиштип, Радовиш, Кичево, Битола, Ресен<br>• Малешево, Тиквеш<br>• Вевчани, Волково, Пепелиште, Куклица, Богомила, Росоман<br>• Преспанско Езеро, Охридско Езеро<br>• Вардар, Црна Река, Брегалница<br>• Шар Планина, Галичица, Матка<br>• Овче Поле, Полог, Пелагонија | • Македонци<br>Албанка<br>Србин<br>Французин<br>Јапонци<br>Словенка<br><br>• Европеец<br>Американка<br>Австралијци<br><br>• Малешевец<br>Мариовка | • Вие ни подаривте убава поезија за деца.<br>• Би сакале прво Вие да се обратите.<br>• Сакам да Ве замолам...<br>• Ви се обраќам Вам!<br>• Сакам да Ви честитам за постигнатиот успех.<br>• Би сакала да Ве прашам... |

**ЗАПОМНИ**

Присвојните придавки изведени од овие именки се пишуваат со мала почетна буква. На пример: Највкусен е македонскиот ајвар. Текстот што го читавме е од српски писател. На европскиот континент има многу држави со богата историја и култура. Сите албански туристички места се прекрасни.

Имињата на жителите на градовите и селата се пишуваат со мала почетна буква. На пример, скопјанец, кавадарчанец, кратовчанка, беровчани, битолчанка, тетовчанец, охриѓанка, вевчанец, ваташанец, галичанец/галичанка, сопотчанец/сопотчанка, струмичанец, дојранчанка и др.

Состави пет реченици во кои ќе има: име на народи на држава, име на жители на град, име на град или село, географски поими и учтиво обраќање.

# ГОЛЕМА БУКВА ПРИ ПИШУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ

Маја и Дарко секогаш се подготвуваат за прославување на празниците. Празниците се радост во секое семејство, па така и во семејството на Маја и Дарко. Тие за празникот **8 Септември** го изработија македонското знаме од колаж, а за празникот **11 Октомври** го вееја знамето и рецитираа стихотворби. Нивните баба и дедо редовно ги посетуваат за **1 Мај** и сите заедно одат на излет. Најомилен празник на Дарко е **Божиќ**, а на Маја е **Нова година**. Тие се најсреќни кога нивните братучеди од Австрија доаѓаат на нивната домашна слава, **Свети Димитрија**. Тогаш сите заедно си играат и се забавуваат.

✓ Што е напишано во текстот со задебелени букви?
✓ Во имињата на празниците напишани со цифра, кој збор е со голема буква?

**ЗАПОМНИ**

- Ако првиот дел од името на празникот е напишан со цифра, следниот збор почнува со голема буква (на пример, 24 Мај);
- Името на празникот што во себе содржи цифра и збор, кога се пишуваат само со зборови, тогаш првиот збор (цифрата), се пишува со голема буква, а зборот со мала буква (на пример, Први мај);
- Ако името на празникот содржи само еден збор, тогаш тој се пишува со голема буква (на пример, Божиќ);
- Ако празникот содржи два збора, од кои вториот е сопствена именка, тогаш и двата збора се пишуваат со големи букви (на пример, Голема Богородица).

Препиши ги во тетратката празниците во кои почетната буква е погрешно напишана и коригирај ги.

Осми Март, 8 септември, Бајрам, Св. никола, Први Мај, единаесетти октомври, 24 Мај, рамазан бајрам, Втори Август.

**ТЕХНИКА – ЗСН**

Нацртај табела со три колони во својата тетратка.
Во првата колона запиши ШТО ЗНАМ за пингвините?
Во втората ШТО САКАМ ДА НАУЧАМ за пингвините?
А, во третата колона ШТО НАУЧИВ за пингвините?
Првите две колони пополни ги пред да го слушнеш текстот, а третата откако ќе го слушнеш текстот.

# ГОСПОДИНОТ СО ЦРН ФРАК

Леле другарчиња, колку малку ние, луѓето, знаеме за животот на некои животни или птици. Особено за оние што живеат подалеку од нас, на некој друг континент!

Еве, утрово, на пример, во зоопаркот, се запознав со еден фин „господин“ во црн фрак!

Да, се запознав со Пингвинот, кој со својата појава повеќе личи на некој отмен човек, отколку на морска птица. Навистина, тој не може да порасне повеќе од еден метар, да биде потежок од триесетина килограми, или да доживее старост повеќе од дваесет години, но со право во светот на птиците, поради облеката и изгледот, е наречен – „Господинот со црн фрак“.




Кога го видов онака елегантен, гордо исправен врз карпата, среде малото езерце во зоопаркот, побрзав да го поздравам:

– Добро утро, господине! Како сте?

– Не „господине“, ами Ваше Височество! – ме исправи тој. – Јас сум „Кралски Пингвин“ и не дозволувам да ми се обраќаат како да сум обичен – Хумболтов или Пагонски пингвин!

– Кралски пингвин, а без круна? – му забележав сега јас.

– Во семејството на пингвините, само Крунскиот има круна на главата. Но, што му вреди таа кога половина метар е помал од мене, полесен е и повеќе прилега на домашна пајка, отколку на нашиот отмен сој!

– Навистина и без круна си убав, само уште да можеш да леташ – реков.

– Кога сум под вода, минувам десет метри во една секунда. Што е тоа, ако не е летање? Побрзо пливам од многу риби. Тоа ми е единствениот спас

од мојот најголем непријател Морскиот Лав. А, знаеш ли дека кога сум во водата, можам да скокнам во височина и до два метра?

– И тоа не сум го знаел! – признав.

– А, што друго знаеш за мене? – ме праша сега тој.

– Па... тоа, дека се храниш со риба, со ракови и со разни мекотели што ги наоѓаш во водата или на копното, дека си речиси, секогаш гладен, но и дека подолго време можеш да издржиш без храна...

– А од каде сум донесен овде, знаеш ли?

– И тоа не го знам – повторно се срамев поради своето незнаење.

– И тоа и уште многу нешто, можеби не знаеш. Туку, ајде јас да ти кажам, а ти да запомниш! Ние, пингвините, сме жители на антарктичкиот континент, на недогледните ледени површини на Јужниот Пол и на островот Галапагос, нѐ има стотици илјади.

– Тоа значи дека многу бргу се размножувате – го прекинав.

– Напротив, секоја пингвинка снесува по едно, најмногу до две јајца. И ние се размножуваме исто како птиците. Кога ќе дојде времето за тоа, излегуваме од морето и на копното ископуваме малечка дупка, ја заградуваме со камчиња, потоа пингвинката снесува едно јајце и грижливо лежи врз него. По неколку недели малото се испилува. За да порасне што побргу, на смени мораме да му носиме што почесто и што повеќе храна. А, потоа...

– Потоа, се знае – реков – само мора да се грижи за себе, нели?

– Е, не е така! – ме изненади уште еднаш Пингвинот. – Тогаш сите новородени пингвинчиња мораат да одат во „градинка“!

– Чудно! Неверојатно! – се вчудовидов.

– Но, вистинито! – рече Пингвинот. – Сѐ додека пораснат, малите пингвинчиња живеат во колонија и за нив секој ден се грижат оние стари пингвини што немаат семејни грижи и други проблеми. Дури по неколку месеци ја напуштаат колонијата и сами се пробиваат во животот. Ете, сега можеш да тврдиш дека знаеш, речиси, сѐ за мене! – заврши „Господинот во црн фрак“ и без да се поздрави, се нурна во водата и за миг – исчезна.



**Киро Донев**

**фрак** – вид свечено палто, најчесто црно

**колонија** – организми од еден вид здружени на едно место

## ОДГОВОРИ

- Пополни ја третата колона од табелата ЗСН. Што забележуваш? Колку нови факти научи за пингвините преку овој текст?
- Зошто пингвинот има прекар „Господин во црн фрак“?
- Кој го води разговорот во текстот?
- Како се раѓаат пингвинчињата и кој се грижи за нив?
- Пронајди го делот во кој е искажана и грижата на мажјакот за малите пингвини.



Секој ученик нека смисли прашање во врска со пингвините. Ставете ги сите прашања во **АКВАРИУМОТ**. Потоа, секој нека извлече прашање и нека се обиде да го одговори. Така ќе знаете колку сте научиле за пингвините.

## ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

Преку овој текст можеш да дојдеш до одредени научни сознанија и факти. Ваквиот вид текстови се нарекуваат **НАУЧНО-ПОПУЛАРНИ** текстови. Авторите на научно-популарните текстови, наместо механички да ги пренесуваат фактите, користат пристап што е разбирлив за читателот или слушателот (преку настани и ликови). Следниот текст „Пустински брод“ од книгата „Приказни со четири нозе“ од истиот автор е исто така научно-популарен текст.

# ПУСТИНСКИ БРОД

Во мојата лична карта, покрај името – КАМИЛА – ќе можете да го сретнете и прекарот „Пустински брод“.

**Дали се лутам што ми го наденале тоа име?**



Не, зашто навистина прилегам на таков брод додека патувам натоварен низ тоа огромно море од песок.

А, искрено да ви кажам, воопшто не е лесно да се „плови“ низ пустините и степите со товар на плеќите од сто и педесет килограми.

Ниту едно друго животно не може да издржи да патува по дваесет часови на ден, за два месеца да мине и до илјада километри и тоа со брзина од четири километри на час. А за мене тоа е само обична работа.

Ете, токму затоа на човекот сум му многу потребна и полезна. А тој не само што ме користи како товарно и превозно средство, ами ме впрегнува и си ги ора нивите, јас му ја влечам запрегата, му го движам мелничкото колце кога треба да сомеле жито, ме јава кога треба да оди некаде подалеку и така натаму.

Многумина се чудат како во неподносливите жештини минувам толкав пат низ пустините, без да ожеднам, без да се засолнам некаде под сенка.

**Ќе ви откријам една малечка тајна.**

Природата предодредила мојот желудник, освен за варење на храната, да ми служи и како резервоар за вода. Всушност, тој е разделен со три прегради, три мешини. Во двете од нив се собира и се вари храната, а во третата, во чии ѕидови има многу ситни ќелии, се собира водата.Тука може да се собере и до седум литри вода. Така, кога ќе ожеднам за време на патувањето, јас се напојувам од мојот внатрешен резервоар.

Инаку, ние камилите можеме да бидеме едногрби и двогрби. Сè зависи од тоа – колку грби имаме на плеќите. Луѓето со право нè вбројуваат меѓу најкрупните животни на Земјата, зашто по слонот и жирафата, ние сме највисоките цицачи. Можеме да бидеме високи и до два метра.



**А колку сме тешки?**

Околу четиристотини килограми.

И да знаете, висината и тежината воопшто не ни пречат при одењето и при извршувањето на работата. Навистина и меѓу нас, камилите, има и побрзи и побавни, така е и кај сите други животни. Затоа луѓето уште на самиот почеток, откако ќе наполниме три години, ни ја кројат судбината. При дресирањето нè определуваат: ако сме многу крупни, силни и тромави, нè одредуваат за носење товар, а ако сме повити, нервозни и вешти, ни ставаат седло и служиме за јавање. Лесно го учиме она што го бараат господарите од нас. Но, и многу бргу се лутиме. Во секој момент сме подготвени да го каснеме оној што нè лути и што ни додева. Но, кога човекот постапува добро со нас, тогаш и ние сме добри, кротки и му остануваме верни и приврзани.

**Дали ми е тешко овде?**

Па, како да ви кажам... веќе се навикнав. Добро ме хранат, не работам ништо, а средбите со децата секогаш ми се пријатни. Особено ми е мило што со толку голема љубов и почит се однесуваат спрема моето малечко. Секој сака да го види, да го допре, да му даде нешто да си касне. Многу деца кога слушнаа дека сум го родила, веднаш дотрчаа да го видат. А тоа се роди со широко отворени очи, како и сите други камилчиња. Но беше мошне слабо, одвај стоеше на нозе. Долго време не можеше да се поткрене за да цица, а децата беа загрижени, сакаа да влезат, да го поткренат, да му помогнат. Тие не знаат дека тоа мора така да биде. Сите наши новороденчиња се такви на децата беа загрижени, сакаа да влезат, да го поткренат, да му помогнат. Тие не знаат дека тоа мора така да биде. Сите наши новороденчиња се такви на почетокот: слабикави, не можат да стојат на нозе, не можат добро да јадат, но полека, веќе во вториот месец, и сами почнуваат да пасат, а дури по две години, забите толку им зацврстуваат што можат да јадат секаква храна.



**Што ми е најтешко?**

Честопати мислам на моите роднини и пријатели што останаа да ги крстосуваат пустините и саваните. Но, сепак, се тешам што моето малечко,

на кое зоопаркот му е роден дом, ќе биде поштедено од напорните и далечни беспаќа на пустината. Бидејќи добро нè гледаат и чуваат овде, ќе можеме да доживееме и длабока старост – четириесет години.

**Киро Донев**



**степи** – безводни рамнини што поднесуваат суши

**запрега** – кола во која се впрегнати животни

**мешина** – кожена направа за чување и пренесување течност

**беспаќе** – предел, место без пат

## РАЗГОВОР ЗА ТЕКСТОТ

- Која е темата во текстот? Каков е овој текст според видот?
- Кој разговара во текстот? Со кого разговара? Кој ги поставува прашањата, а кој ги дава одговорите?
- По што се разликува овој текст со претходниот во однос на комуникацијата?
- Во кој од овие текстови има дијалог, а во кој монолог?
- Цитирај ги зборовите на камилата кога опишува дека ѝ е тешко во зоопаркот!

Поделете се во две групи. Едната група нека ги напише во тетратките оние делови од текстот што се во прво лице еднина, а другата група деловите што се во прво лице множина.

# ШАРЕН СВЕТ

Патувај од едниот до другиот крај на светот –
нигде не можеш да најдеш две исти ливчиња од цветот!
Не лути се што не сме исти во СЀ!
Еве одговор за твоето НЕ!
Најубаво е детското царство –
различностите во него плетат другарство.



Меѓу нас многу разлики има,
но најважно е другарството да не „клима“.
Почитувај ја различноста и толерантен биди,
сега си дете, а утре голем човек биди.

Девојчиња, момчиња, големи, мали,
сонувачи на мечти – љубов да нѐ гали,
дали сме различни или со некого слични,
почитта и разбирањето нѐ прават лични.

**Марина Станиславова**

**клима** – ниша, мрда

**лични** – убави



**ОДГОВОРИ**

- За што се зборува во оваа песна?
- Како го разбираш стихот „Најубаво е детското царство – различностите во него плетат другарство“?
- Одбери го стихот што ти остави најголем впечаток и објасни зошто.
- Што мислиш, зошто оваа песна се вика „Шарен свет“? Објасни!

# ПРИЛОЗИ

Разгледај ја илустрацијата и прочитај го разговорот. Потоа пронајди ги зборовите што одговараат на дадените прашални зборови (следи ја бојата на облачињата).

КОГА?

КАДЕ?

КАКО?

КОЛКУ?

4. Ова цвеќе може да го одгледувате и надвор и внатре.



3. Ве молам, цврсто спакувајте ми го она цвеќе кое расте високо.

2. Тета ќе добие многу цвеќиња за роденденот!

1. Утре, рано наутро ќе ѝ го дадам букетот на тета!

### ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

Сигурно ги откри зборовите: **утре**, **рано**, **наутро**, **надвор**, **внатре**, **цврсто**, **високо**, **многу**. Тие зборови се викаат **ПРИЛОЗИ**. **Прилози** се зборови што ги дополнуваат глаголите по **место**, **време**, **начин** и **количество**.

**ВРЕМЕ – кога?** **МЕСТО – каде?** **НАЧИН – како?**
**КОЛИЧЕСТВО – колку?**

**Работи во тетратка!**

Внеси ги односните прилози, така што ќе добиеш правилни реченици.

- Роденденот го прославивме __________. (каде?)
- ____________ ја напишав домашната задача. (како?)
- ____________ живееше мојот дедо. (каде?)
- _______________ сакам да шетам покрај реката. (кога?)
- Откако ги слушнав поените се почувствував __________. (како?)
- Имаше десетина јаболка, а круши _____________ повеќе. (колку?)

добро
овде
брзо
двојно
наутро
дома

Според прашалниот збор, откриј во која група припаѓаат дадените прилози и поврзи соодветно!

овде, онде, таму, близу, далеку, горе, долу, натаму, наваму, напред, назад, лево, десно

малку, многу, толку, неколку, николку, сосем, доста, онолку, двојно, тројно, премногу

**ВРЕМЕ**

**МЕСТО**

**НАЧИН**

**КОЛИЧЕСТВО**

вечер, утре, лани, денеска, доцна, рано, тогаш, некогаш, никогаш, сега, одамна, после

добро, лошо, така, вака, онака, некако, секако, брзо, полека, тешко, јасно, чисто, смешно

Формирајте групи. Одберете една тема и заеднички составете текст (околу десет реченици). Во текстот употребете колку што е можно повеќе од дадените прилози:

право, лево, десно, одамна, натаму, наваму, понатаму, долго, набргу, потоа, конечно, многу, малку, лесно, тешко, забрзано, близу, кратко, брзо, внимателно, полека, јако, цврсто, сигурно, трпеливо, рачно, вчера, денеска, утре, доцна, рано, смешно, чисто, вака, така

Теми:

- „На часот по физичко и здравствено образование“
- „Се исплашив од невремето“
- „Одиме на излет“

Откако ќе го напишете составот, распоредете ги употребените прилози на сообразното место во табелата.

| време | место | начин | количество |
|---|---|---|---|
| | | | |

# СВРЗНИЦИ

Внимателно прочитај го текстот. Обрни внимание на зборовите во друга боја.

## ВО РИБАРСКАТА КОЛИБА

Златко успеа да се спаси од широкиот клун на дивата гуска, **но** сега го снајде друга невола: почна да врне. На почетокот дождовните капки беа едри, **но** ретки. **Колку повеќе** одминуваше времето, дождот стануваше сè погуст **и** посилен. Одеднаш како да се отвори небото **и** од него се излеваа цели потоци вода.



Мачето го фати паника, **бидејќи** немаше каде да се засолни.

За негова среќа, зад една шамакова туфка здогледа осамена рибарска колиба **и** со неколку скока се најде пред нејзиниот праг. Колибата немаше врата.

Најпрво, **како што** тоа би го направила секоја умна мачка, од прагот Златко внимателно ја разгледа внатрешноста на колибата **и,** кога се увери дека таа е сосема празна, влезе **и** се скупчи во едно ќоше, врз куп пресно **и** мирисливо сено.

Светкавиците престанаа, грмотевиците папсаа, **но затоа,** пак, дождот се засилуваше. Накостреженото маче слушаше како дождовните капки удираат врз трсковитиот покрив на колибата **и** како трската шумоли како да се брани од силните удари. Зад колибата, исто така, шушкаа **и** зелените трски, **но** тоа шушкање му се чинеше некако живо, весело, радосно. Дождот, кој сега врнеше посмирено **и** рамномерно, го исполнуваше просторот со својот едноличен плисок.

Златко се поослободи, се опушти, шумолењето на дождот го занесе во својата плавна музика **и** тој заспа.

**Видое Подгорец**

Сега прочитај го текстот така што ќе ги изоставиш означените зборови.
Кои реченици се повеќе разбирливи со овие зборови, а во кои реченици тие зборови можат да се изостават?
Дали успеа да ја разбереш улогата на означените зборови?
Сигурно откри дека овие зборови **поврзуваат зборови и реченици**.

**едри** – крупни, големи
**шамакова** – направено од растението шамак – трска
**туфка** – снопче
**папса** – се истошти, се измори

## ЗАПОМНИ

**СВРЗНИЦИ** се зборови што поврзуваат други зборови или цели реченици. На пример, Мартин **и** Сара спијат. (поврзува два збора)

Мартин и Сара спијат **и** сонуваат слатки соништа. (поврзува две реченици)

Можат да бидат составени од:

– еден збор: **и, а, но, ама, или, бидејќи, да, иако** итн.

– два или повеќе зборови: **за да, затоа што, макар што, како да** итн.

## ВЕЖБАЈ

Во првата и третата колона се дадени деловите од реченицата, а на средината се дадени сврзници. Пронајдете го соодветниот сврзник за да добиете правилна реченица. Целосните реченици препишете ги во својата тетратка и проверете ја точноста.

| | | |
|---|---|---|
| Тргнав порано | **и** | стигнам навреме. |
| Енвер не дојде на тренинг | **а** | си ја повредил раката. |
| Ева го испи млекото | **за да** | си ја избриша устата. |
| Излегов да прошетам | **затоа што** | знаев дека ќе заврне. |
| Зоран сакаше сладолед, | **иако** | Маја чоколада. |
| Се обидуваше да заспие, | **но** | сон не го фаќаше. |

Употреби го потребниот сврзник за да добиеш правилна реченица. Пишувај во тетратката.

- Иван ги реши задачите, ___ не беше сигурен дека се точни.
- Ја облече јакната ___ брзо излезе низ вратата.
- Јана сакаше куче, ___ Дамјан маче.
- Отидов во продавница ______ купам леб и млеко.
- Ќе учам __________ утре имам тест.

# УБАВ ЗБОР

Студен декемвриски ден. Северниот ветер брише сè пред себе. Најубаво дува во горага и ги тера нејзините жители подлабоко да навлезат во своите зимски засолништа. Безмилосно се провира низ гранките на дрвјата. Ги вкочанува од студ и им ги кине последните лисја.



Стариот даб и младата бреза се на крајот на горага. Северецот најсилно налетува на нив. И додека дабот со своите широки и јаки плешки му се спротивставува, кревката бреза, исплашена и премрзната, со сета сила води борба со него. Се вие до земја да ги зачува гранките од кршење...

Дабот со тага ја гледа нејзината мака. Сака да ѝ помогне, да ја заштити, но поради далечината не може. Да е малку поблиску, ќе стореше нешто. Затоа му е жал и страда заедно со неа. Се труди да смисли нешто со што би можел да ѝ олесни. Најпосле се сети.

– Драга брезо, одамна сакам да ти кажам дека со твоето постоење го украсуваш светот. Секој ѝ се восхитува на твојата грациозност и витост. Гледајќи те и јас се воодушевувам и среќен сум што си ми сосетка...

Од овие убави зборови брезата се зарумени. Сети топлина, а таа ѝ се разлеа низ целото тело. Сега виткањето ѝ заприлега на игра со ветрови...

Сакаше да му одговори.

– Ти благодарам, добар соседу. И ти си секогаш величествен. Во пролет, кога младите, нови листенца ти ги сменуваат старите, во лето кога со твојата широчина ја красиш целата гора, во есен искитен со чудесни желади и во зима загрнат со огромна бела пелерина од кристални снегулки – но не можеше да зборува.

А дабот како да го разбра сето тоа. Се расположи и со младешки, весел глас продолжи.

– Нежна си како срничка. Твоите лисја, тие прекрасни мали балерини, танцуваат усогласено и при најмалечок провев. Се насладувам гледајќи ја нивната игра.

Брезата стана уште порадосна. Смогна сила и да зборува.

– Ти благодарам добар соседу, драг дедо дабе. Твоите зборови ме оснажија. Ветерот веќе не ме плаши.

И додека брезата и дабот и понатаму продолжуваа да се радуваат на заемната близина и пријателство, едно желатче скокна од гранките долу и весело извика:

– Убавиот збор со пари не се купува. Тој е најдобар лек за душата и влегува право во срцето.

**Нада Зекманова-Јакимова**

**плешки** – плеќи

**грациозност** – привлечност, нежност, со хармоничност во движењата

**пелерина** – широка наметка за врз облеката, без ракави

**оснажи** – даде сила, енергија, прави посилен

## БИДЕТЕ КРЕАТИВНИ

Работете во групи (или парови).
**Анализирајте го текстот и изработете книга за него!**
Прва група – Изработка на корица на книгата
Втора група – Опис и илустрирање на местото и времето на настанот
Трета група – Опис и илустрирање на дабот
Четврта група – Опис и илустрирање на брезата
Составете ги деловите од секоја група и презентирајте ја вашата книга!



Запиши ги реченициите што ги кажува дабот.



Запиши ја реченицата што ја кажува брезата.

# ЗБОРОВИ СО СПРОТИВНО ЗНАЧЕЊЕ

Прочитај го описот на двете девојчиња. Спореди по што се разликуваат.

Јас сум Виола. Имам долга темна коса. Имам ситни кафени очи. Носам кратки панталони.



Јас сум Сања. Имам кратка руса коса. Имам крупни сини очи. Носам долго здолниште.

долга, темна, ситни, кратки

кратка, светла, крупни, долго

**ЗАПОМНИ**

Забележа дека Виола и Сања се разликуваат по повеќе нешта. Зборовите со кои се опишани имаат **спротивно значење**. Тие се нарекуваат **АНТОНИМИ**.

Состави реченици во кои ќе ги употребиш антонимите прикажани на сликите. На пример: Момчето и девојчето се радуваат.













Игра – Кажи го спротивното! Едниот учесник од парот запишува збор, а другиот за време од пет секунди треба до него да го запише зборот со спротивно значење. Работете наизменично. Запишувајте си по еден поен за секој точен одговор.

Поделете се во групи. Групата која прва ќе ги запише точните антоними ќе биде победничка. Бидете брзи и внимателни! Запазете го родот и бројот на дадените зборови!

млад, џин, бела, право, тенки, мазен, изморен, празна, сит, темен, чист, ноќи, зима, бучно, болен, бавна, мек

Препиши ги зборовите со спротивно значење (антонимите) од следниот текст.

## Некогаш и никогаш

Некогаш, а можеби било и никогаш, се здружиле едно Некогаш и едно Никогаш. А, потоа со векови и векови вака другарувале:

Кога Некогаш одело **лево**, Никогаш одело **десно**.

Кога Некогаш лежело, Никогаш трчало.

Кога Некогаш се гостело, Никогаш постело.

Кога Некогаш се **соблекувало**, Никогаш се **облекувало**.

Кога Некогаш нуркало, Никогаш летало.

Кога Некогаш се капело, Никогаш цапало во кал.

Кога Некогаш се смеело, Никогаш плачело.

Кога Некогаш се сончало, Никогаш треперело од студ.

Кога Некогаш молчело, Никогаш врескало.

Кога Некогаш градело, Никогаш уривало.

Кога Некогаш донесувало, Никогаш фрлало.

Кога Некогаш фалело, Никогаш кудело.

Кога Некогаш сеело, Никогаш жнеело.

Кога Некогаш разбиструвало, Никогаш матело.

Кога Некогаш се ширело, Никогаш се стеснувало.

Кога Некогаш растело, Никогаш се смалувало.

Кога Некогаш едно, Никогаш друго.

И сѐ така. А еден ден, некогаш, а можеби било и никогаш, Некогаш и Никогаш почнале да работат една иста, наполно иста работа.

Така се спречкале и се испокарале.

Оттогаш Некогаш и Никогаш веќе не можат да се сретнат заедно.

Одат само одвоено.

**Александар Кујунџиски**

# ЗБОРОВИ СО ИСТО ИЛИ СО СЛИЧНО ЗНАЧЕЊЕ

Прочитајте ги описите на двете деца. Разговарајте како Ален и Стефан ја опишале сликата. Споредете ги зборовите што ги употребиле.

**АЛЕН**





**СТЕФАН**



Надвор веќе е темно. Илче ја стави облеката во плакарот, се спреми за спиење и ја исклучи ламбата. Си легна во своето топло легло и се завитка во синото ќебе. Тој ги заборавил своите чевли во собата.

Надвор веќе е мрачно. Илче ги стави алиштата во шкафот, се подготви за спиење и ја изгаси светилката. Си легна во својата топла постела и се замота во сината покривка. Тој ги заборавил своите кондури во собата.

**ЗАПОМНИ**

Забележавте дека Ален и Стефан ја опишале сликата на ист начин, и покрај тоа што користеле различни зборови.

Зборовите со **различна форма, но со исто или слично** значење се нарекуваат **СИНОНИМИ**.

Напиши СИНОНИМИ за следните зборови:

жешко, досетлив, студено, тераса, очила, семејство, влажно, учебник, работлив

- Препиши го краткиот текст, така што затемнетите зборови ќе ги замениш со нивните синоними!

Мравката цело лето беше **работлива** и се **спремаше** за **ладната** зима, а нејзиниот **комшија** штурецот си свиркаше и си **муабетеше** сам со себе. Таа му **зборуваше** дека **набрзо** ќе дојде зимата, ќе биде **студено** и ќе снема **јадење,** но тој не ја сфаќаше сериозно. Кога фати студот, гладниот штурец **зачука** на **портата** на мравката.

# ИСТИ ЗБОРОВИ СО РАЗЛИЧНИ ЗНАЧЕЊА

Внимателно прочитај го текстот и обрни внимание на затемнетите зборови.

Јас и Махир отидовме во **град** за да купиме **блок**. По некое време се заоблачи и почна да паѓа силен дожд. Ние немавме чадори. Почнавме да трчаме кон најблискиот **блок** згради за да се засолниме. Почна да паѓа и **град** и за брзо време пред нас се направи голем **куп** бели зрна. Махир носеше капа, а мојата **коса** беше целосно мокра. Стоевме околу половина **час**. Откако престана да врне, тргнавме по нашиот **пат**. Кога стигнавме дома, дедо ја носеше неговата **коса** кон подрумот, тато се подготвуваше да пече **скара** за да вечераме додека го гледаме фудбалскиот **куп**, а мама нè **скара** затоа што по којзнае кој **пат** ни се имаше случено вакво нешто – да излеземе во незгоден **час**.

Што заклучи? Објасни зошто, всушност, се затемнети зборовите!

**ЗАПОМНИ**

Зборовите со иста форма, а со различно значење се викаат ХОМОНИМИ.

На пример: Таа имаше своја **цел** и затоа по **цел** ден учеше.

Според секоја слика, напиши по две реченици во кои ќе ги употребиш односните зборови – хомоними: **писмо**, **глувче**, **коса**, **блок**, **земја**, **јазик**.









Напиши реченици во кои ќе ги употребиш следниве хомоними: **глава**, **чело**, **каса**, **син**, **смее**.

# ПРЕНОСНО ЗНАЧЕЊЕ НА ЗБОРОВИ, ИЗРАЗИ И РЕЧЕНИЦИ

Прочитај ги следниве реченици и обиди се да го сфатиш нивното значење. Запиши во својата тетратка како ја разбираш секоја реченица.

- Надвор е камен студено.
- Чичко Тасе е срце човек.
- Занаетот му беше испечен.
- Го чуваат како капка вода.
- Мелеш како воденица

**ТРЕБА ДА ЗНАЕШ**

Во усното или писменото изразување употребуваме зборови. Зборовите можат да се употребуваат во нивното **ОСНОВНО** значење, но можат да се употребат и со **ПРЕНОСНО** значење.

На пример: Денеска бевме на **планина**. Ти си **планина** човек!

Во двете реченици е употребен еден ист збор **(планина)**, но разликата е во значењето. Во првиот пример зборот планина е употребен во неговото **основно** значење, а во вториот пример, со неговото **преносно** значење. (Ти си планина човек, значи дека човекот е јак, голем, снажен.)

Објасни го преносното значење на дадените реченици. Потоа, запиши нова реченица во која ќе го употребиш зборот во неговото основно значење.

На пример:

Се продадоа како **алва**. Многу брзо се троши. Има побарувачка.

Во слаткарницата се продава вкусна **алва**.

Си легна на **брашното**.

Се исплаши и фати **магла**.

Се **скинаа** од смеење.

**Игра** како што му свират.

# ЗИМА

Декември. Почнува зима.
Небото се расточува во преѓа бела.
Во бел шал ја завиткува реката,
ги избришува патиштата,
ги завејува селата.

Денот е сив и строг,
сличен на зајачки скок.
Сонцето, бегло,
ќе се истркала по белината
и гледаш, слегло,
отаде ридот или планината.

А во планината, а во горага,
ноќта е страшна и дива.
По мрачни долишта,
по ридја бели
ветерот ја влече својата грива,
а рој разлутени оси
во око ја боцкаат зората.

Некаде во честаците,
во далечината,
грозно завива самотна волчица
кон фенерот на месечината.

**Видое Подгорец**

## РАЗГОВОР ЗА ПЕСНАТА

- Како го разбираш стихот:
„Небото се расточува во бела преѓа“?
- Што значат стиховите:
„Во бел шал ја завиткува реката,
ги избришува патиштата“?
- Зошто авторот денот го споредува со зајачки скок?
- Што се случува со сонцето?
- Зошто авторот ноќта ја опишува како страшна и дива?
- Зошто ветерот е спореден со грива?
- Какви оси ја боцкаат зората?
- Како го замислуваш „фенерот на месечината“?



**преѓа** – испреден конец од волна, памук, лен

**бегло** – површно, набрзо

**грива** – долги влакна над вратот и на главата на коњите

**честаци** – густ дел од шума

# ГЛАГОЛИ

Размисли, што се искажува со зборовите што се задебелени во речениците?




Фатмир и Ана **читаат** интересна приказна.



Мерита и нејзиниот брат редовно **мијат** заби.

**ЗАПОМНИ**

Зборовите со кои се означува дејство се викаат ГЛАГОЛИ.

Дејството што се означува со глаголот се поврзува со **вршител на дејството** и со **време на вршење на дејството**.

Препиши ги следниве реченици во тетратка и подвлечи ги глаголите!

1. Марко пишува во новата тетратка.
2. Продавачката ми врати кусур.
3. Децата играат кошарка во училишниот двор.
4. Учениците отидоа на екскурзија во Охрид.
5. На пазарот имаше многу овошје и зеленчук.
6. Димитар си купи нова книга.
7. Владимир го намести својот кревет.
8. Девојчињата учествуваа на фудбалскиот натпревар.
9. Во градот шетаа многу туристи.
10. Ајлин ги дуваше свеќичките на тортата.

Внеси го односниот глагол! Пишувај во тетратка.

| | |
|---|---|
| 1.Тато _____________ садови. | 4. Рибарот ________ со јадица. |
| 2. Децата ___________ со топката. | 5. Вчера _______________ со воз. |
| 3. Мама ____________ на компјутер. | 6. Жабите ___________ во барата. |

# НОВОГОДИШЕН СОН

1. Време е пред Нова година. Некогаш сум бил дете. Нешто ме враќа назад. Така е со Новата година. Во раната возраст си ја замислувал свечено облечена. Како и Дедо Мраз, се разбира. Не биле исти, ама блиски.

Си мислел, сиот возбуден, Новата година мора да е снежна кралица во бел фустан. Уште и со вита става и дотерана коса. Со рака што знае да те помилува. И со насмевка што нешто ти ветува. А она што го ветува, сака да ти го исполни. Да биде подарежлива од старата, која веќе си оди.

А за Дедо Мраз, си мислел, е моќен старец со румено лице, бескрајно насмеано. И секогаш е со бела брада. Тој мора да се појави во новогодишната ноќ. А нема да сетиш кога. Ќе дојде за да ги исполни соништата што кротко спијат во тебе.



Имало многу возбуда во тој новогодишен сон. Така било кога сме биле деца... И сме верувале дека сè е јаве. А и добро било што сме имале своја сонувана вистина.

Зошто да не? Нова година и Дедо Мраз доаѓале заедно и биле задолжени да донесат радост и среќа.

2. Ајде да си го замислиме градот во предновогодишен амбиент. Во името на радоста и возбудата, насекаде... Светилки на секој агол, во излозите, по дрвјата, насекаде... Голема елка за Новата година. И не еден, ами многу дедомразовци околу нас. А ниеден од нив не е „вистинскиот“. Вистинскиот е невидлив. Нема да сетиме кога дошол и кога отишол. А и што ни оставил. Многу продавачи околу нас... Нудат разни „диндири-миндири“ во деновите пред Нова година. Ќе дојде Таа за да биде од весела, повесела. А и за да се слее во заедничка возбуда, да ни биде среќна. Ќе ја пречекаме со ѕвезден огномет распрскан високо над градот.

За Нова година само ако падне снег... Тогаш радоста ќе биде целосна и преголема. Ако заснежи, велат, годината ќе биде бериќетна.

Кога ќе замине новогодишната ноќ... Знае да ни остави и малку жал за пребрзиот блесок. Сме добиле што сме добиле, а другото ќе дојде низ нејзиниот тек од триста шеесет и петте дена. Или нешто ќе остане за следната... А и за оние нови години што ќе се нижат една по друга.

Но, за секоја Нова година, сепак, барем нешто добиваме: преповторување на радоста!

**Горјан Петревски**

## РАЗГОВАРАМЕ

- Колку ликови има во текстот? Кој зборува во текстот? Кому му се обраќа?
- На што се навраќа авторот? Што опишува? На кој начин го опишал својот сон?
- Дали твојот сон е сличен или различен со сонот на авторот?
- Пронајди ги речениците во кои авторот ја опишува Новата година. Пронајди ги речениците во кои го опишува Дедо Мраз.
- Зошто Дедо Мраз никој не можел да го види?
- Пронајди го делот во кој се искажува значењето на снегот за Нова година.

Во твојата тетратка состави расказ „Мојот новогодишен сон“. Почитувај го правилото за воведен, главен и завршен дел од текстот и следи ги правописните и граматичките правила.

Поделете се во две групи. Секоја група нека направи табела како во примерот.

| ИМЕНКИ | ПРИДАВКИ | ГЛАГОЛИ |
|---|---|---|
| | | |

Првата група нека ги издвои зборовите од првиот дел од текстот, а втората група од вториот дел.



Напиши честитка за Нова година во која ќе посакаш убави желби! Адресирај ја до лицето за кое е наменета.

Која е твојата новогодишна желба?

Како им честиташ Нова година на твоите најблиски?



# ДНЕВЕН РЕД ЗА ВЛЕГУВАЊЕ ВО НОВАТА ГОДИНА

За влегување во Новата година
на сите Ви посакувам сѐ најубаво,
што се вели – млеко и мед,
и Ви го предлагам следниот дневен ред:

**Прво**,
под точка еден:
работа, работа и работа,
од понеделник до сабота
од понеделник до сабота!

**Второ**,
под точка два:
другарство, братство и човештина!

**Трето**,
под точка три:
учење, знаење и вештини!

**Четврто**,
под точка четири
ви предлагам да ставите:
сѐ што ќе замислите
и да го направите!

А под **точка разно**
нека остане – празно!
Ништо да не ставате
и ништо да не додавате
и за празни работи
да не се расправате!

За крај Ви предлагам
заклучок цврст да ставите:
секој, секој, секој
ДА СИ ГИ ЗАСУКА РАКАВИТЕ!

**Глигор Поповски**

- Зошто поетот направил дневен ред за влегување на Новата година?
- Што им посакува поетот на сите?
- Наброј ги точките од дневниот ред. Образложи ја секоја точка.
- Која точка од дневниот ред најмногу ти се допаѓа?
- Зошто под точка разно да остане празно?



# ГО ПРОВЕРУВАМ СВОЕТО ЗНАЕЊЕ

1. Напиши ги сите можни начини за пренесување на следниве зборови:

фабрика, дрвари, средина, инженер, загадувач, машиновозач, автобус

_______________________________________________

2. Кога известувањето се однесува за реализација на одреден настан се пишува во форма на ________________.

3. Напиши кратко соопштение за одреден настан што ќе ги содржи одговорите на прашањата: кој? што? кога? каде? зошто?

|  |
|---|
|  |

4. Разговорот меѓу двајца или повеќе ликови е форма на говор што се вика ________________, а говорот на едно лице насочено кон самото себе (без соговорник) или кон слушатели се нарекува ________________.

5. За посочување лица или предмети во однос на лицето кое зборува се користат ________________ заменки, а заменки што се користат во прашална форма со прашално значење се викаат ________________.

6. Одреди ги показните и прашалните заменки и смести ги на соодветното место:

Децата се подготвија и тргнаа. Направија само неколку чекори и застанаа.
– Што стоите сега? – праша Марко.
– Минатиот пат одевме од онаа страна, а сега предлагам да тргнеме по оваа – возврати Мерита.
– Чија беше идејата да одите од таа страна, деца? Тој пат е подолг – се придаде чичко Васе.
– Кој пат е пократок и порамен? Предлагам да одиме по тој! – се согласи Марко.
– Ако тргнеме од оваа страна, ќе можеме да набереме цвеќе. Тој пат изобилува со најразлични цвеќиња – дополни Мерита.

| показни заменки | прашални заменки |
|---|---|
|  |  |

7. Текстовите преку кои можеш да дојдеш до одредени научни сознанија се нарекуваат ________________________ текстови.

8. Во дадениот текст пронајди ги зборовите каде што има неправилна употреба на голема буква и заокружи ја грешката!

Мелани и милена се близначки. Тие се Ученички во петто одделение во ооу „Никола карев“ во пробиштип. Тие секој викенд одат кај Баба иванка и Дедо мите во злетово. кога се таму, по цел ден се заедно со Кучето барон и со Мачката берта, а понекогаш ги молзат и козите шарка и белка. убаво им е во град, но сепак и во село убаво си поминуваат.

9. Сврзниците служат за да поврзуваат:

а) гласови б) слогови в) зборови или реченици

10. Зборовите со спротивно значење се викаат ________________________,

а оние со исто или слично значење се викаат __________________________.

Зборовите што имаат иста форма, а различно значење се викаат _________.

напиши го спротивниот збор

| | | |
|---|---|---|
| ситен – | темно – | работлив – |
| бавен – | радосно – | чист – |

напиши го зборот со исто значење

| | | |
|---|---|---|
| ситен – | темно – | работлив – |
| бавен – | радосно – | чист – |

11. Напиши две реченици во кои ќе употребиш еден збор со иста форма, а со различно значење:

_______________________________________________

_______________________________________________

12. Селектирај ги соодветно зборовите од текстот во дадената табела.

Ајде да си го замислиме градот во предновогодишен амбиент. Светилки на секој агол, во излозите, по дрвјата, насекаде... Голема елка за Новата година. И не еден, ами многу дедомразовци околу нас. А ниеден од нив не е „вистинскиот“. Вистинскиот е невидлив. Нема да сетиме кога дошол и кога отишол. А и што ни оставил. Многу продавачи околу нас... Нудат разни „диндири-миндири“ во деновите пред Нова година. Ќе дојде Таа за да биде од весела, повесела. А и за да се слее во заедничка возбуда, да ни биде среќна. Ќе ја пречекаме со ѕвезден огномет распрскан високо над градот.

| ИМЕНКИ | ПРИДАВКИ | ГЛАГОЛИ |
|---|---|---|
| | | |



# БЛИЗНАЦИ

Долгото ѕвонење на училишното ѕвонче го означи почетокот на првиот час од второто полугодие. Учениците од петто-два влегоа во својата училница и ја соблекоа топлата зимска облека. Се раскомотија и секој си седна на своето место. Истовремено во училницата влегоа и двајца мажи кои носеа една училишна клупа. Ја оставија во училницата, а веднаш потоа донесоа и две столчиња и ги наместија непосредно до вратата. Учениците претпоставија дека ќе имаат нови соученици. И имаа право.

Две минути подоцна влезе наставничката која топло им се насмевна на учениците и им посака успешно второ полугодие. Потоа додаде:

– Драги ученици, од денеска нашето одделение ќе биде поголемо. Ќе имаме нови ученици. Близнаци! Сега ќе ги запознаете. Во секој момент ќе пристигнат – само што ја заврши реченицата, се слушна крцкање на вратата.

Оттаму се покажа чудна „метална направа“ која ја држеа две детски раце, а веднаш по неа се појави и насмеаниот лик на момчето кое секој чекор го правеше потпирајќи се на „направата“. Веднаш по него, со благо насмеан лик влезе и другото момче. Наставничката им посака топло добредојде на момчињата и им рече да се претстават. Во училницата владееше необична тишина.



– Јас сум Александар! Имам десет години! Од брат ми сум постар само две минути! – низ насмевка се претстави првото момче.

Никој ништо не му возврати, поради што Александар се почувствува непријатно. Непријатно ѝ беше и на наставничката. Оваа ситуација најтешко му падна на братот близнак.

– Јас сум Антонио, братот близнак на Александар. Нема да кажам ништо за себе затоа што ќе имаме доволно време да се запознаеме... – безволно рече Антонио.

– Но, вие двајца сте толку различни... а сте близнаци... – заклучи Петар.

– Различни се сите луѓе, сите деца на овој свет, па така и близнаците – се јави наставничката.

– А, каква е таа „метална направа“ и зошто служи? – пак се јави Петар.

– Таа „метална направа“ се вика „одало“ и служи како помошно средство за мојот брат да може самостојно да се движи. Неговите мускули се слаби и затоа му треба дополнителна потпора. Но, тоа што тој е дете со попреченост не му пречи да има свои соништа, да биде одличен ученик и добар другар! – со голема сигурност зборуваше Антонио.

Учениците се заинтересираа. Се шушкаа. Сакаа да дознаат повеќе за близнаците.

– Александар, кажи нешто за себе. Претстави се пред новите соученици! – му се обрати наставничката.

– Што да кажам... јас... јас многу сакам фудбал! Знам сè за фудбалот и ги следам сите натпревари. Колекционер сум на сликички и знам речиси сè за сите светски фудбалери! Освен тоа, добро играм шах. Омилени ми се сите предмети! Заедно со мојот брат одиме на курс по француски јазик и програмирање – весело зборуваше Александар.

– Прескромен си Алекс! – му се обрати Антонио. – Не само што знаеш да играш шах туку ти си и шаховски шампион! Дома имаме еден куп твои медали, дипломи и трофеи! Другари – продолжи Антонио, обраќајќи се кон соучениците – тоа што мојот брат се движи со помош на одало, не значи дека е нешто помалку од другите. Тој е вистински генијалец. Ќе видите дека секоја задача ја решава со леснотија. Јас често ги препишувам домашните од него! – рече Антонио, собирајќи ги веѓите и насмевнувајќи се кон својата наставничка.

Децата почнаа да стануваат и да им се доближуваат на близнаците. Се поздравуваа, се запознаваа и се гушкаа со нив како да се заедно од прво одделение.

Наставничката ги гледаше своите ученици и беше горда на нив. Знаеше дека ги слушале нејзините совети. Таа постојано им кажуваше дека сите сме еднакви, имаме исти права, треба да ги почитуваме различностите и да бидеме толерантни.

**Марија Коцева – Стојчески**

- Што е темата во овој расказ?
- Која е пораката од расказот?
- Извади цитат од текстот што дава најсилна порака!

## РАЗГОВОР ЗА ТЕКСТОТ

- Како почнало второто полугодие во петто-два одделение?
- Кои се главните ликови во текстот? Опиши ги!
- Каков е односот помеѓу браќата близнаци?
- Зошто Петар бил толку љубопитен?
- Како ги разбираш зборовите „тоа што е дете со попреченост не му пречи да има свои соништа“? Какви соништа имал Александар?
- Објасни каков впечаток стекна за децата од петто-два одделение? А каков за наставничката?

Откриј ги скриените зборови, а потоа дискутирајте за нивното значење. Работи во тетратката!

Секој број замени го со односната буква од нашата азбука. Седма е буквата **Е**. Понатаму продолжи сам.

| 7 | 16 | 20 | 1 | 23 | 11 | 12 | 1 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| E | ____ | ____ | ____ | ____ | ____ | ____ | ____ |

| 20 | 21 | 11 | 26 | 1 | 24 | 1 | 18 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ____ | ____ | ____ | ____ | ____ | ____ | ____ | ____ | ____ |

| 11 | 17 | 13 | 14 | 25 | 9 | 11 | 12 | 1 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ____ | ____ | ____ | ____ | ____ | ____ | ____ | ____ | ____ |

**Во својата тетратка напиши три реченици во кои ќе ги употребиш откриените зборови!**

**ТВОРИ** Напиши состав „И јас сум другар на Александар и Антонио“. Напиши случка во која главни ликови сте вие тројцата.

Објасни, според тебе, што значи „Одделение за пример“.



# ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРИМЕР

– Не правете им го на другите тоа,
што не сакате вам да ви го прават!
Учителката на учениците им рече
и часот продолжи да тече.



А учениците,
без многу мака
разбраа учителката
од нив што сака.
Престанаа да се тепаат
и да се караат,
сега и помош
еден од друг бараат,
се смеат, разговараат
и веќе не се навредуваат,
почнаа дури
и училницата
да ја средуваат.

Сега, секој со секој
се дружи
а нивното одделение
за пример
во училиштето служи.

**Димитар Алачки**

## РАЗГОВОР ЗА ПЕСНАТА

Што е мотив во оваа песна?
Што им рекла учителката на учениците? Објасни ги тие два стиха.
За каков пример во училиштето служи нивното одделение?
А за каков твоето? Објасни!

1. Пронајди ги римуваните зборови во песната.

2. Нацртај **Т-табела** во тетратката. На левата страна препиши два стиха од песната што ти оставија најголем впечаток, а на десната страна објасни зошто ги одбра токму тие два стиха. Што побудуваат кај тебе? Дали имаш некое прашање поврзано со тие два стиха?

Која е твојата омилена зимска игра? Опиши ја!

Со кого најчесто играш зимски игри?



# САНКА

Напаѓа снег. Покри куќи, полиња и ридови. Изутрината децата истрчаа на уличката да му се радуваат. Се валкаа во снегот, се мавaa со снежни топки, се влечеа со санки, се спуштаа со нив и без нив од малечката нагорнинка. Всушност, тоа беа скали, а беа направени нивната уличка да ја поврзуваат со поголемата улица. Пред неколку години, кога ја пробиваа таа улица, ја направија повисока од нивното уличе. Сега скалите беа покриени со снег и беше израмнето, небаре под снегот воопшто да немаше скали.

Ванчо ја поисчисти од правот својата санка и го извика Игор. Сите деца имаа санки, но санката на Томе беше и најголема и најубава. Стигнуваше најдалеку кога се спуштаа од нагорнинката. На Игор му одмили неговата санка. Колку многу сакаше да ја има онаа на Томе. Црвчето на зависта почна да го скокотка.



Не издржа и замина дома.

– Мојата санка не чини – ѝ рече на мајка си и веднаш почна силно да плаче.

– Ама што ти стана одеднаш?! Мајката многу си го сакаше своето единче. Кога плачеше Игор, срцето просто ѝ се кинеше. И самата знаеше дека санката на синчето и не е нешто што може да се сака, но друга поубава не можеше да купи. Само колку се измачи додека и оваа му ја направи. – Ајде, успокој се... голем си. Треба да знаеш дека немаме пари...

Низ силниот плач Игор рече:

– Ја сакам санката на Томе!

– Ја сакаш, но и Томе си ја сака! – веќе построго рече мајката.

– Тогаш, ќе плачам до утре!

„Ќе плаче до утре, но главата потоа ќе го боли“, си мислеше жената, а само таа знаеше поради неговата главоболка колку бессони ноќи пробдеала! Доволно беше да се потсети на тоа и веднаш гледаше да ги задоволува посакувањата на Игор. Се чини, тоа го знаеше и нејзиното синче.

В земја пропаѓаше додека молеше барајќи ја санката на Томе. – Колку да се успокои детето... додека му помине. Златен е твојот Томче, да се посанка тој со Игоревата... Ќе ми штукне детето... – ѝ зборуваше на Томевата мајка.

Златен или не, Томче ја слушаше својата мајка. Без приговор ја донесе санката. Не се ни зачуди кога научи зошто му ја бараат. Во уличката веќе го знаеја Игор. Само со тажни очи гледаше како мајката на Игор ја влече по себе неговата убавица. Ниту погледна во санката, дома невешто изработена, што таа ја остави во замена. Излезе на порта и остана да гледа потпрен на оградата. Игор истрча од својот дом, влечејќи ја санката на Томе.

– Ванчо! – викна очигледно усреќен. – Гледај!

Ванчо само еден миг помисли дека е иста како Томевата, но штом се сврте и виде дека Томе е без санка, се сети во што е работата. Немаше ни потреба да праша, но сепак изусти:

– Па, нели е тоа санката на Томе?

– Сега јас ќе се санкам со неа – задоволно и гордо, гледајќи во Томе, се смешкаше Игор.



На Ванчо му помина меракот за санкање. Се упати кон Томе.

– Зошто му ја даде? – го праша.

– Нека се посанка – сожаливо одговори Томе. – Види колку е среќен!

– Среќен?! Како може? Ти причини мака... Така може да направи и со мене... Ама другар имаме!

Се кренаа маглите, сонцето топло печеше. Наскоро се покажаа скалите. Веќе не беше можно да се спуштаат санки. Томе беше седнат на санката на Ванчо, а Ванчо го влечеше. Потоа влечеше Томе. Игор седеше на санката на Томе и размислуваше дали треба да заплаче: Неговата санка, Томевата, немаше кој да ја влече!

**Александар Поповски**

Откако ќе го прочиташ текстот одговори на прашањата од „**тркалото со прашања**“. Доколку можеш да одговориш на сите прашања, тоа значи дека си ја разбрал содржината. Но, доколку не можеш да одговориш на некое прашање, прочитај го текстот уште еднаш, со поголема концентрација.




Како ја разбираш реченицата „Црвчето на зависта почна да го скокотка“?
Искажи го твојот став за децата/луѓето со такви особини?
Каков лик е Томе?
Зошто Игор никогаш не е вистински среќен?

# СЕГАШНО ВРЕМЕ

Пронајди ги глаголите во овој краток текст.

Во кое време се врши дејството означено со сите глаголи во текстот?

Јас имам многу другари од моето училиште. Со нив најчесто се дружам за време на одморот или по часовите. Со нив играм кошарка, трчаме во училишната сала и возиме велосипед. Кога се трками, секогаш прва стигнува Амела, а најмногу кошови дава Ана. Ние спортуваме секој ден. Јас многу ги сакам моите другари.

Да се потсетиме!

**СЕГАШНО ВРЕМЕ** означува дејство што се врши сега,

во моментот додека зборуваме за него.

Мелани **зборува** многу гласно.

Јани **танцува** во балетското училиште.

Ние секој ден **играме** тенис.

**Глаголите** ја менуваат својата форма. Се менуваат **по број** (еднина и множина) и **по лице** (прво, второ, трето).

**ПРОМЕНА НА ГЛАГОЛ ПО ЛИЦЕ И БРОЈ**

| ЕДНИНА | МНОЖИНА |
|---|---|
| 1. лице – јас **зборувам** | 1. лице – ние **зборуваме** |
| 2. лице – ти **зборуваш** | 2. лице – вие **зборувате** |
| 3. лице – тој/таа/тоа **зборува** | 3. лице – тие **зборуваат** |

- Менувај го глаголот **танцува** во сите лица, еднина и множина.
- Напиши во својата тетратка пет реченици, во кои ќе има глаголи во сегашно време.

**Работи во тетратка!**

Поврзи ја со линии вазата со цветовите во кои глаголите се во сегашно време.




Следниве глаголи поврзи ги со лицето во еднина или множина, за да е точно:

| | |
|---|---|
| Ти пееш. | 3. лице еднина |
| Таа трча. | 1. лице еднина |
| Ние читаме. | 2. лице множина |
| Јас гледам. | 2. лице еднина |
| Тие играат. | 1. лице множина |
| Вие свирите. | 3. лице еднина |
| Тој мие. | 3. лице множина |

Напиши краток состав, во кој ќе го опишеш твојот најомилен празник.
Потруди се во него сите глаголи да ти бидат во сегашно време.

# МИНАТО ВРЕМЕ

Пронајди ги глаголите во следниов текст.

Дома имавме спитомен ешко. Кога го галевме, тој ги спушташе боцките и стануваше мек. Затоа го нарековме Пердувче. Кога Пердувче беше гладен, трчаше по мене како кученце. Тогаш пискаше, фрчеше и ме касаше по нозете барајќи храна. Лете со Пердувче шетавме низ градината. Тој трчаше по патеката, ловеше жапчиња, бумбари, полжави и со апетит си ги јадеше.



Кога се одвива дејството искажано со глаголите во текстот?

**МИНАТО ВРЕМЕ** означува дејство што се случило во минатото.

- ✓ Учениците од нашето училиште **учествуваа** во еколошката акција.
- ✓ Јована **даде** три гола на денешниот фудбалски натпревар.
- ✓ Татко му на Никола **направи** вкусна пита.

**ПРОМЕНА НА ГЛАГОЛ ПО ЛИЦЕ И БРОЈ**

| ЕДНИНА | МНОЖИНА |
|---|---|
| 1. лице – јас **читав** | 1. лице – ние **читавме** |
| 2. лице – ти **читаше** | 2. лице – вие **читавте** |
| 3. лице – тој, таа, тоа **читаше** | 3. лице – тие **читаа** |

Препиши ги следниве реченици, така што глаголите од сегашно време ќе ги преобразиш во минато време.

а) Мирјам скока на јаже.

б) Ние пееме во училишниот хор.

в) Тато мие садови.

в) Јас работам во градината.

✓ Пронајди ги глаголите во минато време во следниот текст, а потоа препиши ги во тетратката и менувај ги во сите три лица во еднина и во множина.

Кога настапи зимата, престанав да го носам на прошетка, а го чував дома. Го хранев со млеко, супа или со попара. Откако ќе се најадеше, одеше зад печката, се свиткуваше во клопче и заспиваше, а навечер излегуваше и шеташе низ собата. Цела ноќ шеташе, тропкаше со шепите и на сите им пречеше во спиењето. Така ешко половина зима преживеа кај нас и ниеднаш не излезе надвор.

# ИДНО ВРЕМЕ

Прочитај го извадокот од текстот. Обрати внимание на обележаните глаголи во текстот!

## КАКО СЕ ШЕГУВААТ ОГЛЕДАЛАТА

Се смирив со Кире.

„Слушај“, ми вели, „дојди попладне кај мене дома, **ќе ти покажам** нешто.“

Не сакам да сум баш јас тој што прв **ќе попушти**. Скарани бевме, нели? Подобро би било тој да дојде кај мене дома и така да изгледа дека му е жал што долго не сме зборувале.

„Ама **ќе ти покажам**, де, нешто“, вели тој. „**Ќе видиш, ќе се изненадиш**!“

Што може да биде тоа, си велам, додека попладнето одам кај него. Не ми дава јуначкото срце да не појдам. И да видам што **ќе ми покаже** Кире, ама и така да се смирам со него. Дури не е ни важно што **ќе ми покаже**, си мислам. Поважно е што **ќе се смириме**.

„Застани овде“, ми покажува Кире и ме наместува да стојам пред големото огледало во неговото претсобје.

„Погледни се и **ќе видиш**. Ова огледало секој ден ти кажува по нешто. Еве јас, кога **ќе си ги погледнам** рацеве, секој ден гледам дека се поинакви.“

„Како поинакви?“

„Сè повеќе личат на рацете од татко ми. Ете тоа. Затоа те повикав и тебе, да се погледнеш во нашето огледало.“

„Кире, бе“, се смеам. „Сакаш ли да се шегуваш со мене? Си имам јас огледало дома!“

„Се шегува огледалото, не јас“, се натажува Кире.

Не знам повеќе што да речам. Ако се налутам и излезам, пак **ќе бидеме** скарани. Се загледувам во огледалото. Сепак **ќе го послушам**. Си гледам во сопствените очи, ѕурам во нив. Ѕурат и тие во мене. И така гледајќи, сè повеќе почнувам да забележувам дека мојот поглед е благ и милозлив, слично на погледот од мајка ми.

„Ете“, вели Кире, како да знае на што сум помислил. „Ако дојдеш утре, **ќе видиш** уште нешто.“

Пак се смеам.

„**Ќе видиш!** Рацете **ќе ти заличат** како оние на татко ти. А мислиш ли нема да имаш и чекор како неговиот? Татко ми, на пример, има долг чекор и

малку се клати“, вели Кире. „И јас така **ќе одам** кога **ќе пораснам**. **Ќе дојдеш** ли и утре?“ нестрплив е Кире.

„Добро, де“, велам. „**Ќе дојдам**.“

**Оливера Николова**

Глаголите што означуваат дејства што **ќе се вршат** или ќе се извршат во иднина велиме дека се во ИДНО ВРЕМЕ.

Бојан **ќе оди** на патување во Париз.

По една година **ќе дојде** братучед ми од Италија.

Ние **ќе направиме** нова кула од карти.

Напиши пет реченици во тетратката со следниве глаголи: **патува**, **трча**, **раскажува**, **слика** и **ужива** и промени ги во идно време.

**ПРОМЕНА НА ГЛАГОЛ ПО ЛИЦЕ И БРОЈ**

| ЕДНИНА | МНОЖИНА |
|---|---|
| 1. лице – јас **ќе рецитирам** | 1. лице – ние **ќе рецитираме** |
| 2. лице – ти **ќе рецитираш** | 2. лице – вие **ќе рецитирате** |
| 3. лице – тој, таа, тоа **ќе рецитира** | 3. лице – тие **ќе рецитираат** |

Според претходно дадениот пример за промена на глагол по лице и број, измени ги глаголите: **влече** и **пишува**.

Разгледај ги сликичките и состави по една реченица со глагол во идно време и напиши ги во тетратката.







Од извадокот на расказот „Како се шегуваат огледалата“ определи ги **сите глаголи** според глаголското време, а потоа напиши ги во тетратката. Три од нив менувај ги во сите три лица во еднина и во множина во идно време.

**Работи во тетратка!**

Распореди ги следниве глаголи според поставените барања: **сликам**, **отидовте**, **ќе се искачат**, **плетеш**, **купуваме**, а на втората празна линија напиши кое време го означуваат.

глагол во прво лице множина – ________________; _____________

глагол во трето лице множина – ________________; _____________

глагол во прво лице еднина – ________________; _____________

глагол во второ лице множина – ________________; _____________

глагол во второ лице еднина – ________________; _____________

Кој прв ќе образува глаголи од дадениве зборови (работи истовремено со другарот/другарката до тебе).

| | |
|---|---|
| сон __________ | сејач __________ |
| цвет __________ | валкан ________ |
| чист __________ | пазар __________ |
| зрел __________ | работа _________ |
| студ __________ | вапсан _________ |

Пронајди ги сите глаголи од следниот текст, а потоа групирај ги според времето што го означуваат во соодветното поле во тетратката. Менувај ги глаголите во сите три лица во еднина и во множина. Направи проверка на точноста.

– Не грижи се, иако играме слабо, ќе ги победиме! – го охрабри тој срамежливиот Митко. – Ти ветувам. Ќе видиш како ние играме фудбал. Но, кога видоа како игра Митко, се вчудовидоа. Тој играше како професионалец. Умешно владееше со топката. Успеа да даде три гола! Победивме и бевме пресреќни. Ако остане да игра за нашиот тим, ќе имаме многу победи!

| СЕГАШНО ВРЕМЕ | ИДНО ВРЕМЕ | МИНАТО ВРЕМЕ |
|---|---|---|
| | | |

Што значи за тебе
– **добар** човек?

# ЈАС СУМ ДОБАР ЧОВЕК

Од училиште кон дома заедно се враќаа Бошко, Мира, Викторија, Јошко и Зоран. Беа многу бучни и вревеа на сет глас. Не можеа да се согласат во едно – кој даде повеќе голови на часот по физичко. Минаа покрај една ограда и забележаа црешово дрво. На гранките се црвенееја крупни цреши кои едноставно ги мамеа. Гранките се надвиснуваа над оградата.





Во истиот миг сите до еден прекинаа со зборувањето, ги оставија чантите крај оградата и се стрчаа кон црешата.

Затоа, пак, утредента наставничката Ана ги прекори сите до еден, објаснувајќи им дека не е убаво да се берат туѓи цреши. А згора на тоа, и да се испокршат гранки. Затоа, за казна им зададе домашна задача на тема: „Дали јас сум добар човек?“

Бошко напиша: „Јас сум добар човек! Половина од црешите ѝ ги дадов на сестра ми кога дојдов дома. Мама секогаш ни велеше дека сѐ треба да делиме на половина...“

Викторија исто: „И јас сум добар човек, бидејќи ја сакам природата. А особено црешите. Толку многу ги сакам што не можам да им одолеам. А од друга страна, пак, на сите добро ни е познато дека плодовите на природата треба да се користат...“

Јошко, пак, на крајот од својата домашна задача напиша: „Добриот човек секојпат му помага на друг човек во неволја. Затоа јас сум добар човек! Кога ги кршевме гранките, односно кога гиберевме црешите, бидејќи јас сум највисок, морав да им помагам на девојчињата. Па, така, јас ги свивав гранките за да можат тие да ги оберат“.



А Немања, еве како тој го заврши своето домашно. Со крупно испишани букви тој напиша: „Јас сум најдобар човек! Сите ги

кршеа гранките и крадеа цреши, само јас не! Јас се задржав подолго во училиште бидејќи бев дежурен. Сам си одев кон дома и не берев цреши. Впрочем, на таа цреша веќе немаше ништо! Немаше што да се бере. А тоа не е фер! Сами обраа сѐ, мене не ми оставија ништо! Затоа јас сум добар човек! Да бев јас на нивно место, ќе им оставев некоја цреша!...“

**Оливера Шијачки**

## ДИСКУТИРАЈ И АРГУМЕНТИРАЈ

Дали децата во нивните домашни задачи напишале дека се добри луѓе?
Дали ти се согласуваш со нивното размислување? Зошто? Објасни!
Дали ја оправдуваш нивната постапка? Зошто ДА или НЕ?
Дебатирајте за тврдењата ДА или НЕ!

## СКЕЛЕТЕН ПРИКАЗ

Поделете се во групи. Секоја група нека пишува на лист според дадениот план. На крајот, споредете дали имате слични или различни одговори.

- **Реченица** (За што се зборува во текстот?)
- **Мисла/изрека** (Се објаснува најважното од расказот.)
- **Еден збор** (Најважниот збор што ја истакнува содржината.)
- **Симбол/слика** (Претстави ја содржината во една слика.)
- **Боја** (Со која боја ќе ги претставиш чувствата од расказот?)
- **Една од најбитните работи во расказот е** ________________
(Што сфатил главниот лик?)

## ЈАЗИЧНА ВЕЖБА

Нацртај табела со три колони во својата тетратка. Пронајди ги сите глаголи од овој расказ и секој од нив запиши го во односната колона.

| ГЛАГОЛИ | | |
|---|---|---|
| СЕГАШНО ВРЕМЕ | МИНАТО ВРЕМЕ | ИДНО ВРЕМЕ |
| | | |

Твори на тема „Јас сум добар човек“. Почитувај ги правилата за воведен, главен и завршен дел, како и правописните правила.

# ЗАПОВЕДЕН НАЧИН КАЈ ГЛАГОЛИТЕ

Размисли, што се искажува со наведените зборови? Што забележуваш? Во кое лице еднина и множина се наведените зборови?

плети – плетете, читај – читајте, носи – носете, викај – викајте, стој – стојте

Кога со глаголот се изразува заповед, молба или наредба, се употребуваат формите на ЗАПОВЕДЕН НАЧИН.

**Заповедниот начин** се искажува со второ лице еднина и множина и со овие форми се искажува директна заповед:

Учи, учете, пеј, пејте, знај, знајте, донеси, донесете...

**Учи за да знаеш!** **Пејте погласно!** **Читајте побавно!**

Размисли и дај му насока на другарот/другарката до тебе како да стигне од училницата до училишниот двор, користејќи форми на заповеден начин. Потоа сменете си ги улогите.

Препиши ги во тетратката речениците во кои има заповеден начин.

- Вчера бев во продавницата за обувки.
- Крени ја облеката од подот!
- Земи ја црвената хартија!
- Јас станувам во седум часот наутро.
- Марко ја средува својата детска соба.
- Исечете ја лубеницата!
- Разбудете се утре порано!
- Ајше ја пишува домашната задача.
- Петар ја презентираше проектната задача.

Од горенаведените реченици, препиши ги речениците во кои нема заповеден начин и во нив употреби форми на заповеден начин. Напиши уште пет други реченици во кои ќе има заповеден начин.

Опиши што е ЉУБОВ!

# ДА ЖИВЕЕ ЉУБОВТА

Домот на аголот од главната улица не е осветлен. Во него моментално нема никој, а сепак во станот се слуша жив разговор.



– Секогаш сум задоволна овде – гласно рече големата завеса, особено навечер, кога со мене ги прекриваат прозорците и јас тогаш станувам член на семејството. Слушам топол, интимен разговор и се восхитувам на заемно разбирање. Ги прегрнувам сите со сета своја широчина и им посакувам вечно да останат такви.



– Ти верувам – се согласи тоалетното огледало – и јас сум среќно во овој дом. Се огледуваат во мене секогаш бодри и насмеани. Ме воодушевуваат што умеат да си го разубават животот радувајќи му се.

Почнаа да се јавуваат нови говорници. Стана повесело.



– Јас, пријатели, имам причина да бидам позадоволен од сите вас бидејќи бев и во друго семејство – се јави ќилимот – затоа можам да правам разлика меѓу луѓето. Да знаете само какви караници, навреди, солзи видов таму... Среќа што не останав долго време. Како грд ме вратија назад во продавницата. Здивнав. Ќе пропаднев да живеев со такви неумни луѓе. Сè не им чини. Сè не е така. Без причина си го загорчуваат животот. Ох! Не сакам ни да си спомнувам за тоа. А овде сите ме сакаат. Уживам што сум опкружен со оние што ја имаат најголемата мудрост на светот – радоста...



– Ми ги зеде зборовите од уста – довикна плакарот полн со алишта и фустани – и јас сум презадоволен. Штом се вратат однекаде веднаш ја соблекуваат новата облека и внимателно ја редат во моите пазуви. Ведри гледаат ту во неа, ту во мене. Таа нивна ведрина ме обзема и мене и јас сум среќен што сум меѓу нив.

Сите потврдно кимнаа со главата.



– Јас растам како безгрижно дете – прозборе ноќната масичка. – Заедно со нив заспивам насмеана и спокојно им се предавам на соништата.



– Сите убаво се искажавте – извика лустерот – и јас сето тоа го потврдувам бидејќи токму јас им ги осветлувам лицата и

јасно ги согледувам сите особини што ги набројавте. Поради тоа силно и од срце светам за подобро да се види таа убавина.



– Тик, так, тик, так – довикна ѕидниот часовник. – Со задоволство ве слушав и весело работев. Убаво зборувавте, но сепак не го кажавте она најбитното. Не рековте зошто, всушност, се тие среќни, а и ние покрај нив.

Сите изненадено погледнаа во часовникот. За тоа никој не размислувал. – Ти знаеш?! – прашаа зачудено.

– Знам. Најстар сум од вас. Постојам веќе илјадници години. Бев сончев, па песочен часовник и со време станував сè посовршен, така што денес можам точно да ги мерам часовите, минутите, секундите. Го отчукувам времето, а со него и животот на луѓето. Се радувам на оние што умеат да се чувствуваат среќни, а ги жалам оние незадоволници што не знаат колку брзо одминува времето и колку е краток животот.

– Но, овде се сите среќни, а ти не ни кажа зошто – нестрпливо извикаа предметите.

– Навистина се среќни. Сега ќе ви кажам зошто.

– Ајде кажи! Кажи побрзо! Зошто одолжуваш толку? Кажи ни зошто се среќни!



– Затоа што срцата им се полни со она најубавото на светот. Со она без кое животот би бил испустен, а човекот не би ја знаел суштината на постоењето.

– Што е тоа? Кажи ни најпосле!

– Љ У Б О В Т А – одговори часовникот.

– Тоа магиско чувство кое сè претвора во убавина. Оние што ја имаат љубовта во себе, сакаат сè. И нас и луѓето и природата и сè околу себе. Самите се поради тоа среќни, а ги прават среќни и другите.

– ДА ЖИВЕЕ ЉУБОВТА! – воодушевено извикаа сите и уште порасположени го продолжија својот необичен разговор.

**Нада Зекманова-Јакимова**

## РАЗГОВОР ЗА ТЕКСТОТ

Која е темата во овој расказ?
Наброј ги ликовите во расказот.
За што разговараат тие? Како се чувствувале?
Објасни ја реченицата: „Оние што ја имаат љубовта во себе, сакаат сè“.
Која е пораката од овој текст?

Поделете се по улоги според ликовите во расказот. Драматизирајте го нивниот дијалог.

Твори на тема: „Љубовта го движи светот“.

Според тебе, што е правда? А што пресуда? Кој суди?

# ПРАВЕДНА ПРЕСУДА

Патувале еднаш двајца патници. Било жешко и тие се измориле од одење. Пристигнале до еден бунар, седнале под едно дрво и ги извадиле своите врзопчиња. Кај едниот имало пет леба, а кај другиот – три. Штотуку почнале да јадат, се појавил некој трговец на коњ. Патниците го повикале:



– Повели, дојди кај нас!

Трговецот им одговорил:

– Само вие јадете. Леб имате само за вас.

Патниците му рекле:

– Не, не! Хранава ќе биде достатна за сите тројца.

Го поделиле лебот на три дела и почнале да јадат. Кога го изеле лебот, трговецот извадил од џебот осум парички и рекол:

– Многу сум ви благодарен што ми дадовте леб. Ве молам, земете ги овие осум парички. Тие се за мојот дел. Потоа трговецот си заминал.

Откако трговецот заминал, првиот патник рекол:

– Гледај, брате, мораме овие осум парички да си ги поделиме. Јас имав пет леба, па затоа, ми припаѓаат пет парички, а ти за твоите три леба земи три парички.

Вториот патник му рекол:

– Не, тоа не може така. Паричките треба еднакво да си ги поделиме. Секој од нас треба да земе по четири парички!

Првиот патник не се согласил и поради тоа дошло до кавга. На крајот еден од нив рекол:

– Од караницава немаме полза, а сами не сме способни да си го решиме проблемов. Ајде кај судијата да ја побараме правдата.

Отишле кај судијата и му ја раскажале случката. Кога убаво ги сослушал, тој им рекол:

– Зар ти, брате, не си имал три леба? Тој ти дава три парички. Тоа е правдината. Зошто не ги земеш трите парички?

Патникот му рекол на судијата:

– Не, јас сакам половина од паричките, а ти изречи ја правдата.

Судијата му рекол:

– Добро, ќе ја изречам правдината, но штом ќе ја слушнеш, ти нема да бидеш среќен.

Веднаш потоа судијата му дал седум парички на човекот кој имал пет леба, а на другиот му дал само една паричка.

Вториот патник готов бил да заплаче и само рекол:

– Каква е таа пресуда? Првин требаше да добијам три парички, а сега ми даваш само една. Дали е тоа правда?

– Овде нема неправда – рекол судијата, а потоа му се обратил на патникот. – Добро, кажи ми колку лебови беа вкупно?



– Осум.

– Колку луѓе бевте?

– Тројца.

– Дали сите тројца еднакво јадевте?

– Да, храната ја поделивме на исти делови.

– По колку парчиња добивте од еден леб?

– Три.

– Па, колку парчиња беа вкупно?

– Дваесет и четири.

– Добро, кажи по колку парчиња изеде секој од вас?

– По осум.



– Колку парчиња излегоа од твојот леб?

– Девет.

– Колку парчиња леб изеде ти?

– Осум.

– Значи, колку парчиња изеде гостинот од твојот леб?

– Едно.

– А од неговиот леб?

– Осум.

– Сега кажи ми колку парички ти припаѓаат тебе, а колку нему?

**Индиска народна приказна**

## ДИСКУТИРАЈ

Кој е автор на овој текст?
Што е проблем во текстот?
Дали се реши проблемот?
Образложи ја пресудата на судијата?
Мислиш ли дека судијата донел праведна пресуда?

**врзопче** – повеќе предмети што се врзани во нешто

**достатна** – доволна, онолку колку што треба

**ДИРЕКТЕН ГОВОР** е пренесување нечија реченица или подолг текст исто како што биле кажани.

**ИНДИРЕКТЕН ГОВОР** е пренесување нечија реченица или подолг текст со свои зборови, без да се менува содржината.

На кој начин е претставен разговорот помеѓу ликовите во текстот „Праведна пресуда?“

Кога цитираме, кажуваме/раскажуваме

Кога прераскажуваме



| ДИРЕКТЕН ГОВОР | ИНДИРЕКТЕН ГОВОР |
|---|---|
| Судијата му рече:<br>– Добро, ќе ја изречам правдината, но штом ќе ја слушнеш, ти нема да бидеш среќен. | Судијата му рекол дека ќе ја изрече правдината, но кога ќе ја слушне нема да биде среќен. |



Поделете се во групи. Секоја група, по можност, нека биде составена од пет члена. Пронајдете и обележете која реченица ја кажува секој лик во приказната, како и речениците на раскажувачот. Користете знаци, на пример, П1 – прв патник, П2 – втор патник, Т – трговец, С – судија, Р – раскажувач. Потоа, поделете си ги улогите и читајте го изразно текстот како драмски.

**Нешто повеќе!**

Обидете се со својот/својата другар/другарка математички да ја претставите задачата на судијата! Како дошол тој до резултатот на пресудата?

**Прераскажи ја приказната според дадениот план.**

1. Двајцата патници седнале да се одморат
2. Доаѓањето на трговецот
3. Спорот помеѓу двајцата патници
4. Кај судијата
5. Пресуда

# НЕШТО ПОВЕЌЕ ЗА ДИРЕКТНИОТ И ЗА ИНДИРЕКТНИОТ ГОВОР

Прочитај го краткиот разговор помеѓу членовите на ова семејство.

1.
– Тато, да не се измори? Тежок сум јас.

2.
– Не грижи се, малечок! Јас сè уште сум многу силен, а ти сè уште си многу мал.

3.
– Навистина овој Пепо е голем мрзливко!

4.
– Не зборувај така, Ела. И ти кога беше мала, честопати беше на рамената на тато.



Како е претставена нивната комуникација?

Обиди се овој разговор да му го пренесеш некому. Како ќе звучи?

1. Пепо го прашал татко си да не се изморил. Му рекол дека тој е тежок.

2. Татко му му рекол на Пепо да не се грижи. Исто така, му рекол дека тој е многу силен, а дека Пепо сè уште е многу мал.

3. Ела рекла дека Пепо е голем мрзливко.

4. Мајка ѝ ѝ рекла на Ела да не зборува така. Кога Ела била мала, честопати била на рамената на татко ѝ.

Во првиот случај соговорниците директно разговараат меѓусебно и затоа разговорот е претставен во **ДИРЕКТЕН** говор. Во вториот случај, кога тој разговор го пренесуваме на некого, со мали или поголеми измени на зборовите, користиме **ИНДИРЕКТЕН** говор.

Разговорите дадени во директен говор напиши ги во индиректен говор во својата тетратка.



– Вујче, ќе ме честиш пица? – праша Тадеј.

– Знаеш дека мајка ти пак ќе ми се налути. Постојано вели дека треба да јадеш здрава храна – му одговори вујче Борче.

Елиф рече: „Знаеш дека одамна имам желба да купиме куче. Ајде, тато, само речи – ДА“.



Татко ѝ се оправдуваше: „Но, ќерко моја. Колку пати сме го воделе овој разговор. Кучето не е играчка. Тоа бара голема нега. Како ќе го чуваме во станот?“

Сигурно забележа дека при писмената употреба на директниот говор користиме повеќе интерпункциски и правописни знаци. ДИРЕКТНИОТ ГОВОР го обележуваме со **ЦРТА (ТИРЕ)** или **НАВОДНИЦИ („“)** на почетокот и на крајот на делот што директно го пренесуваме. Влезните наводници („) се пишуваат долу на почетокот, а излезните наводници (“) горе на крајот на исказот, цитатот, директниот говор.

Направи споредба меѓу текстовите „Како се шегуваат огледалата“ и „Праведна пресуда“. На кој начин е претставен ДИРЕКТНИОТ ГОВОР?

Дали ја забележуваш разликата? Образложи!

Следниве реченици претворете ги од индиректен во директен говор. Користете ги правилно правописните знаци за директен говор (првите две реченици со **–**, а преостанатите две со употреба на **„“**).

- Мама се пожали дека треба да работи и в сабота.
- Наставничката ни кажа дека утре ќе ја посетиме библиотеката.
- Мери ми рече да ѝ ја донесам книгата во училиште.
- Тета Ајше рече да ги пробаме колачите што ги направила.

Во следниве реченици се направени повеќе грешки, односно употребени се правописни знаци на погрешно место или, пак, се испуштени. Препиши ги речениците, така што ќе бидат точни!

- Маја му рече на брат ѝ: Веднаш да ја раскренеме собата! Доаѓаат гости!
- Кога бев мала баба ми ми велеше „дека личам на неа“.
- Ајде да купиме букет цвеќиња, предложи Јан.
- „Странецот ме праша каде е автобуската станица“.
- Ивана ги прашала гостите „дали сакаат кафе“.

# ВЕЖБИ ЗА РАСКАЖУВАЊЕ И ПРЕРАСКАЖУВАЊЕ

Прочитај ги внимателно двата текста. Размисли и согледај ја разликата помеѓу првиот и вториот пример, според затемнетите зборови.

На Алиса веќе **ѝ стана** здодевно **да седи** на брегот покрај своите сестри и ништо **да не работи**. Два-три пати **ѕирна** во книгата која **ја читаше** сестра ѝ, но во неа **немаше** ниту слики ниту разговори. – Ах, каква е таа книга – **помисли** Алиса – во која **нема** ниту слики ниту дијалози?!





Во едно одамнешно време **си било** некое парче дрво. Тоа дрво **не било** скапоцено, туку обично парче дрво со коешто, во зима, **се затоплувало** и **се одржувал** огнот и така **се затоплувале** просториите. Никој **не знаел** на кој начин, но еден ден ова парче дрво **се нашло** во работилницата на стариот столар, мајстор Антонио. Старецот сите **го нарекувале** мајстор Чилеѓа (Црешовко) поради носот, кој на врвот секогаш **му светел** и **бил** со темновиолетова боја како зрела цреша.

Првиот пример е **РАСКАЖАН**.

**Раскажување** е форма на усно или писмено изразување, пренесување настани на коишто сме биле сведоци. Со раскажувањето се соопштува за некој свој настан, доживување и сл. Кога раскажуваме ги користиме глаголите (на пример: виде, слушна, дојде, прочита, ѕирна и др.).

Вториот пример е **ПРЕРАСКАЖАН**.

**Прераскажување** е повторување говор што сме го прочитале или слушнале. Форма на пренесување настани на коишто не сме биле сведоци, туку за нив сме дознале од други. Прераскажување е нешто што му се случило на друг, друг го видел, сторил, доживеал, напишал во книга и сл. Кога прераскажуваме ги користиме глаголите (на пример: видел, слушнал, дошол, прочитал, ѕирнал и др.).

Внимателно разгледај ја низата од слики. Размисли за што се зборува во нив. Потруди се да составиш интересна приказна и да ја раскажеш во тетратката. Приказната треба да има вовед, главен дел и завршен дел. Прочитај пред одделението што си напишал.






Можеме да РАСКАЖУВАМЕ на следниве начини:

- Врз основа на дадениот почеток на приказната;
- Врз основа на дадениот крај на приказната;
- Врз основа на дадениот почеток на сликата;
- Врз основа на низа слики;
- Врз основа на една слика;
- Врз основа на дадени зборови.

ПРЕРАСКАЖУВАЊЕТО може да биде:

- Опширно;
- Кратко;
- Со или без да се направи план;
- Со промена на граматичкото лице;
- Со проширување на приказната.

# ВЕЖБИ ЗА ОПИШУВАЊЕ

Набљудувајте ги внимателно сликите. Разговарајте за ликовите и за настаните и опишете ги!





- Опис – Опишување ликови, пејзажи, појави, објекти, предмети и др.
- Описот е битен елемент во литературната творба. Тој претставува „Слика со зборови“.
- Опишувањето ни овозможува да си создадеме визуелна претстава (слика) за она што го читаме.

**Опишување ликови:**

**Надворешен опис** – Милан беше висок и слабичок. Носеше чизми до колена извалкани со кал. Имаше жолта блуза, сиви панталони, голема шапка и црн чадор.

**Внатрешен опис (карактерни особини)** – Иако беше слабичок, тој беше многу силен и храбар. Неговата трудољубивост го красеше и го правеше уште подостоинствен. Милановото срце беше чесно и великодушно.

**Опишување објект:**

Од улицата се гледаа три мали прозорчиња, два еден до друг и еден отстрана, близу до влезната врата. Прозорците беа премачкани со кафеава боја, а надворешниот ѕид беше варосан со розикава боја. Покривот наѕирнуваше во сивкава нијанса, што потсетуваше на сивата ограда на мојот дедо.

Избери еден објект, реален или измислен, и опиши го во својата тетратка. Внимавај на правописот и на стандардниот јазик.

Поделете се на четири групи: пролет, лето, есен, зима. Секоја група нека ги опише природните појави на сообразното годишно време. Кога ќе завршите, илустрирајте го напишаното.









Истражувај на интернет нешто повеќе за една од најпознатите композиции: „Четирите годишни времиња“ од композиторот Антонио Вивалди.

Опиши се себеси. Најпрвин опиши го твојот надворешен изглед, а потоа своите карактерни особини. Користи стандарден јазик и почитувај ги правописните правила.

# КРАЛОТ ЛИР

Некогаш одамна, во Англија владееше еден стар и мудар крал по име Лир. Кралот Лир имаше три ќерки – најстарата, Гонерил, беше мажена со војводата од Олбани; Реган, втората ќерка, беше во брак со војводата од Корнвол, а неговата најмлада ќерка се викаше Корделија и за неа беа заинтересирани и кралот на Франција и војводата од Бургундија.

По својот осумдесетти роденден, кралот Лир сметаше дека е време да се повлече од државните работи и да ги помине последните години од животот со други активности. Затоа ги повика трите ќерки за да слушне од нив колку го сакаат. Беше решен да го подели кралството меѓу нив во зависност од нивните одговори.



Најстарата ќерка Гонерил, која веќе имаше дознаено за татковите намери, веднаш почна да ја објавува својата љубов. Му велеше дека го сака повеќе од светлината на сопствените очи и дека нема зборови со кои може да ја опише својата љубов спрема него. Кралот беше пресреќен и реши да ѝ подари нејзе и на нејзиниот сопруг една третина од целото свое кралство.

По Гонерил дојде Реган. Таа беше чекор пред својата постара сестра и штом влезе во просторијата, веднаш почна да му кажува дека го сака многу, многу повеќе отколку што Гонерил некогаш би можела да му искаже. Потоа продолжи да му кажува дека не постои друга поголема радост од љубовта спрема својот драг татко. На Лир очигледно му годеше сето ова и веднаш ѝ ја подари другата третина од своето кралство нејзе и на нејзиниот сопруг.

Конечно, дојде време и за Корделија, неговата најмала ќерка, да влезе и да ја искаже својата љубов кон татко си. Сега, откако Лир веќе ги слушна своите ќерки како зборуваат за нивната љубов спрема него, беше сигурен дека Корделија ќе го сака многу повеќе отколку Гонерил и Реган заедно. Но, Корделија, која веќе го виде лицемерието на своите две сестри, само одговори дека го сака онолку колку што треба, ни повеќе, ни помалку.

Лир беше целосно шокиран од навидум грубите зборови на својата ќерка и, мислејќи дека се работи за шега, ја замоли уште еднаш да размисли за да не ѝ биде одземен нејзиниот дел од богатството. Но, Корделија беше непопустлива. Рече дека многу си го сака својот татко, го почитува и го цени, но откако ќе се омажи, ќе мора да ја сподели својата љубов и со сопругот. Потоа, го праша

зошто нејзините две сестри воопшто се омажиле кога му изјавуваат толку голема љубов на својот татко. Веројатно требаше да останат со него!

Всушност, Корделија беше единствената ќерка која го сакаше Лир онолку колку што имаа изјавено нејзините сестри. Но, кога дозна дека сестрите го изиграа таткото за да го добијат неговото богатство и дека воопшто не го сакаат, Корделија реши дека нема да се фали со својата љубов кон него, бидејќи не ѝ се важни ниту неговите скапоцености, ниту неговото кралство.

Староста целосно му го помати чувството за разум на Лир и не можеше да ја согледа разликата помеѓу тоа кој го сака, а кој не. Беше толку вознемирен од одговорот на Корделија што веднаш го повлече третиот дел од кралството што го чуваше за неа и го подели помеѓу Гонерил и Реган и нивните сопрузи.

Корделија им посака сè најдобро на своите сестри, ги замоли да се грижат добро за нивниот татко и да го сакаат онолку колку што кажаа дека го сакаат. Сестрите ја замолија да не им држи лекција и по тажното збогување Корделија замина за Франција заедно со нејзиниот иден сопруг...

**Извадок од „Крал Лир“ – Шекспир за деца**

**војвода** – висока благородничка титула

**гроф** – наследна благородничка титула

**поданик** – покорник, служител на господарот

**мираз** – имот што го донесува жената кај мажот во бракот

**ДИСКУТИРАЈ**

- Која е темата во приказната?
- Каде се случува дејството во приказната? Кога?
- Која е идејата од приказната?
- Приказната е недовршена. Што мислиш дека ќе се случува понатаму?

- Доколку сакаш да го дознаеш вистинскиот крај, прочитај ја кратката книга „Крал Лир“.
- Дали си слушнал/а за Шекспир? На крајот на учебникот има податоци за него.

# ПЕСНА ЗА ЖЕНАТА

Жената е симбол на бесконечност,
извор од мудрост што протекува,
а со нејзиниот допир,
в гради срце лекува.



Жената е вечна мелодија,
со звуци понежни од харфа,
која разлева магична симфонија
и на светот му остава порака важна.

Жената е бескрајна љубов и почит,
Непресушен бунар на длабочина и тајна,
Жената е светлина во мракот
и патека знајна.



Жената е мајка во мрак што те гали,
Изгрев на сонце што црвенее и жари,
Снегулка што во рака се топи
Во зимските денови и ноќи.

**Јована Димова** (ученичка од VII одд.)

**ДИСКУТИРАЈ**

- Што е мотивот во оваа песна?
- Од колку строфи и стихови е составена? Кои се римувани зборови во песната?
- Пронајди со што сѐ е споредена жената во оваа песна. Објасни!

Дали си слушнал/а за Клара Цеткин и Роза Луксембург? За што се бореле тие? Истражи! Истражувај и за други познати жени, кои со своите дела направиле многу за човештвото и светот.

**ТВОРИ**

Биди автор и напиши песна за жената.

# ЈА ПРОВЕРУВАМ СВОЈАТА БРЗИНА НА ЧИТАЊЕ

Читај тивко, во себе. Измери и запиши за колку време ќе го прочиташ текстот. Потоа размисли дали го разбра прочитаното. Доколку не си сигурен, прочитај го текстот уште еднаш и повторно мери го времето. Направи споредба помеѓу двете времиња. Одговори на прашањата под текстот.

Надвор дождот престана да паѓа и небото се разведри. По десет дена Фатмир и Буќа седеа сами во куќата. Момчето пишуваше домашни задачи, а девојчето си играше. Честопати погледнуваше во цртежот на еленот закачен на ѕидот. Еленот со два рога. Едниот рог беше сосем нов. Колку беше убав. Фатмир го доцрта другиот рог уште првиот ден по враќањето од болницата...

Ѕвончето на вратата неколкупати заѕвони. И двете деца истовремено потрчаа да отворат, но Фатмир ја пушти Буќа прва да ја отвори вратата. Пред нив стоеше поштарот.

„Ти ли си Фатмир, малечок?“ го праша.

„Да!“ одговори тој и срцето му затрепери.

„Имам препорачано писмо за тебе!“ рече, вадејќи го писмото од големата чанта.

„Од каде?“ праша малиот.

„Од Германија...“

Буќа не ја интересираше разговорот со поштарот, па се врати во кујната да продолжи со играта.

„Па, што чекаш? Потпиши! Тука!“ му рече поштарот.

Малиот потпишуваше, а рачињата му се тресеа. Заборави да му се заблагодари на поштарот, кој веќе слегуваше по скалите. Влезе во кујната. Белата хартија му трепереше во рацете. Со очите просто ги голташе буквите. Плунката му се исуши во устата. Одвај голташе. Само што го препозна ракописот на својот татко, нешто топло и возбудливо му мина низ телото. Почна да чита:

„Мил Фатмир!

Знам дека никогаш нема да ми простиш! Се надевам дека ќе разбереш кога ќе пораснеш. Јас немав никаква причина што не те сакав. Ти не си виновен. Дента кога те оставив на градската улица без да те прегрнам, само што се качив на возот, срцето ми се стегна. Многу време мина оттогаш. Многупати досега сум те сонувал. Не барам прошка, тоа не сум го заслужил. Но, сакам да знаеш дека наскоро ќе се вратам во татковината. Ми јавија дека таму ќе се гради фабрика во која ќе можам да работам со мојот занает. Како си со здравјето? Со учењето? Сакај ја многу мајка ти! Не јадосувај ја! Јас

сакам што подобро да се согласувате. Штом ќе се вратам во нашиот град, ќе се гледаме речиси секој ден. Ако сакаш, може заедно да одиме и на море. Прости ми, сине мој сакан! Срцето ми се кине за тебе. Следниот пат, ако ми пишеш, напиши ми ја училишната адреса. Деновиве ќе ти пратам пакет со нова облека. Знам дека имаш што да носиш, но верувам дека подарокот ќе те израдува. Уште еднаш се извинувам за сè што се случи порано. Те молам пиши ми веднаш".

Силно те бакнува и поздравува, твојот Бедри.

Буќа забележа дека лицето на Фатмир станува сè повесело, поведро, поживо.

Тој уште еднаш го прочита писмото и секој час очекуваше да заѕвони ѕвончето на вратата, зашто Мустафа во тоа време се враќаше од работа, а мајка му беше излезена на пазар. Го остави писмото во една дебела книга и ја смести на полицата. Уште еднаш погледна натаму. Беше среќен.

Буќа го чекаше во кујната. Блокот ѝ беше подготвен за цртање. Го замоли со блага насмевка на лицето:

„Фатмир, нацртај ми еден слон!"

„Каков?" ја праша тој и се испружи да ги дофати боичките крај прозорецот.

„Шарен, убав..." рече Буќа.

„Каде си видела шарен слон?!" насмевнувајќи се, рече тој. И таа му се насмевна.

„Има, како нема! Како што има убави бои: жолти, црвени, зелени, зошто тогаш да нема шарен слон?!"

Фатмир почна да го црта слонот. Насмеаните очи на Буќа ги следеа првите линии по главата, по сурлата на слонот, од каде што Фатмир секогаш го започнуваше цртежот...

**Извадок од романот „Еднорогиот елен" од Рифат Кукај**

**РОМАН** е долго раскажувачко литературно дело засновано на замислена приказна, кое не се потпира целосно на факти.

**ДИСКУТИРАЈ**

Колку време ти беше потребно да го прочиташ текстот?
Колку пати ти беше потребно да го прочиташ текстот за да го разбереш?
Опиши какви чувства се разбудија кај тебе додека го читаше писмото.
Какви чувства имал таткото? Какви чувства се појавиле кај детето?
Зошто таткото му пишува само на Фатмир? Што се Фатмир и Буќа?
Што се случило помеѓу детето и таткото? Кои се можните причини за нивната разделба?
Што мислиш дека ќе се случува понатаму? Како ја замислуваш нивната следна средба?

# ПИСМО

Драго непознато другарче
од каде и да вјасаш,
те чекам со срце полно
на гости да ми втасаш.

Ако не знаеш точно
каде е земјава наша,
првиот што ќе го сретнеш
вака да го прашаш:

– Чичко, те молам,
каде се наоѓа
некоја земја в огној родена,
в борби ослободена,
некоја земја со гори и планини,
со реки и рамнини,
се езера – невести
и градини прелесни,
со тутуни, лозја,
афиони, грозја,
со жита разбранети,
со шуми разгранети.

Другарче, прашај кого и да е,
мојата земја секој ја знае –
радост и љубов неа ја плиска!
Ако дојдеш, ти сам ќе сетиш
колку е топла, мила и блиска.

**Васил Куновски**

**ДИСКУТИРАЈ**

Објасни како ја разбираш првата строфа од песната.
Како поетот ја опишува својата земја? Со што ги споредува нејзините природни богатства? Размисли на кој симбол асоцира описот на поетот.
Објасни како ја разбираш последната строфа.



**ЗАПОМНИ**

Некои стихови ти создаваат СЛИКА (пејзаж) додека ги читаш. Одреди ги и обележи ги.
Дали можеш да „слушнеш звуци“ во некои стихови? Издвој ги!

Кога ја читаме песната „Писмо“ ни се чини дека **гледаме убави слики** од природата и дека **слушаме пријатни звуци**. Поетот преку **одбрани зборови и изрази** ни пренесува конкретни слики, т.е. **поетски слики**. Стиховите богати со поетски слики влијаат на нашите чувства.

**Поетските слики** му помагаат на читателот сликовито да го доживее тоа што го прочитал.

За секоја строфа запиши поетска слика по сопствено доживување! Потоа сликовито прикажи ги строфите! Работи во тетратката.

# РЕЧЕНИЦА И РЕЧЕНИЧНИ ЧЛЕНОВИ

Потсети се што е реченица! Размисли и одговори како се нарекуваат речениците што се составени само од зборовите што ги означуваат ДЕЈСТВОТО и ВРШИТЕЛОТ НА ДЕЈСТВОТО?

Под секоја илустрација во дадените реченици подвлечи го **вршителот на дејство** со една, а **дејството** со две линии.




Учениците читаат.

Учениците читаат за време на часот.

Од кој дел во реченицата дознаваш **кога** читаат учениците?



Емре спие.

Емре спие во детската соба.

Од кој дел во реченицата дознаваш **каде** спие Емре?



Влатко јаде.

Влатко јаде банана во училишната трпезарија.

Од кој дел во реченицата дознаваш **што** јаде Влатко? **Каде** јаде?

Подметот и прирокот се **главни делови** во реченицата.

Речениците можат да содржат **еден или повеќе прироци** (глаголи).

Делот од реченицата што ни покажува кој ја врши работата се вика **ПОДМЕТ**.
Делот од реченицата што ни покажува каква работа врши подметот се вика **ПРИРОК**.
Реченицата може да биде искажана со **подмет**, **прирок** и **други членови** што го појаснуваат прирокот – **прилошки определби**: **за време**, **за начин**, **за место**, **за количество**.

**Работи во тетратка!**

Во следниве реченици подметот подвлечи го со сина, а прирокот со црвена боја.

- Амела работи.
- Методиј пишува.
- Фатмир трча.
- Билјана пее.
- Птицата слета на прозорецот.
- Дрвото порасна многу високо.

Дополни со соодветен реченичен член. За секој од запишаните зборови напиши на линијата дали е подмет или прирок.

- Тони ___________ торта. ________________
- _______________ купи нова книга. _______________
- ______________ пишува во тетратката. _____________
- Со ____________ се прегрнуваме._________________

Прошири ги речениците со неопходните **прилошки определби**.

- Наставникот ___________ зборува. (како)
- Соседот ____________ работи __________________. (кој, каде)
- Ана ___________ учи. (колку)
- Емре ___________ победи __________________. (кога, што)
- Децата ________________ рецитираа. (како)

Вежбај со другарот/другарката составување реченици со неопходни прилошки определби. Едниот треба да каже реченица составена само од подмет и прирок, а другиот да ја дополни со неопходни прилошки определби. Потоа заменете си ги улогите.

Напиши писмен состав на тема: „Мојот најдобар другар/другарка“. Притоа, внимавај секоја реченица да содржи **подмет**, **прирок** и **прилошки определби**. Откако ќе завршиш со писмениот состав, нацртај табела поделена во три колони. Во првата ќе го напишеш подметот од секоја реченица, во втората прирокот и во третата неопходните прилошки определби.

# СКРАТЕНИЦИ И СКРАТУВАЊА НА ЗБОРОВИТЕ

Мејдин и Ана се најдобри другари. Тие учат во **с.** Криволак, а тренираат кошарка во **ООУ** „Страшо Пинџур“, **гр.** Неготино. **С.** Криволак е оддалечено од градот 6 **км**, а до блиското село има 3 **км**. Нивните родители се занимаваат со лозарство. Секоја **год.** тие берат по 10 **т** грозје од сортата каберне. Најомилен предмет на Мејдин е **пр. науки**, а на Ана **мак.** јазик. Тие многу сакаат да одат на училиште. И двајцата одат на игроорна секција во **КУД** „Ацо Ѓорчев“. Тие се културни деца и ги почитуваат сите другари во одделението.



- Што забележуваш во овој текст?
- Како ги викаме затемнетите зборови? Како ги читаме?
- Што се постигнува со нивната употреба?

**ЗАПОМНИ**

**Зборовите се скратуваат** така што се пишуваат само неколку букви наместо целиот збор заради заштеда на време и на простор. Скратените зборови **не се читаат во својата скратена форма**.

На пример, (пишуваме) Јас трчав на 100 **м** препреки.
(читаме) Јас трчав на 100 **метри** препреки.
(пишуваме) Дамјан купи 5 **кг** кајсии.
(читаме) Дамјан купи 5 **килограми** кајсии.

Најголемиот дел **скратеници** во македонскиот јазик се добиваат од почетните букви на составните делови на називот. На пример, **ОУ** – основно училиште, **ФК** – фудбалски клуб, **МНТ** – Македонски народен театар и други.

**Скратениците се читаат буква по буква** најчесто тогаш кога во нивниот состав нема самогласка (АРМ, МНТ, ЈСП) **или се читаат како еден збор** (УЕФА, САД, АСНОМ).

## ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

1. Скратувањата за мерките секогаш се пишуваат без точка:
   **г** – грам; **кг** – килограм; **мм** – милиметар; **т** – тон; **м** – метар, **км** – километар.

2. Скратувања што се пишуваат со точка:
   **г.** – господин; **гр.** – град; **т.е.** – то ест; **итн.** – и така натаму; **бр.** – број.

3. Скратувања што се пишуваат со цртичка:

   **д-р** – доктор; **м-р** – магистер; **г-ѓа** – госпоѓа; **г-ца** – госпоѓица.

4. Кратенките се пишуваат со големи букви без точка:

   **МТВ** – Македонска телевизија; **МАНУ** – Македонска академија на науките и уметностите; **КУД** – Културно-уметничко друштво; **ООУ** – Основно општинско училиште.

Напиши скратеници/скратувања од зборовите: век, година, машки род, множина, хектолитар, мililитар, магистер, слично и јавно претпријатие.

Следниве скратеници и скратувања запиши ги во тетратката и одговори според примерот:

год. – година

| | |
|---|---|
| м – | ден. – |
| ул. – | г. – |
| МРТВ – | см – |
| др. – | с. – |
| РСМ – | АРМ – |

Пишувај во тетратка!

На празните места во следниве реченици, наместо скратувањата, напиши ги целите зборови:

1. До целта има уште 60 м. ____________
2. Емре купи 700 мл сок. _________________
3. Теа живее една ул. до нас. ________________
4. Мојот брат работи како проф. по физика. ________________
5. Баба ми живее во с. Сопотчани. ______________

# ТАНЦОТ ШТО СМИРУВА

Семејствата на Михаела и Стефан беа скарани. Поводот беше банален: паркирањето на автомобилите пред зградата.

– Тука паркирам јас! – рече татко ѝ на Михаела. – Затоа, немој да ми го земаш местото.



– Но, тоа беше резервирано за мојот автомобил. А ти почна да ми го зафаќаш! – му одврати татко му на Стефан. – Овој пат само се вратив на своето старо паркиралиште.

– Паркингов не е ни мој ни твој! И секој може да паркира таму каде што е празно – продолжи татко ѝ на Михаела. – Но, треба да постои ред и разбирање.

– Ама тој ред најпрво ти го прекрши! – не отстапуваше татко му на Стефан. – Зар си изумил?!

Во препирките се вмешаа и мајките. Недоразбирањето и расправиите се проширија. Добро е што не си разменија навредливи зборови. Од тој ден не разговараа. Молчејќи се разминуваа. Дури и без „добар ден“.

Каков впечаток доби за родителите на Михаела и Стефан? Како ја објаснуваш постапката на возрасните? Кој има право? Дали сметаш дека ваквите ситуации се чести во секојдневниот живот?

Арно ама, што дека... Михаела и Стефан се однесуваа како да не се случило ништо. А и заедно учеа. Дури меѓу нив се забележуваа и заемни симпатии. Девојчето и момчето криеја дома дека се дружат во училиште. А често и по часовите.

Еден ден учениците организираа свечена приредба, на која беа поканети и родителите.

Програмата течеше. Публиката беше задоволна. Дојде ред да биде најавен модерен танц на популарна танчарска двојка во училиштето. Публиката почека да ги види. На сцената излегоа Михаела и Стефан. Нивната појава, како прекрасна двојка, кај присутните предизвика аплауз. Уште кога се слушна музиката, а девојчето и момчето затанцуваа... Е, тогаш, ракоплескањето стана громогласно! Тоа ги понесе да се растанцуваат. Лесно и подвижно, како да не го допираат подот на бината. На крајот на настапот



аплаузите не стивнуваа. Публиката се одушеви и бурно ги поздравуваше танцувачите. Михаела и Стефан останаа насмеани и прегрнати.

– Како да сме во театрите во Виена – забележа некој. – Господе, вакво нешто кај нас...

– Вакво танцување одамна не сум доживеала! – се одушеви една повозрасна дама. – А, море, деца, ме вративте во младоста. Алал на тие што ве родиле...

И другите имаа пофалби. Сета публика.

Каков впечаток доби за момчето и девојчето? Зошто криеле од родителите дека се дружат? Што чувствувале еден кон друг? Како ја разбираш реченицата „Како да сме во театрите во Виена“? Што мислиш дека ќе се случува понатаму во текстот?

Мајка ѝ и татко ѝ на Михаела ракоплескаа. Беа пресреќни. Но, и на Стефан. А и погледите на раскараните им се сретнаа... Овој пат со насмевки. Најпосле, први си пријдоа татковците на танчарската двојка.

– Имаме прекрасни деца! – му ја подаде раката татко ѝ на Михаела. – Јас сум изненаден.

– А што да речам јас? – ја прифати раката татко му на Стефан. – Чудесни деца, преубав танц.

Надвор излегоа двајцата. На влезот беа насмеани и нивните мајки. Ведро разговараа. Потоа, можеа да се видат како, фатени под рака, заедно го напуштаат училишниот двор.

Еден таков танц не можеше да не биде смирувачки за двете подлутени семејства.

**Горјан Петревски**

Каков крај очекуваше? Според тебе, објасни што било пресудно за да се решат односите помеѓу двете семејства?

Прераскажи го текстот накратко и продолжи го дејството. Биди автор. Обиди се во твојата приказна да ги застапиш сите шест главни лика (родителите и децата).

Истражи на интернет за театрите во Виена. Разгледај фотографии и видеа и уживај во прекрасниот раскош и во убавината.

# НАРОДНО ТВОРЕШТВО – НАРОДНА ПЕСНА

## Битола, мој роден крај

Битола мој роден крај,
во тебе сум родена,
за мене си рај.
Битола мој роден крај,
јас те сакам, од срце знај,
Битола мој роден крај,
јас те сакам, за тебе пеам.

Уште како дете,
во тебе одев боса,
во тебе пораснав граде

јас не сум ти гост.
Битола мој роден крај,
јас те сакам, од срце знај,
Битола мој роден крај,
јас те сакам, за тебе пеам.

Многу градови, села пројдов,
како тебе, мил за мене
нигде не најдов.
Битола мој роден крај,
јас те сакам, од срце знај,
Битола мој роден крај,
јас те сакам, за тебе пеам.

Има ли кој, граде мој,
збогум да ти каже,
да не заплаче
Битола мој роден крај,
јас те сакам, од срце знај,
Битола мој роден крај,
јас те сакам, за тебе пеам.

**Македонска народна песна**






**ДИСКУТИРАЈ**

- Што е мотив во оваа народна песна?
- Со што е спореден родниот крај Битола?
- Какви чувства побудува оваа песна кај тебе?
- Како се наречени песните во кои се излеани чувства?
- Како ги разбираш стиховите „Има ли кој, граде мој, збогум да ти каже да не заплаче“.
- Ислушај ја оваа прекрасна народна песна на интернет и истражувај ги најпознатите културно-историски знаменитости во Битола.

Обиди се да твориш. Напиши лирска песна за твојот роден крај. Потруди се да користиш литературен јазик и почитувај ги правописните правила.

# НАРОДНА ПРИКАЗНА – НАРОДНО ТВОРЕШТВО

## ПРАВИНАТА И КРИВИНАТА

Некогаш останала Правината без работа, та немала пари да си купи леб за да јаде и три дена гладувала. Шетала, одела овде-онде за да најде леб, но не можела и викнала сирота:

– Оф јас сирота, што да правам, дали ќе умрам од глад, нема ли никој да ми помогне?

Ја слушнала Кривината и излегла пред неа:

– Што те мачи, а другко, што туку офкаш? – ѝ рече Кривината.



– Оф мори сестрице, како да не офкам, кога еве три дена не сум каснала залак лебец, само со водичка живеам!

– Бре, бре, за тоа офкаш? Дојди по мене, јас ќе те најадам од сите убајни.

– Е сполај ти мори сестро, ако го сториш тоа добро, сега да ми се најдеш, јас нема никогаш да ти заборавам.

Тргнала пуста Правина по Кривината, душа да најади, оти ќе умрела од глад. Одела, одела и влегла Кривината во една меана, а Правината по неа и седнале да ручаат на чесна трпеза.

Му викнала Кривината на меанџијата и му нарачала да донесе од сите турлии манџи и леб од најубавиот.

Донеле сѐ и Кривината ѝ рекла на Правината да јаде и ич гајле да не бере, оти таа ќе платела за сѐ што јаделе. На станување го викнала Кривината меанџијата за да пресмета колку чини ручекот. Пресметал меанџијата дваесет гроша.

– Мошне добро – рекла Кривината – дваесет гроша ти сакаш од мене, а јас сакам шеесет гроша од тебе, што ти ги дадов еднаш кога дојдов; врати ми го кусурот уште четириесет, за да се платиме и да си одиме.



– Какви грошови си ми дал, бре, човеку? Не ти е срам што зборуваш така? – рекол меанџијата.

Кога ги чу овие зборови, Правината стана и нога за нога појде и се скри зад врата, од што ѝ падна срам од кривото што го правеше другарка ѝ Кривината. Кривината и меанџијата се расправаа. Чувај Боже, Кривината викаше колку што ја држи грло, секој што ќе поминеше и заминеше се враќаше за да види што е таа кавга и секој што слушал мислел дека Кривината има право, оти многу викала. Виде-не-виде меанџијата, извади четириесет гроша и ѝ даде на Кривината. Тогаш викна:

– Ах правино, правино, кај си?

– Море, еве сум, бре, брате, зад врата, туку што да чинам, кога и јас јадев, па валкана сум како Кривината! – се одѕвала Правината.

Оттогаш се одделија Правината и Кривината и нема да се здружат за вечни времиња.

**Македонска народна приказна**

**Правина** – правда, правдина

**Кривина** – неправда

**другарке** – другарке

**убајни** – убавини

**кривото** – погрешното

**грошови** – турски ситни монети

**чу** – слушна

### ДИСКУТИРАЈ

- Каков говор е употребен во овој текст?
- Како ја оценуваш постапката на Правината, а како на Кривината?
- Дали останале Правината и Кривината заедно? Зошто?
- Размисли која народна поговорка најмногу би одговарала за оваа приказна?
- Што научи од оваа приказна?

Што знаеш за штркот?

# ШТРКОВИТЕ СЕ ВРАЌААТ ДОМА

Пролетта пристигнува на крајот од март и им испраќа порака на сите птици преселници да се вратат дома од југ. Штом ја добија пораката, штрковите го повикаа пролетниот ветер да им помогне во нивниот долг лет кон дома. Најстариот меѓу нив што беше долг околу еден метар и тежок околу три-четири килограми, испрати абер до сите:

– Време е за враќање дома! Соберете се и подгответе се за долгиот пат, повикајте ги вашите сестри и браќа!



За неколку минути се собра групата од слатките долгоноги суштества што одеа бавно и достоинствено облечени во бело-црни пердуви. Ги испружија нивните долги вратови и долгите, тврди, зашилени клунови. Ги отворија широко нивните големи крилја и полетаа по синото небо. Сончевите зраци им го осветлуваа патот додека радосно брзаа накај дома. Меѓу себе комуницираа со штракање – одвојување и спојување на горниот и на долниот дел од клуновите создавајќи звуци. Патем горе над нив се појави едно облаче што лебдеше и им рече:

– Побрзајте, може да испуштам капки дожд и да ги натопам вашите пердуви!

Тогаш штрковите се собраа еден до друг и побрзаа летајќи по својот пат. Сонцето изгреваше и заоѓаше неколкупати додека тие летаа без престан. Понекогаш неуморните патници летаа по речни брегови, се наведнуваа кратко да ја изгаснат жедта со чиста, ладна вода. Неколкупати се стемнуваше и се разденуваше, се појавуваа мали и големи облачиња, доаѓаа темни ноќи. Одвреме-навреме, група штркови се приклучуваа кон средината на големото јато, ги ставаа главите под своите крилја и неколку минути спиеја за да си ја вратат силата и да продолжат да летаат. Така спиеја и летаа додека низ сон ги слушаа крицит на другите будни штркови. Тие, пак, штракаа со своите клунови за да им помогнат да не изгубат ориентација додека овие спијат и летаат. Потоа друга група заспиваше и сè така наизменично, едни се будеа, други спиеја за време на долгото летање. Патуваа заедно создавајќи прекрасни кружни движења меѓу карпите, додека под нив брануваа морињата. Едно утро децата беа изненадени кога ги видоа белите штркови.

– Види го штркот! Убавиот бел штрк си дојде дома! – извикуваа весело.

По долгиот лет два штрка – брачен пар застанаа заедно на врвот од бандерата и гледаа надолу кон растуреното гнездо.

– Колку сѐ изгледа растурено и нечисто! – рече едниот.

– Да! – одговори другиот. – Погледни на покривите од куќите и столбовите! На високите и осамени дрвја сите гнезда на нашите браќа и сестри се растурени!

– Да слеземе и да собереме гранки, да го обновиме нашето гнездо! – сложно извикаа.

Некои штркови, пак, немаа гнезда. Зимата, дождот и снегот им ги растуриле гнездата што се излизгале од оџаците по косите покриви на куќите. Така овие два штрка ги повикаа своите браќа и сестри и ги замолија да си помогнат едни на други за да ги поправат растурените гнезда, бидејќи тие секогаш сакаат да споделат сѐ со другите. Не оставија ни дел од нивната работа незавршена. Работеа толку брзо што приближно во исто време стигнаа да ги поправат сите гнезда, исто како што летаа и заедно слетаа дома.



Некои од нив веднаш отидоа да ги посетат цвеќињата во блиската околина, вирчињата, барите и поточињата и да побараат црвчиња, жаби, инсекти и други ситни животинчиња за да се нахранат.

Пролетната трева им шепотеше слатки зборови на неуморните штркови, се исправи и им се заблагодари што донесоа среќа и радост за децата.

**Ели Макаслиева**

**Направи анализа на текстот според дадената техника во тетратката.**

| Слика – Нацртај слика што најдобро ја замисли визуелно! | Чувства – Наброј ги чувствата што овој текст ги предизвика кај тебе! |
|---|---|
| | |
| Звуци – Опиши ги звуците во текстот. | Поврзаност со мојот живот – Каде наоѓаш сличности со твојот живот? |
| | |

Со твојот другар/другарка обидете се да смислите по еден збор што ќе асоцира на пролет и ќе почнува со дадените букви. Потоа, читајте ја изразно песната „Волшебница“. Разговарајте за песната.

# ВОЛШЕБНИЦА



П_______________________

Р_______________________

О_______________________

Л_______________________

Е_______________________

Т_______________________

По патека Пролет оди
Патем дели како кума
За секое цвеќе име
Да заличат поле, шума.

По потоци Пролет гази
В надојдени води шлапка
Со грстови фрла злато
Да се злати бистра капка.

Пролет стеблата ги гушка
Бадем, слива, цреша-ранка
Закачува бели значки
На врвот од вита гранка.

Пролет шепоти на брези
Со кокичиња се слика
Се палави меѓу тревки
Братче Сонцето го вика.

На пољанка Пролет седи
И зелени игри плете
На кавал од ветре свири
Сака да е Вечно Дете!



**Велко Неделковски**

# ГО ПРОВЕРУВАМ СВОЕТО ЗНАЕЊЕ

**1. Во следниот текст подвлечи ги сите глаголи, а потоа напиши ги во соодветното поле.**

Секој ден веднаш по часовите Берта одеше право кај врапчето. Тоа се навикна на неа. Таа му даваше трошки и милно му говореше:

– Кога ќе ти оздрави крилцето, ти ќе умееш само да се храниш. Сега сигурно мајка ти и татко ти те бараат. И многу се грижат што толку време те нема во нивното гнездо... Ти скоро ќе можеш да леташ колку што сакаш...

| СЕГАШНО ВРЕМЕ | МИНАТО ВРЕМЕ | ИДНО ВРЕМЕ |
|---|---|---|
| | | |

**2. За секое точно тврдење напиши ДА, а за секое неточно тврдење напиши НЕ.**

- Со глаголите се означува нешто што се случило во минатото, што се случува сега и што ќе се случува во иднина. ☐
- Глаголите дува и врне се во сегашно време 3 л. еднина. ☐
- Глаголите трча и пее се во сегашно време 1 л. еднина. ☐
- Глаголите што означуваат дејства што ќе се вршат или извршат во иднина, велиме дека се во идно време. ☐
- Глаголот ќе изградиме е глагол во сегашно време. ☐
- Минато време означува дејство што се случило во минатото. ☐

**3. Пополни ја табелата. Измени го глаголот скока во минато, сегашно и идно време во сите три лица, еднина и множина.**

| ЕДНИНА | СЕГАШНО ВРЕМЕ | МИНАТО ВРЕМЕ | ИДНО ВРЕМЕ |
|---|---|---|---|
| 1. лице | Јас скокам. | Јас скокав. | Јас ќе скокам. |
| 2. лице | Ти | | |
| 3. лице | Тој | | |
| | Таа | | |
| | Тоа | | |
| МНОЖИНА | | | |
| 1. лице | Ние скокаме. | Ние скокавме. | Ние ќе скокаме. |
| 2. лице | Вие | | |
| 3. лице | Тие | | |
| | | | |
| | | | |

**4. Дополни во празните полиња.**

Кога со глаголот се искажува __________, __________ или __________, се употребуваат формите на **заповеден начин**.

Заповедниот начин се искажува со __________ лице еднина и множина.

**5. Размисли и заокружи ја буквата пред реченицата во која има заповеден начин.**

А. Вчера бев во книжарницата.

Б. Крени ја чантата од подот.

В. Земи ја зелената книга.

Г. Јас станувам во 8 часот наутро.

Д. Ерхан го средува своето катче.

Ѓ. Стави го чешелот на своето место.

Е. Прочитај ја последната реченица.

Ж. Ана ја чита бајката од учебникот.

З. Павел ја закачи својата јакна.

**6. Од следниве зборови состави три реченици со заповеден начин:**

**Пејте Учи Застани**

____________________________

____________________________

____________________________

____________________________

____________________________

____________________________

**7. Дополни!**

Точното наведување на __________________________ се вика директен говор.

Пренесувањето на туѓите мисли со __________________________________ се вика индиректен говор.

**8. Дополни и заокружи!**

Правописни знаци за директен говор се: __________ и __________.

Црта ставаме кога директниот говор почнува во нов ред. ДА/НЕ

Наводници ставаме кога директниот говор го пишуваме во истиот ред. ДА/НЕ

**9. Во следниве реченици стави ги правописните знаци на потребното место.**

- Маја се исплаши, па рече

  Не знам, не пронајдов ништо!

- Маја се исплаши, па рече Не знам, не пронајдов ништо!

**10. Следниве реченици, кои се напишани во директен говор, напиши ги во индиректен говор.**

1. Нина ме праша: „Ја напиша ли домашната задача?“
2. Ариф рече: „Сите навреме завршија со активноста“.
3. Петар тивко ми шепна: „Внимавај, те гледа наставничката!“

**11. Заокружи го точниот одговор.**

На колку начини може да се напише директниот говор?

а. на еден б. на два в. на три

**12. Во следниве текстови имаме раскажување и прераскажување. Твоја задача е да препознаеш во кој текст има раскажување, а во кој прераскажување и да го напишеш соодветниот одговор во празното поле.**

### СОЛ И СУНЃЕР



Едно магаре носело вреќа сол. Минувајќи низ реката, се лизнало и паднало во вода. Штом станало и пошло, сетило дека товарот му е полесен.

По некое време магарето пак минувало покрај реката. На грб носело голем нарамок сунѓер. Посакало тоа пак да си го олесни товарот, па легнало во вода. А кога се исправило, одвај се извлекло до брегот.

**Лав Толстој**

### ЗРНО ГРАШОК

Надвор силно светеше сонцето и ја грееше мешунката. Таа од дождот изгледаше светла и проѕирна. Зрната во мешунката живееја спокојно и удобно: дење им беше светло, а ноќе им беше мрачно, сосем како што им се допаѓа. Зрната секој ден стануваа сè појадри и сè позамислени, зашто требаше нешто да се работи.

– Зар секогаш овде да чмаеме? – рече едно зрно.

– Сè ми изгледа дека надвор се случува нешто!

Поминаа недели, зрната пожолтеа.

– Целиот свет пожолтел – си рекоа тие. Одеднаш почувствуваа потрес. Некој ја скина мешунката.



**Х. К. Андерсен**

**13. Во следниве реченици подметот подвлечи го со сина, а прирокот со црвена боја.**

- Ана слика.
- Фросина скока.
- Верверицата се качи на дрвото.
- Мејдин пишува.
- Бојан игра.
- Сестричката на Миа редовно учи.

**14. Прошири ги речениците со неопходните прилошки определби.**

- Амела ___________ говори. (како)
- Братучед ми ____________ работи ___________________. (кој, каде)
- Теа ___________ учи. (колку)
- Никола ___________ направи ___________________. (кога, што)
- Децата ________________ играа. (како)

**15. Следниве скратеници и скратувања запиши ги според примерот:**

год. – година

ООУ –

РТВ –

итн. –

сл. –

км –

г. –

др. –

ЈПК –

пр. –

г-ѓа –

м –

ж.р. –

**16. На празните места во следниве реченици наместо скратувањата напиши ги целите зборови:**

1. До целта има уште 80 м. _____________
2. Ема купи 800 мл млеко. __________________
3. Ина живее една ул. пред нас. _________________
4. Мојот татко работи како проф. по физика. _________________
5. Баба ми живее во с. Пепелиште. ______________

# SВЕЗДА

Во истиот момент кога операта заврши, целата публика стана на нозе и почна да ракоплеска, да свири и да извикува „браво“. Дури и претседателот. Пејачите се поклонија еден по еден, а последна од сите, мајка ми. Мојата прекрасна, добра, откачена мајка.

Соседот Ник се истурка до нашиот ред, стискајќи го букетот цвеќиња. Планираше да ѝ ги даде на мама додека сите аплаудираа. Или не. Застана до мене.

„Оди однеси ѝ ги овие на мајка ти“, рече без здив. Лицето му беше црвено и правеше една од своите гримаси додека истовремено се смееше од уво до уво. Ја погледнав баба. Таа кимна и ми рече да побрзам. Го зедов букетот и бев подготвена да се истркалам.

„Чекај!“, нареди Ник со треперлив глас. „Повели, среќен роденден“, додаде, подавајќи ми ја малата кутија. Автоматски пружив рака по неа. Но, не ја пушташе.



„Ова е нешто што ѝ припаѓаше на мојата мила покојна сопруга, а твоето име Стела, значи ’Sвезда‘“, рече, речиси како да ме прекорува. Како да не сакаше да ми го даде она што беше во кутијата, која двајцата ја тегневме. Но, баба презеде контрола, нежно ни ја зеде кутијата и ја отвори. Останав без зборови. Внатре имаше брош во форма на sвезда. Беше прекриен со мали скапоцени камчиња што сјаеја и светкаа. Баба брзо ми го закачи брошот и мислам дека кажав „благодарам“. Ник се насмевна загадочно, а баба ме поттурна.

Стигнав до работ на сцената со цвеќињата за мама во скут и со sвездата закачена на градите. Но, не можев да се качам на сцената. Што да правам сега? Да ги фрлам ли цвеќињата кон мама со надеж дека ќе ги фати?

„Стела! Овде!“ викна некој зад мене.

Се свртев. Бреки беше таму, покажувајќи кон излез од салата. Таму стоеше редар и ми даваше знак да тргнам кон него. Очигледно знаеше како можам да се качам на сцената. Ги свртев тркалата и јурнав кон вратата. Аплаузот не беше при крај, но морав да побрзам.

„Дојди и ти!“ викна редарот покажувајќи кон Бреки. „Има еден куп цвеќиња!“ Тој почна да трупа цвеќиња во мојот скут, велејќи дека сите се за мама затоа што ѝ е прва вечер, а потоа ни даде знак да излеземе на сцена.

„Стела, престана ли да се срамиш од мене?“ праша Бреки со искрен тон, задржувајќи ми ја количката.

Малку се шокирав. Да се срамиш од својот пријател или од семејството е навистина грозно. А тој беше свесен за тоа. „Што сакаш да кажеш?“,- реков обидувајќи се да звучам изненадено.

„Не, работата е во тоа што никогаш не сакаш да се дружиш со мене никаде освен во училиште и кај тебе дома“, рече.

„Не, воопшто не се срамам, не е така. Само... луѓето двојно повеќе зјапаат во мене кога сум со тебе одошто кога сум сама, а апсолутно мразам кога зјапаат во мене.

„Зошто?“ праша Бреки изненадено.

„Зошто? Па... зарем тебе воопшто не ти е непријатно?“

„Не, сакам да зјапаат во мене. Сакам луѓето да знаат дека децата во инвалидски колички се само обични деца. Едноставно... едноставно одлучив да си велам дека сигурно зјапаат во мене затоа што сум славен... или нешто слично“, рече и се насмеа.

„Да... живеењето е состојба на умот!“, реков, повеќе за себе отколку нему.

„А никогаш ли не ти паднало на памет дека луѓето зјапаат во тебе затоа што си толку слатка?“, праша Бреки.



„Што?...“

„На сцена!“, викна редарот.

Мама стоеше таму со солзи во очите, а кога нè виде дека доаѓаме ја стави дланката на уста, преплавена од емоции. Многумина од публиката нè фотографираа, блицовите беа заслепувачки. Воопшто не ми беше грижа. Не ми беше грижа дури ни ако сите тие фотографии завршат на „Фејсбук“!

**Гунар Хелгасон**

## ДИСКУТИРАЈ

- Какви чувства разбуди кај тебе овој текст?
- Какво значење има името на главниот лик Стела?
- Опиши ја Стела. Потоа, опиши го нејзиниот другар Бреки.
- Што научи од овој текст?
- Препиши ги сите реченици што се напишани со букви во друга боја и објасни ги!

Направи анализа според техника „Ѕвезда на текстот“ во твојата тетратка.




Прераскажи го накратко текстот.

# ЗА ПОУБАВ СВЕТ

Прочитај ја внимателно песната, а потоа за секоја строфа напиши поетска слика.



Светот е полн со убавини,
светот е преполн со сешто,
а сепак, во многу земји,
некаде не чини нешто.

Прекрасни облеки има,
старо и младо ги носи,
а сепак, во многу земји,
среќаваш голи и боси.



Волшебни палати има,
секаде зграда до зграда,
а сепак, во многу земји,
некој за топол дом страда.

Чудесни јадења има,
јадења – ум да ти зајде,
а сепак, во многу земји
некој ни леб не ќе најде.





Светот е полн со убавини,
светот е полн со сешто,
па ајде да делиме братски,
за сите да има по нешто!



**Глигор Поповски**

## ПЕТОРЕД

Обработете ја песната со помош на дадените насоки:

Наслов (именка), опис (придавка), дејство (глагол), чувство (израз), суштина.

# ИСПРЕВРТЕН ТЕКСТ

Прочитај ги внимателно сите делови од текстот. Ќе забележиш дека настаните се измешани, а содржината нејасна. Со користење на техниката **„Расфрлени секвенции“** обиди се да ги подредиш настаните по правилен редослед за да добиеш јасна содржина со правилно подредени настани.

Сите играчки во светот слушаа колку се смее Никола. Сите, освен Монструм. Тој како да пропаднал в земја. Го немаше никаде, ни горе, ни долу, ни лево, ни десно, ни напред, ни назад. Значи, никаде. Никола седна на опашката на една ѕвезда. „Монструм можеби нашол некое друго дете, кое ќе се грижи за него подобро од мене. Можеби...“ помисли Никола и ја наведна главата. „Сакам дома!“ И во тој миг ѕвездата полета кон Земјата. Момчето цврсто се држеше за нејзината опашка. „Кога сум тажен, само мама и тато можат да ме утешат“, воздивна Никола.



„Среќичке наша“, го бакнуваше мама во косите.

„Само да знаеш колку нè исплаши!“ го гушна тато.

„А каде беше?“ го прашаа родителите.

„Бев на друга планета. Всушност, на мојата планета“, им објаснуваше момчето. „На почетокот сè беше како во бајка. Волшебно. Прекрасно. Тогаш почнаа да се појавуваат некои чудни родители... Не можете ни да замислите какви родители беа тие. Потоа планетата се разболе и сè почна да се распаѓа...“

„Чекај, полека, Никола, не те разбирам ништо“, го прекина мајката. „За какви родители зборуваш? Да не имаш температура?“

„Ви се налутив и посакав нови родители. Но, кога ги најдов, сфатив дека не се ништо особено. Вие сте моите најдобри родители!“ Никола блескаше од среќа.



Никола лежи на креветот, со јорганот преку глава. Лут е како пиперка. И токму кога требаше да премине на следното ниво од видеоиграта, тато му го исклучи компјутерот, а мама со прстот му покажа кон бањата. Туширање. Миење. Забите. Пижамата. Креветот. „Не е фер! Можеа да ме пуштат уште пет минути! Па, што ако наутро одам на училиште? Грррррр!“ Никола ги стиска забите и бесно удира со нозете врз душекот. Мама и тато постојано му наредуваат нешто: „Не трчај, ќе се испотиш! Смири се, зар не гледаш дека зборувам на телефон! Побрзај,

зар не гледаш дека доцниме! Тишина, гледаме вести! Не скокај врз двоседот!“ И падна одлуката. Во истиот миг поаѓа во потрага по нови родители. Го зема Монструм и тргнува. Никола решително чекореше кон својата цел. Тој сака да постигне успех во животот, а за тоа му е потребна родителска поддршка. И тоа не од кои било родители, туку од сериозни, возрасни луѓе, кај кои нема трте-мрте.

Ја спушти раката на кваката и ја отвори влезната врата. Родителите седеа во кујната и ја чекаа полицијата. Пријавиле дека им исчезнал синот.

„Можеби не играв доволно со него“, плачеше мама.

„Можеби го задушував со својата грижа“, се жалеше тато.

„Што и да направи, јас сум незадоволна, кутрото мое дете“, јачеше мама.

„Не сум доследен, секој пат се однесувам поинаку“, тато го покри лицето со дланките.

Во новиот дом Никола насекаде го бараше Монструм.

„Каде е мојот Монструм?“ момчето стана мошне нервозно. „Не можам да заспијам без него! Да не го видовте некаде мојот Монструм?“

„Мислиш на онаа скината крпа од која испаѓа волна?“ го праша мајката – сериозна, со гадење на лицето.

„Да, да! Каде е? Кажи ми каде е мојот Монструм, кажи?“ озарено викна Никола.

„Ехеее, од кога го однесоа ѓубреџиите!“ одмавна со раката таткото – сериозен. „Лежеше на патот и ги нервираше минувачите. Грозен беше, како монструм!“



„Па, тој и е монструм!“ објаснуваше момчето.

„Бљак! Не сум видела ништо погрдо во животот!“ се мурteше мајката – сериозна.

„Па, што ако е грд, јас го сакам. Го сакам баш таков грд и никаков! Каде го однесоа? Те молам, кажи ми! Не можам да живеам без него! Монструм е мојот најдобар пријател. Тој ги знае сите мои соништа... моите тајни... а јас... јас го предадов!“

**Јасминка Петровиќ**

Откако точно ќе ги подредиш настаните, ќе можеш да ја разбереш содржината и да откриеш за што точно станува збор во текстот. Разговарајте за содржината, ликовите и нивните особини, текот на дејствата, проблемите и нивните причини.

Прераскажи го накратко текстот според вистинскиот тек на настаните.

# ДЕЦА АМБАСАДОРИ

За сите
во светот што нѐ прославуваат,
што нѐ претставуваат,
научници, уметници, спортисти,
ознаките исти.
Во сали, стадиони,
големи градови
– наши амбасадори.






Ќе видиш во весниците
и нашите деца
ги минуваат границите.
Подвизите не се мали,
се носат медали
од светски фестивали.

И децата шахисти,
математичари,
балетани и клавиристи...
Телевизиите пренесоа:
Награди донесоа.





Од „Кочо Рацин“,
од „Карпош“,
чуено на повеќе пати:
– За младите таленти
отворени врати.

И сите други
кога настапуваат
низ републиката,
на нозе стануваат.
Вака
и пријателствата се множат.
Имаат право кога велат:
– Децата сѐ можат.




**Васил Мукаетов**

## ДИСКУТИРАЈ

- На кој начин децата ја претставуваат нашата држава?
- Кои деца можат да бидат амбасадори? Според тебе, што треба да направиш за да станеш амбасадор и да донесеш медал?
- Кои особини ги поседуваат децата амбасадори?
- Од колку стиха е составена оваа песна?
- Пронајди ги римуваните зборови во песната.
- Објасни го последниот стих: „Децата сѐ можат“.

Твори и напиши песна со наслов: **„Децата можат“**. Внимавај на правилната употреба на литературен јазик и правописните правила.

**амбасадор** – претставник, дипломатски претставник од прв степен

**подвизи** – херојско дело извршено под отежнати услови

Истражувај на интернет-страницата на првата детска амбасада „Меѓаши“ и научи повеќе за улогата на детето амбасадор.

# „ВРЕДНИ“ ДЕЦА – „ЧИСТИ“ ДВОРОВИ

Овој настан што сега ќе ти го раскажам, драго дете, не знам дали воопшто се случил. Но, интересен е и верувам дека од него ќе извлечеш некоја поука и со твоето правилно однесување ќе придонесеш вакво нешто и воопшто да не се случи. Ветерот што дуваше цела ноќ разнесе секакви хартии и други отпадоци.



Од улицата – право во дворовите на блиските куќи.

А тие, како зрна од ѓердан, се нижеа еден до друг.

Дворот на Иле, па на Лиле, па на Миле, па на Биле, па на Живко наречен Жиле. Кога утрината станаа вредните дечиња – што ќе видат? Полни дворови со најразлични хартии и други отпадоци!

Кој ли ги фрлил?

Прв се „снајде“ Иле. И – наместо утринска гимнастика, ги собра хартиите и сè друго што му се најде при рака и ги префрли право во дворот на Лиле.

Лиле мислеше дека овие отпадоци ѝ ги фрлил Миле, па му ги врати со камата, заедно со нејзините. Миле ѝ беше лут на Биле, па, онака, свиркајќи си, „експрес – препорачано“ преку оградата ѝ прати убав пакет, ама – распакуван. А Биле, пак, која секогаш беше брза, не само на јазикот, додека да трепнеш со око – му ги „врати“ на Жиле. Велиме „му ги врати“, зашто таа беше сигурна дека тој ги фрлил кај неа. А кој друг? Жиле, пак, онака како што го родила мајка, жилав, жив и жарлив, многу ја сакаше улицата.

Сите хартии и отпадоци што беа во неговиот двор од сè срце ѝ ги дари на улицата. Чисти деца, навистина! Не трпат отпадоци во сопствените дворови!... И сè беше мирно и чисто во дворовите на Иле, Лиле, Миле, Биле и Жиле – сè



додека не дувна нов силен ветар. А контејнерот отспротива стоеше празен и не можеше да се изначуди на сето она што се случуваше пред неговите очи.

**Александар Кујунџиски**

**ДИСКУТИРАЈ**

- Кои ликови ги сретна во овој текст?
- Кои се нивните имиња?
- Дали се согласуваш дека тие биле „вредни“? Објасни!
- Како ја оценуваш нивната постапка? Зошто контејнерот се зачудил?
- Како би постапил ти доколку си на нивно место?
- Дали си имал некоја слична постапка или си бил сведок на таква или слична ситуација?
- Зошто треба да се грижиме за нашата околина?
- Направи парола со ЕКОЛОШКА порака!

Размисли, што можеле да направат Биле, Лиле, Миле, Иле и Жиле со хартијата?

Истражувај повеќе за рециклирањето. Дознај ги сите производи што можат да се рециклираат. Потоа изработете постер во училница од наученото.

Поделете се во групи.

Секоја група ќе има иста задача, да им напише „писмо“ на „чистите“ деца за нивните „чисти“ дворови.

Преку писмото обидете се колку што е можно поучтиво да им укажете на грешките што ги правеле. Посочете им како требало да постапат.

Прочитајте ги вашите „писма“ пред одделението. Направете споредба колку се слични, а колку различни размислувањата на групите.

Стави се на местото на едно од децата – ликовите во овој текст и напиши како ќе постапиш во дадената ситуација.

# ВЕЛОСИПЕД

Не, не и не... Тато не сакаше да ми купи велосипед. Беше цврст во одлуката. Не помагаа никакви молби. Тој имаше само една причина поради која не ми купуваше велосипед. Велеше дека нашиот град нема патеки за возење велосипеди. За него, да се вози велосипед по улиците беше поопасно од тоа да се игра оро во кафез со гладен лав.



Јас, пак, имав три причини поради кои сакав да ми купат велосипед:

Првата беше од љубовен карактер. Сакав да ја пресретнам Симонка од петто одделение, качен на велосипед, па онака како коњаник од висина на бел коњ да ѝ кажам дека ми е симпатија.

Втората беше поради здравјето. Многу се уморував додека трчав по децата што имаа велосипеди. Тие јуреа на нив, а јас летав по нив... Кога ќе застанеа, тие се смееја, а јас едвај дишев...

Третата причина беше од натпреварувачки карактер. Сакав, ептен сакав да учествувам во натпреварот „Со велосипед до селото Долани и назад“. Еднаш на стартната линија покрај тркачите искачени на своите велосипеди, застанав и јас.

– Каде ти е велосипедот? – ме праша учителот задолжен да го означи стартот на трката.

– Тато не сака да ми купи – му одговорив.

– Тогаш зошто си дошол?

– За да победам во трката – одговорив.

Учителот помисли дека сум чукнат и бргу ме отстрани од стартната линија. А тато, откако разбра за „бруката“ во училиштето, не само што си остана на одлуката да не ми купи велосипед туку ми забрани и да го сонувам.

Помина многу време од изрекувањето на забраната. Еден ден во градот, од нигде-никаде, донесоа десетина супер велосипеди. Бргу се разнесе веста дека ќе бидат сопственост на велосипедскиот клуб „Калдрма“. Штом разбрав за супер велосипедите, се зачленив во клубот. Бев петти на списокот на зачленетите. Не случајно бев Мето од петто. Не му кажав на тато дека членувам во првиот Велосипедски клуб во градот. По првото пробно возење, тренерот чичко Васил ме издвои во групата талентирани велосипедисти. Почнавме со тренинг возењето. Секој ден по неколку километри до оризовите

полиња во Караорман и назад до центарот на градот. Ние десетината возевме напред, а по нас чичко Васил, нѐ следеше со бело „фичо“.

Тато не знаеше ништо за моите спортски напори, напрегања и желби за трофеи. Го чудеше само тоа што секој ден пред да се стемни се враќав дома капнат од умор, со натечени мускули на нозете и со огромна жед што ја гасев пиејќи сок од дренки. Сето тоа траеше додека еден ден самиот не се уверив дека улиците во нашиот град не се за возење велосипеди.



Се враќавме од оризовите полиња во Караорман. Во центарот на градот токму кога требаше да свртам со групата за да поминам преку мостот, во мене, поточно во задното тркало удри мотор.

Дотогаш мислев дека само птиците можат да летаат, тогаш сфатив дека и луѓето, кога ќе им се укаже шанса, летаат и тоа побргу и од ластовичките. Летав, летав и – се раскостив врз тротоарот! Во летот не бев сам. Со мене леташе и велосипедот. Тоа го забележав кога слета врз мене со целата тежина. Кога почнаа да се собираат луѓе околу мене, а моторџијата се извинува пред насобраните зашто не сакал да удри во мене и во велосипедот, скокнав и засрамен, иако чувствував болки во целото тело, го нарамив велосипедот и со брзи чекори тргнав кон просториите на клубот.

Срамот повеќе ме болеше од сите модринки по телото и главата. Поради тоа што вината беше во моторџијата, тренерот чичко Васил ме ослободи од обврските да го поправам тркалото на велосипедот.

Тато никогаш не дозна за мојата велосипедска авантура. Цврсто се држеше до забраната да ми се купи велосипед, т.е. да сонувам дека некогаш ќе имам велосипед.

Го сакав тато и бев подготвен никогаш да не ја прекршам забраната. Му верував дека немаме улици за возење велосипед и се трудев и другите да ги убедам во тоа.

**Трајче Кацаров**

## ДИСКУТИРАЈ

- Кој е главниот јунак во текстот? Која била неговата желба? Кои биле причините за таа желба?
- Која е причината што не му се остварувала желбата на детето?
- Какви чувства буди кај тебе содржината на овој текст? Зошто?
- Според случувањата во текстот, дали можеш да одредиш во кое време се случувало ова дејство?
- Како ја оценуваш постапката на Мето што криел од татко му? Образложи дали е оправдана неговата постапка?
- Како незгодата на Мето влијаела врз неговото размислување?

## ТЕХНИКА КОЦКА

Разгледајте ја темата од повеќе аспекти! Напишете краток состав според насоките на сите шест страни на коцката!



**ОПИС**
**НА ВЕЛОСИПЕДОТ**
Боја
Форма
Големина

**СПОРЕДИ**
Позитивните и негативните страни на велосипедот!

**АРГУМЕНТИРАЈ**
Заземи став ЗА или ПРОТИВ

**ПРИМЕНИ**
За што служи велосипедот? Каде може да се користи?

**АСОЦИРАЈ**
На што те наведува да размислуваш?

**АНАЛИЗИРАЈ**
Како до поголема безбедност на велосипедистите во сообраќајот?



# ПРВОАПРИЛСКИ СТРАНИЦИ



Каков ден е Први април? Што најчесто се прави на овој ден? Зошто? Прочитај ги стиховите од кратките шеговити песни и насмеј се! Измисли и напиши првоаприлска шега! Прочитај ја пред целото одделение. Смејте се заедно!



## АПРИЛИЛИ



1. Тивко, тивко, шега не е,
црвен облак ѕвезди сее!

2. Дрвјата на корзо одат,
слончиња за раце водат!

3. Петел сам на глава стои,
нешто смета, гласно брои!

4. По улици воз се движи,
во него е лав што мижи!

5. Низ простори еже шета,
покрај него зајак лета!

6. Мачиња на покрив седат,
фурки држат, ветер предат!

7. Кој верува деца мили?
**Априлили! Априлили!**

### Зрак и јога

На полжав – врз двата рога
стои зрак што вежба јога!
Стои немо – како шише,
Медитира, лесно дише.
Сака да се рекреира...
Еден облак го нервира!

### Чантарана

Чантар, чантар – чантарана!
Зајак влегол во два стана!
Во првиот кафе пиел,
во вториот филџан миел!
Дур го измил – поглед сматил
и во друг сон магла фатил!



### Што е маглата

Маглата е облак
некогаш што збеснал
и од својот кревет
наземи што треснал!





### Риболовец

Бистри води – сончев ден!
Ловам риби – фатив клен!
Фатив штука, мрена, кит,
сом најголем – како рид,
како куќа дебел рак,
ајкула во најнов фрак
и јагули – сто за час...
Риболовец прв сум јас!

### Циркусот е отворен

Циркусот е отворен,
арената е светла,
сред неа се топорат
два небесни петла.
Едниот е златопер,
другиот е шарен,
од нивните погледи
циркусот е вжарен!



**избор песни од Стојан Тарапуза**



# НОВОНЕФОРМИРАН ЦИРКУС

**Лица: Николче, Неда, Ненад**
(Николче како најголем ги собира другарчињата на чистинката меѓу две згради и – се договараат ли, договараат)



**Николче:** Другарчиња, знаете ли што?

**Неда:** Не знаеме. Но, гледајќи те, вака, расположен за зборување, нема многу да чекаме за да дознаеме.

**Николче:** Навистина. Нема да чекате. Јас не сум ни градски автобус, ни меѓународен воз. Веднаш ќе ви кажам. Предлагам да формираме циркус.

**Неда:** (одушевено) Како ти текна?

**Ненад:** Браво, одличен предлог!

**Николче:** Како прво, веднаш да го одредиме составот на циркуската дружина.

**Неда:** Важи.

**Ненад:** Ајде, кажи!

**Николче:** За голтач на оган го предлагам Милче! Знаете тој како голта палачинки. Уште врели...

**Неда:** Голта и еклери, но...

**Ненад:** Едно се палачинки и еклери, а друго е...

**Николче:** Готово е со него. Точка! Одиме натаму!

**Неда:** Кој ќе оди по жица?

**Николче:** Еквилибрист, односно играч на жица, ќе биде Снеже. Таа игра балет, а одлично скока и врти хулахоп!

**Ненад:** Ех, таа се препнува и од сламка, туку ајде, нека...

**Николче:** Жонглер со топка ќе биде Мите. Тој одлично игра топка со глава. Ќе фрла топки во височина и со нив ќе жонглира.

**Неда:** Предлагам вежбач на трапез да биде Весна. Нејзе добро ѝ одат и геометријата и гимнастиката. Брзо и лесно се справува не само со четириаголници туку и со триаголници и со многуаголници!

**Николче:** Се прифаќа. А за хипноза, односно за делумно успивање со помош на сугестија, ќе биде задолжен Данчо. Тој е постојано дремлив, спие и стоејќи и одејќи.

**Неда:** Добар е и за факир, индиски маѓепсник, кој би изведувал разни чуда, а би спиел и врз игли.

**Николче:** Не. Индиски факир, односно маѓепсник ќе биде Јосе. Тој тврди дека го пропатувал светот, па сигурно бил и во Индија. А обичен маѓепсник ќе биде Игор, тој, пак, не мрднал подалеку од книгите и учењето!

**Ненад:** Кој да биде тркач на коњ, односно џокеј?

**Неда:** Биди ти. Ти си јавал... на магаре.

**Ненад:** Е, друго е магаре, друго коњ.

**Николче:** Полека, не расправајте се. Нема да бидеш џокеј, туку диск-џокеј. Ќе се грижиш за музиката, за озвучувањето на циркускиот шатор.

**Ненад:** Добро, се согласувам со тоа.

**Николче:** Ти си „скротен“, а Неда ќе биде скротувач на лавови. Таа многу ги сака животните.

**Неда:** Ги сакам животните, да, но зар токму лавови...

**Николче:** Зар тие не се животни?

**Ненад:** Ако не сака лавови, нека скротува мачки.

**Неда:** Не, не...

**Николче:** Сакаш да се занимаваш со дресура на слонови?

**Ненад:** Дресура на кучиња?

**Неда:** Подобро ми е со дресура на мачиња, на мали, малечки маченца.

**Ненад:** Види ја ти милата и умна! Подобро да ти дадеме мајмун, да научиш уште повеќе мајмунлаци!

**Николче:** Добро, добро, остави ја. Не само едно животно, цела зоолошка градина ќе ѝ пратиме, штом вака се инаети!

**Неда:** Не се инаетам, но...



**Николче:** Ќе бидеш тоа што треба, инаку...

**Неда:** А ти? Биди и ти нешто!

**Николче:** Ќе бидам. Јас ќе ја земам најтешката задача.

**Ненад:** Најтешката задача? Која?

**Николче:** Ќе продавам билети за циркусот.

**Неда:** Ќе продаваш билети?! И тоа е – „најтешката“ работа?!

**Николче:** Да, ами како! Згора на сè, работата уште повеќе ќе ми ја отежнува тоа што не ќе знам каде да ги потрошам сите пари што ќе ги соберам од претставата на еден толку голем и славен циркус!

**Александар Кујунџиски**



Поделете се во три групи. Секоја група нека опише по еден лик од драмскиот текст. Какви карактерни особини поседува Николче, какви Неда, а какви Ненад?

Поделете ги улогите, подгответе се за драматизација и следниот час драматизирајте го текстот соодветно на улогата!

# МАРКОВИОТ АТЛАС

На Марко му беше здодевно сам во собата. Беше болен и не одеше во училиште, а неговите другари од одделението плашејќи се да не ги фати грипот не му доаѓаа на посета.

До пладне веќе ги имаше прочитано сите стрипови, па затоа седе да си поигра со џамлиите. Но, мора да се признае воопшто не му беше интересно сам да си игра со нив.

Одненадеж вниманието му го привлече една дебела книга што стоеше на татковата полица за книги. Беше тоа АТЛАС НА СВЕТОТ. „Ова мора да е многу интересна книга“, помисли Марко и почна љубопитно да ја прелистува. „Колку е дебела?! Значи ако сакаш да патуваш по светот, потребни ти се атлас и знаење од географија. Така нема да се загубиш. А јас, јас се загубив минатата година кога бевме на екскурзија на Златибор. Тоа не смеам никому да му го признам...“




Марко продолжи љубопитно да го разгледува атласот. Вниманието му го привлече картата на Италија, па почна да си зборува сам на себе:

– Види, види, на картава Италија навистина има форма на чизма! А близу е и Сардинија! Во таа Сардинија, значи сите јадат само сардини! Мора така да ја викаат поради сардините...



– А овде! – Марко го стави прстот на картата – овде е Мртво Море. Во него „пливаат“ само мртви риби, а во Жолто Море сигурно живеат посебен вид жолти риби... Во Мраморно Море, пак, дното сигурно е од мермер! А дното на Корално Море од корали!

И за сето тоа Марко веќе имаше своја претстава како изгледа.

Полека го влечеше прстот по картата, барајќи необични имиња за морињата, планините, реките. Одеднаш географијата му стана мошне интересна и дури се зачуди како тоа досега не го имаше забележано. Сето ова ќе мора да му го раскаже на Зоран, бидејќи тој сигурно ништо не знае. Продолжи и

понатаму да го разгледува атласот и сосем заборави дека е сам во собата и дека нема другари со кои ќе си игра џамлии. Не можеше да додржи, а да не искоментира повторно на глас:

– Сега знам! Во Амазон живеат: Амазонки. Жителите во Шпанија би можеле да се нарекуваат Шпаниели, а Фламанците – Фламингоси – толку се задлабочи во разгледувањето на мапата што во еден момент извика:

– Ох, колку би било убаво да се живее на овој Кокосов Остров! Па, таму сигурно растат само кокоси... Замисли си, седнуваш под дрвото, а одгоре ти паѓа еден крупен кокос и те погодува в глава. Но, ако на тој остров прават најдобри колачи од кокос, тогаш навистина треба таму да се отиде...

– Види, види овде е Кенгуровиот Остров, крај Австралија. Баш би сакал да го видам! Па, тука мора постојано да скокаат кенгури и кенгурчиња. Дали сите тие скокаат одеднаш во ист ритам, како ние на часот по физичко?

– Па, јас од овој татков атлас многу научив географија – се воодушеви Марко. – Не сакам да претерувам, но сега знам најдобро географија во нашето одделение. Наставничката Мира секогаш вели: „Колку знаеш, толку и вредиш“. Само да ми мине овој здодевен грип, па тогаш таа на часот пред сите ќе рече дека сум најдобар...

**Оливера Шијачки**

**ДИСКУТИРАЈ**

Со кого разговара детето во овој текст?
Како го поминувал денот? Која активност најмногу му се допаднала?
Објасни до какви заклучоци дошол Марко, разгледувајќи го атласот.
Што мислиш за неговите заклучоци?
Дали знаеш каде се наоѓаат некои од споменативе географски места?
Издвој ги речениците што те насмеаја во овој текст!
Што ги советувала своите ученици наставничката по географија?
Образложи колку Марко научил географија!

Со помош на **АТЛАСОТ НА СВЕТОТ** учиме факти за планетата Земја, за нејзината копнена и водена површина, како и за населеноста во целиот свет. Слични податоци и факти можеме да откриваме и преку книгите **ЕНЦИКЛОПЕДИИ**, кои содржат **НАУЧНИ** текстови.

Прочитај го научниот текст „Континентите во светот“ на следната страница и забележи која е разликата помеѓу **научен** текст и **литературен** текст?

Научните текстови презентираат научни факти и ја популаризираат науката, личности или дела на научници.

# КОНТИНЕНТИТЕ ВО СВЕТОТ

- Како настанале континентите?

Кога Земјата се создала, имало еден суперконтинент што се викал Пангеа. Со текот на времето, површината на овој континент почнала да пука и се разделила на повеќе плочи што поради океаните се раздвоиле и така настанале седумте континенти што ги знаеме денес. Тоа се: Азија, Африка, Северна Америка, Јужна Америка, Европа, Австралија и Антарктик. Најстуден континент на Земјата е Јужниот Пол – Антарктикот, а најтопол е Африка.

- Од каде се смета дека потекнуваат првите луѓе?

Се смета дека првите луѓе потекнуваат од Африка. Тоа е вториот по големина континент во светот и во него има 53 земји. На овој континент се наоѓа реката Нил, најдолгата река во светот, а и Сахара, најголемата пустина во светот.

- Каде на планетата живеат најмногу луѓе?

Азија е најголемиот од сите седум континенти и во него живеат околу 60% од вкупниот број луѓе на планетата. Кина е најголемата земја во Азија.

- Каде на Земјата никогаш не се населиле луѓе?

Антарктикот, во кој спаѓа и Јужниот Пол, е најстудениот континент на Земјата. Речиси 98% од овој континент се покриени со мраз. Затоа овде е невозможно луѓето трајно да се населат.

- Каде се наоѓа најмалиот континент на светот?

Австралија е најмалиот континент на Земјата. Тоа е, исто така, единствениот континент што е воедно и држава. Во овој континент, кој е целосно опкружен со вода, спаѓа и Папуа Нова Гвинеја.

**Графички приказ на површината:**




**Графички приказ на населеност:**




Можеш ли да ги прочиташ податоците?

# КАКО ПРАЗНУВАМЕ ВО НАШИОТ ДОМ

Велин и Рамиза се ученици во петто одделение, учат во исто училиште и живеат во иста населба. Наставникот на часот по македонски јазик им даде задача да разговараат за омилените празници што ги прославуваат во домот. Прочитајте го нивниот разговор!





**ВЕЛИН:** Мене омилен празник ми е Велигден. Баба ми вапса црвени јајца и ги става во кошничка. А, јас, пак, сакам да има велигденски јајца во разни бои! Колку се пошарени, толку ми се поубави!

**РАМИЗА:** Мојот омилен празник е Рамазан бајрам. За Бајрам татко ми прави многу убава баклава, а мама и јас му помагаме.



ВЕЛИН



РАМИЗА

**ВЕЛИН:** Велигден ми е омилен не само поради шарените велигденски јајца туку и поради тоа што ми е имenден. На тој ден ни доаѓаат многу гости, а во подготовките учествуваме сите.

**РАМИЗА:** Замисли, Велин, и јас го носам името на најубавиот празник! А, знаеш зошто е најубав? Затоа што за време на Рамазан бајрам луѓето се дарежливи. Даруваат убави подароци и меѓусебно си честитаат со најубави зборови.

**ВЕЛИН:** Колку сличности има во нашите омилени празници! Се слават по три дена, ние децата добиваме подароци, луѓето се среќни и си одат на гости едни кај други, си помагаат и си посакуваат најубави желби!





**РАМИЗА:** Би сакала да ти бидам гостинка за Велигден, но и ти да бидеш мој гостин за Рамазан бајрам!

**ВЕЛИН:** Се разбира, јас секогаш одам кај Блерант и тој доаѓа кај мене за празниците, отсега ќе биде така и со тебе!

Што научи од овој дијалог? Направете Венов дијаграм и претставете ги сличностите и разликите помеѓу овие два празника.

Истражете на интернет за празниците што се прославуват во нашата држава. Напишете ги имињата на некои празници! Исто така, напишете и некои изрази за честитање на празниците!

Твори на тема „Најубавиот празник во мојот дом“

# ХАСАН И МАГАРЕТО

Секогаш кога ќе се сети, мама ми ја раскажува приказната за „Хасан и магарето“. „Вистинска е“, вели откако ќе стави точка на раскажувањето. Почнува секогаш од маалата во кои покрај нив, живееле и многу Турци.

„Многу убаво живеевме со Турците. Просто бевме како една фамилија. Мајка ми, Блажа, беше религиозна жена и ги почитуваше сите христијански празници. Од почит кон соседите Турци, ги почитуваше и нивните, муслиманските. На Велигден тие доаѓаа кај нас, а на Бајрам – ние одевме кај нив. Кога си отидоа за Турција, многу плачевме. Отидоа, велевме, нашите сестри, нашите браќа, нашите тетки и нашите чичковци...“ Секогаш, со тага во очите, раскажува мама за своите први соседи од младоста.

Ете, оттаму излезе и приказната за „Хасан и магарето“. Кутриот Хасан бил слеп човек. Но, и покрај тоа што бил слеп и стар, не бил прикован за креветот или за инвалидска количка.



Секојдневно одел до лозјето. Магарето одело напред, Хасан по него. Попатно сигурно и си разговарале. Хасан се сеќавал на времето кога магарето било прле. Тогаш колку-толку го држел видот. Можел самиот да се грижи за себе, ама кутриот се грижел и за прлето. Ете, така Хасан попатно му раскажувал на магарето за времето кога му помагал да застане здраво на нозете, гордо да ја подигне магарешката глава и рикањето да му биде небаре петлова песна.

На враќање од лозјето, пак истата слика. Магарето одело напред, а Хасан по него.

Кога наутро ќе тргнел по магарето никој од домашните не се плашел дека слепиот Хасан ќе заскита. Верувале во магарето. Верувале дека го знае патот за напред, но и за назад.

Сепак, еден ден, како што се случува во многу приказни, магарето се вратило без Хасан...

**Трајче Кацаров**

Разговарајте за содржината и ликовите во текстот.
Која е темата, а која идејата од овој текст?
Прераскажи ја и продолжи ја приказната! Потоа, прочитај пред одделението. Согледајте колку различни краеви може да има оваа приказна!

# КАКО ПОЧНУВА ЕДНА ПРИКАЗНА

Даден е крајот од **фантастичниот расказ „Слободен ден“** од книгата „Мери Попинс“ на авторката Памела Л. Траверс. Твоја задача е добро да го прочиташ, а потоа да смислиш **почеток на текстот**. Користи ја твојата фантазија! Раскажи ја твојата верзија на расказот во твојата тетратка. Користи правилни и јасни реченици, напишани на литературен јазик. Твојот расказ треба да има три дела: воведен, главен и завршен дел.

## СЛОБОДЕН ДЕН

...Во тој миг келнерот застана пред нив, покрај големата, бела, дрвена капија, која личеше како да е направена од дебели линии извлечени со креда.

„Е, па ете, тука сте!“, им рече. „Ова ви е излезот.“

„До видување и ви благодариме!“, рече Мери Попинс, ракувајќи се со него.

„До видување, госпоѓице“, ѝ рече келнерот, поклонувајќи се толку длабоко што со челото удри во своите колена.

Му кимна со главата и на продавачот на кибрити, кој малку ја накриви главата и му намигна на келнерот, така што, на свој начин, се прости од него. Потоа Мери Попинс пречекори низ белата капија, додека продавачот на кибрити тргна по неа.

Но, штом тргнаа, пердувот ѝ падна од шапката, свилената наметка се изгуби од рамениците, а и дијамантите од чевлите. Шарената облека на продавачот на кибрити нагло избледе, а неговата сламена шапка се претвори повторно во неговата стара, искината капа. Кога Мери Попинс се сврте и го погледна, веднаш сфати што се случи. Стоејќи на тротоарот подолго време го гледаше, а потоа со поглед се обиде да го побара келнерот во онаа шума. Но, келнерот никаде не можеше да се види. Никого веќе немаше на сликата. Ништо не се помрднуваше таму. Исчезна дури и онаа вртелешка. Останаа само неподвижните дрвја, остана тревата и она малку неподвижно море.

Па, сепак, Мери Попинс и продавачот на кибрити се насмеаја еден на друг. Знаеја, ете, што се наоѓаше зад тие дрвја...

Кога се врати, по своето слободно попладне, Џејн и Мајкл ѝ притрчаа во пресрет.

„Каде бевте?“ ја прашаа.

„Во Земјата на бајките“, им рече Мери Попинс.

„Ја видовте ли Пепелашка?“ ја праша Џејн.

„Што, Пепелашка? Е, неа не ја видов“, презриво одговори Мери Попинс. „Пепелашка, не! И таа ми е некоја!“

„А, Робинсон Крусо?“ праша Мајкл.

„Робинсон Крусо? Пих!“ рече развлечено Мери Попинс.

„Па, како тогаш велите дека сте биле таму? Тоа не била нашата Земја на бајките.“

Мери Попинс надмоќно шмркна.

„Зарем не знаеш...“ го праша онака жално „дека секој има сопствена Земја на бајките?“

А потоа, шмркнувајќи уште еднаш, отиде горе да ги извади белите ракавици и да го остави својот чадор.



**МАЛА ПОМОШ ЗА ТЕБЕ!**

Искористи ги податоците од крајот на текстот за да го создадеш својот почеток. Почни од насловот. Потоа размисли за следниве прашања: Која е Мери Попинс? Кои се децата Џејн и Мајкл? Каква е нивната поврзаност? Како Мери Попинс се сретнала со продавачот на кибрити? Како тие двајца се нашле во „Земја на бајките“? За каква слика станува збор? Зошто се споменати чадорот и белите ракавици на Мери Попинс?

# ОД НАРОДНОТО ТВОРЕШТВО

## ДЕВОЈЧЕТО СО ЗЛАТНО СРЦЕ

Многу одамна, во едно планинско село си живееле татко и ќерка. Девојчето било многу добродушно и работливо и затоа сите го викале Девојчето со златно срце. И покрај тоа што многу работело, сепак девојчето сè уште било мало за да може целосно да му помага на својот татко, па затоа тој решил да се прежени. Си нашол човекот домаќинка која со себе си ја донела својата ќерка. Заживеале заедно. Но, за жал, Девојчето со златно срце не било добро прифатено од нив двете. Секогаш кога таткото бил отсутен од дома, тие двете го принудувале девојчето да им слугува. Тоа работело и не се жалело на татка си.

Еден ден Девојчето со златно срце требало да го запали огништето и да го прави ручекот, но немало ниту дрва, ниту запалка. Затоа, решило да излезе и да собере гранки. Така, одејќи и барајќи, стигнало до една јаболкница која била полна со гасеници. Одненадеж јаболкницата проговорила:

– Девојче, дојди да ми ги исчистиш гасениците, ќе ми ги изедат сите плодови! Ако ми помогнеш, на враќање ќе те дарувам со највкусни јаболка!



Девојчето веднаш се согласило и без збор тресејќи ја исчистило целата јаболкница. Потоа си продолжило по патот. По некое време дошло до еден кладенец. Кога се доближило до него, тој и прозборел:

– Девојче, дојди да ми го исчистиш дното и да ги извадиш од водата паднатите гранки и лисја, па на враќање ќе те напојам со студена вода која ќе ти ја угаси жедта.

Девојчето го исчистило кладенчето и си продолжило по патот. За кратко време втасало до една фурна. И фурната му се обратила со зборови:

– Девојче, дојди исчисти ми ја пепелта, па кога ќе се враќаш ќе се нагостиш со топол леб!

И овој пат девојчето, без никаков приговор, отишло до фурната и ја исчистило. Веќе почнало да се стемнува. Девојчето веќе било навлезено длабоко во шумата. Втасало до една мала куќа и решило да затропа и да замоли за преноќиште. Вратата ја отворила една стара баба и ја примила да

влезе. Долго време разговарале, девојчето си ги кажувало маките, а бабата со љубов ја слушала. Се договориле да остане три дена.

Утредента бабата ја однела стоката на пасење, а на девојчето му рекло да ја среди куќата, да зготви, да испере, исчисти и да ја среди целата куќа и дворот. Истото се повторувало три дена. Бабата била изненадена од работливото девојче.



Кога девојчето требало да си тргне кон дома, бабата му рекла дека пред вратата имало три ковчези со различни големини од кои требало да си одбере еден и да го отвори заедно со татка си кога ќе втаса дома. Девојчето го земало најмалото ковчеже за да може полесно да го однесе до дома.

Враќајќи се назад по патот, девојчето почувствувало умор, глад и жед. Но, наскоро пред него се појавиле фурната со топло лепче, потоа кладенчето со ладна водичка и на крајот јаболкницата со прекрасните сочни јаболка. Кога втасало дома, му раскажало на татка си што сè се случило и веднаш се качиле во собата за да го отворат ковчежето. Имало што да видат! Ковчежето било полно со златници.

Злобните мајка и ќерка ја следеле работата и одлучиле и другото девојче да тргне на истиот пат. И тргнало... Но, на молбите од јаболкницата, кладенецот и фурната, – Како да не! Јас дома не работам, не па тука вас да ве чистам!



Исто било и кај бабата. Другото девојче ништо не сакало да работи. По три дена поминати кај бабата, девојчето требало да си тргне. Бабата му го кажала истото за трите ковчези, дека требало да одбере еден и да го отвори заедно со мајка си. Девојчето се полакомило, го земало нај-големиот ковчег и тргнало кон дома. Одело по патот уморно, гладно и жедно, но во фурната немало леб, на кладенецот немало вода, ниту

јаболка на јаболкницата. Тоа брзало да втаса што е можно побрзо дома за да го отворат ковчегот со мајка си.

Кога втасало дома, веднаш се заклучиле во својата соба и го отвориле ковчегот. Во него имало...

**Иван Котев – собирач на народни умотворби**

## Што?

Обиди се да погодиш што имало во ковчегот! Сите ваши понудени одговори се точни.

## ДИСКУТИРАЈ

- Зошто девојчето го викале Девојчето со златно срце?
- Како ги објаснуваш однесувањето на новодојдената сопруга на таткото и однесувањето на нејзината ќерка?
- Опиши го патот кон шумата и во шумата на Девојчето со златно срце. Почитувај го редоследот на настаните!
- Зошто другото девојче тргнало по истиот пат?
- Која е разликата помеѓу двете девојчиња?
- Според тебе, што навистина заслужиле мајката и ќерката да имаат во ковчегот?

**Запомни: Постојат и добри маќеи!**

## ЃЕРДАН НА ПРИКАЗНАТА

Прераскажи го текстот според техниката „Ѓердан на приказната“. Тоа значи дека треба да прераскажуваш кратко, делејќи ја содржината на три дела:

ПРВО (вовед), ПОТОА (главен дел) и НА КРАЈ (завршен дел)




Запиши поговорка!

# АЈ, АЈ!... НА ПРВИ МАЈ

Размисли и објасни зошто се слави Први мај.



Први мај е ден на трудот. Први мај вообичаено е ден и на традиционалниот мајски излет. Ден во кој сите излегуваат некаде во природа. Без разлика какво ќе биде времето, уште од рани зори, реки од луѓе потекуваат кон блиските или подалечните излетнички места. И да врне и да вее и бура да коси, тоа за нас ништо не е – секој нешто носи. Некој облека, некој килимчиња или постилка за седење, некој излетнички столчиња или масичка, некој скара или разни садови, а најмногу – храна од поразновидна најразновидна! Трпезата на тој ден обично е побогата. Сите се весели и расположени. А на крајот, што? Сè се изедува или се испива. Останува само она што ни се јаде, ни се пие: празни лименки, хартии, најлонски кеси, некои дури оставаат скршени шишиња. Ако на излетиштето има место за фрлање на сметот, канти за таа намена – го сместуваат таму, и добро е така да постапуваат сите. А ако нема, каде да се фрлаат отпадоците? Може да се закопаат во земјата или да се соберат во кеси и да се однесат во првиот контејнер. Секако, може. Но не,



никогаш не онака како што еднаш видов во едно излетничко место по првомајскиот излет. Прекрасната ливада личеше на вистинска депонија! Којзнае колку луѓе требаше да работат и којзнае колку време требаше да загубат и којзнае колку труд да вложат за да ѝ ја вратат убавината на природата што излетниците ѝ ја одзеле. И сè само поради нечие несовесно празнување на денот на трудот, кој се претворил во ден на загадување на животната средина!

**Александар Кујунџиски**

## ДИСКУТИРАЈ

Каде и кога се случува дејството во овој текст?
Зошто луѓето посетувале излетнички места? Објасни!
Што треба да се направи по излетот со отпадоците во природата?
Што ќе се случи доколку лименките се остават во природата како отпад?
Каде треба да се однесат?
Разговарајте во одделението за делот „празнување на денот на трудот, кој се претворил во ден на загадување на животната средина“.

Напиши писмен состав на тема: „Еколошки излет“.

# АЈ, АЈ, АЈ ШТО Е УБАВ МЕСЕЦ МАЈ



Пчелата го моли мај:
– Молам, цвеќиња ми дај
та од цвет на цвет
да собирам мед!



Гулабот го моли мај –
– Молам, чисто небо дај,
да раширам крила
над земјава мила!



Животот го моли мај
– Дождец мајски плисни, ај,
да налеам јас
богат тежок клас!



Детето го моли мај:
– Молам сонце, сонце дај,
Да трчам, да пеам,
сончев смев да сеам!

Мај ги слушна сите желби
и почна со мајски делби:
цвеќињата расцветаа,
пчелите се разлетаа,
гулабите се кренаа,
в сино небо се вденаа,
дождот плисна, ден-два врна,
и налеа житни зрна,
а детето трча, скока
и си пее:
– Ај, ај, ај,
што е убав месец мај!





**Глигор Поповски**

## ДИСКУТИРАЈ

- Што е мотив во песната?
- Што те восхити во песната?
- Што го замолила пчелата месецот мај? Зошто?
- Што го замолил гулабот? А, што животот? Објасни со свои зборови.
- Што го замолило детето? Дали мај им ги исполни молбите?
- Кажи ги своите размислувања за мај. Стави се во улога на детето. Што би го замолил/а мај? Напиши во тетратката.

Колку поетски слики си замислуваш?

Напиши ги насловите за секоја поетска слика во тетратката. Нацртај ја твојата омилена поетска слика. Прочитајте ги вашите размислувања.

**смев** – смеа

**вденаа** – се вовлекоа

Избери еден или два стиха од песната што ти оставија најголем впечаток. Објасни зошто ги одбра тие стихови, какви чувства побудуваат кај тебе? Дали би сакал да поставиш некое прашање во врска со избраните стихови? Сподели го напишаното со преостанатите.

Поделете си улоги од песната (раскажувач, пчелка, гулаб, живот, дете) и драматизирајте за следниот час.

### ЦВЕТНИ ЗБОРОВИ

Играј со твојот/ата другар/ка. Состави зборови од дадените букви во цветот и напиши ги во тетратката. При составувањето на зборовите буквите можат да се повторуваат. Кој ќе пронајде повеќе зборови, тој е победник во играта.



# ПЕСНА ЗА РАЃАЊЕТО НА ГОЦЕ

**(Султана јунак родила)**



Песни се слушаат весели,
Кукуш се крева на гости,
Никола срце разврзал,
Султана јунак родила.

Пламен е Гоце в пелени,
сокол му лула лулката,
над глава три самовили,
песни му пеат јуначки.

– Расни ми, Гоце, порасни,
славен ти јунак да станеш,
народот ти да го водиш
в' борба за света слобода.

– Со твојта верна дружина,
со душман ти да се биеш,
злото да го истераш
од жална Македонија.



**Народна песна**

**ДИСКУТИРАЈ**

Што е мотив во песната?
Што знаеш за Гоце Делчев? Кое е неговото вистинско име?
Како се викале родителите на Гоце?
Какви песни му пееле самовилите на малиот Гоце?
Одреди поетски слики за секоја строфа.
Обиди се на часот по ликовно да го нацрташ ликот на Гоце Делчев.
Истражи на интернет за животот и делото на Гоце Делчев, кога се родил, а кога загинал!

# ЗА ПРИЈАТЕЛСТВОТО МЕЃУ ЛУЃЕТО

1. Кога би можеле и возрасните да сакаат онака како што сакаат децата, светот би опстанувал во најголема хармонија. Има ли нешто поцврсто и поискрено од пријателството меѓу децата, од љубовта што некое дете ја чувствува кон некого?! Секако дека нема! Токму затоа во човечкото сеќавање остануваат неизбришливи првите пријатели, првите соседи или, пак, некоја драга тетка, која ни подарила црвено јаболко на патот или, пак, додека сме чекале ред пред ординацијата на лекарот. Сите тие ликови живеат во сеќавањето на луѓето затоа што ни го разубавуваат животот во времињата кога тој се живее без грижи. И јас паметам многу ликови кои некогаш постоеле и биле важни за мене. Ја паметам и Лирика од петто одделение, како и тетка Марија, која работеше во печатницата. Секако дека се сеќавам и на малечката Илиријана. Лирика, таа црноока девојка, благородната и драга работничка Марија, како и малечкото девојченце кое сè уште не знаеше да зборува.



2. Живееја во два стана во двата облакодера што ги разделуваше асфалтираната улица во новиот дел на големиот град. Лирика со тетка Марија се запознаа во автобус. Секое утро патуваа заедно. Еден ден се зближија, ги стегнаа рацете и станаа добри пријателки.



Марија живееше на четвртиот кат во синиот облакодер. Станот на Лирика и на нејзините родители се наоѓаше на истиот кат, спроти станот на тетка Марија. Лирика не знае добро да зборува на јазикот на својата постара пријателка, но не ѝ е тешко да ги разбере нејзиното благородно срце и нејзините очи од кои зрачат љубов и разбирање. А тетка Марија е таква жена која ги сака сите, а особено децата..

3. Еден мајски ден нивното пријателство стана уште поцврсто. Кога се врати од работа, во поштенското сандаче, Марија го најде следново писмо: Утре, на 15 мај, нашата ќерка го прославува роденденот. Ве канеме да присуствувате на нашата веселба.

Родителите на Лирика

Истиот ден, кога Лирика се врати од училиште, на масата најде едно писмо со познат ракопис. Пишувано беше на српски јазик, па затоа мораше да го прочита татко ѝ и да ѝ го преведе: „Јас, вашата пријателка и сосетка, утре на 15 мај, Лирика и вас, нејзините родители, Ве канам на прославата на мојот роденден.

Со срдечни поздрави, Марија“

Од тој ден двете пријателки имаа заедничка прослава.

4. Едно пролетно попладне тетка Марија ја зеде Лирика и ја одведе во една голема зграда каде што имаше многу дечиња облечени во иста облека. Колку убави беа тие деца кои играа заедно и околу кои се грижеа воспитувачките облечени во сини мантили. Тоа беше куќата за деца без родители.



– Ти, Лирика, имаш брат и сестричка и играш со нив. Играш и со твоите кукли. Те доведов тука заедно да одбереме едно детенце и да го земам кај мене дома. Што велиш? Што да земам: машко или женско?

– Девојченце, девојченце! Кога веќе ме прашуваш мене – викна Лирика – земи едно убаво девојченце.

– Добро, ќе сторам како што ми велиш – ѝ рече таа. Потоа двете одбраа едно мало девојченце со сини очи и златни коси. Утредента напишаа неколку имиња на ливчиња, ги направија како топчиња, ги фрлија нагоре и одбраа едно од нив. Го отворија ливчето и двете едногласно прочитаа: **Илиријана**.

Лирика ѝ ги подари своите кукли и играчки на малечката Илиријана.

5. Едно попладне, како и обично, Лирика замина да ја посети Илиријана. Кога застана пред вратата, го слушна нејзиното неутешно плачење. Го притисна ѕвоното и почека. Но никој не ѝ отвори. Ја отвори вратата и влезе во собата. Илиријана плачеше. Лирика ја зеде в раце и напиша неколку збора на едно ливче:



Тетка Марија, јас дојдов и ја видов Илиријана како плаче. Те почекав, но ти не дојде. Ја зедов Илиријана. Дојди кај нас...

Ја остави пораката на маса. Ја зеде Илиријана в раце и излезе. Кога се врати тетка Марија од пазар, постелата на Илиријана беше празна. Се вџаши од страв. Потоа го виде писмото со познатиот ракопис на Лирика. Бргу отиде кај неа и ја најде онака испотена и изморена како ја гали Илиријана. Ги прегрна двете. Срцето силно ѝ чукаше од претрпениот страв, од замор и од радост. Тоа беа биења на срцето што ја чувствува вистинската топлина и љубов на децата – онаа љубов што треба да ја поседуваат сите луѓе.

**Фејзи Бојку**

## ДИСКУТИРАЈ

- Текстот е поделен на пет дела. Смисли и запиши поднаслов за секој дел!
- Опиши го ликот на Лирика.
- Каква личност е тетка Марија? Искажи го својот став во врска со нејзината одлука за згрижување на дете од домот за деца без родители.
- Какви чувства побуди овој текст кај тебе?
- На кој начин ликовите во овој текст си испраќале пораки, а на кој начин се испраќаат пораки во денешно време? Спореди и објасни!

# СОЦИЈАЛНИ (ДРУЖБЕНИ) МЕДИУМИ

- Дали ги препознаваш иконите на овие социјални медиуми?
- Кои од нив можеш да ги именуваш?
- Дали користиш некои од нив? Кои?
- За каква намена ги користиш? Што дознаваш преку нив?
- Обиди се да откриеш неколку предности и недостатоци од нив.

Направете табела како во дадениот пример, прочитајте, добро размислете и во неа внесете ги предностите и недостатоците на дружбените медиуми.

| ПРЕДНОСТИ | НЕДОСТАТОЦИ |
|---|---|
| | |

- Создавање и одржување контакти
- Преоптоварување со информации
- Образование
- Хакирање и измама
- Претставување на сопствените знаења и вештини
- Зависност и осаменост
- Хуманитарни акции и помош
- Промоција и реклама
- Загрозена приватност
- Здравствени проблеми
- Кибернасилство
- Примање и споделување информации
- Дезинформации (лажни вести)
- Прикажување на лажна слика за себе
- Достапност

Напиши состав во кој ќе споделиш позитивно или негативно сопствено искуство од употребата на социјалните медиуми.

# ФАКТИ И МИСЛЕЊА

Дали сметаш дека поимите ФАКТ и МИСЛЕЊЕ имаат исто значење? Објасни како го разбираш едното, а како другото?




Ајфеловата кула се наоѓа во Париз – главниот град на Франција.

Обележи кои од следниве искази сметаш дека се **ФАКТИ (со Ф)**, а кои **МИСЛЕЊЕ (со М)**.

**Оние што сметаш дека се факти, провери дали се точни!**




Париз е најубавиот град во Европа.

- Охридско Езеро е најдлабоко езеро.
- Охридско Езеро има просечна длабочина од 155 м, а најголема длабочина од 288 м.
- Врвот Голем Кораб има надморска височина од 2.764 м.
- Во нашата држава нема многу планини со високи врвови.
- Лавот е најсилно животно.
- Тихи Океан е најголемиот и најдлабок океан на Земјата.
- Америка е најпознат континент на Земјата.
- Азија е најголем и најнаселен континент на Земјата.
- Белата мечка е најголемиот сувоземен месојад на светот (мажјаците најчесто тежат 300 до 600 кг).
- Некои животни имаат скелет надвор од нивното тело.

**ФАКТИТЕ** се податоци што можат да се **проверат** и да се **докаже** дали изнесеното тврдење е точно или неточно. Исто така, фактите можат да бидат точни, но понекогаш можат да бидат и погрешни, затоа треба да се проверуваат. **Дали во вежбата имаше податоци со погрешни факти? Провери!**

**МИСЛЕЊЕТО** е верување или гледиште. Тоа може, но не мора, да се заснова врз факт. **Не е важно** дали мислењето е **точно или неточно**.

Секој од вас го има слушнато името Волт Дизни. Повеќето од вас имаат омилени ликови на Дизни. Но, колку факти знаете за него? Преку овој квиз ќе откриете **ФАКТИ** и **МИСЛЕЊА** поврзани со ова име.

Читај ги добро исказите, размисли и запиши што сметаш дека е **МИСЛЕЊЕ – М**, а што **ФАКТ – Ф**. Откако ќе го решиш квизот, прочитај го текстот за Волт Дизни на следната страница и провери дали се точни твоите одговори.



**Работи во тетратка!**

- Волт Дизни е куќа за цртани филмови. **М / Ф**
- Вистинското име на Волт Дизни е Волтер Илаја Дизни. **М / Ф**
- Волт Дизни најпрвин создавал стрипови, а потоа и цртани филмови. **М / Ф**
- Сите луѓе му се воодушевуваат на Волт Дизни. **М / Ф**
- Волт Дизни прв ги произвел долгометражните цртани филмови. **М / Ф**
- Ликовите кои Дизни ги создал се најинтересни. **М / Ф**
- Голем дел од својата работа Дизни посветил и на документарните популарно-научни филмови. **М / Ф**
- Волт и неговата сопруга Лилијан го создале ликот на Мики Маус. **М / Ф**
- Сопругата на Волт Дизни ја создала Мини, партнерката на Мики Маус. **М / Ф**
- Волт Дизни до крајот на животот му го „позајмувал“ гласот на Мики Маус во филмовите. **М / Ф**
- Волт Дизни има освоено многу филмски награди. **М / Ф**
- Волт Дизни режирал 111 филмови, а продуцирал вкупно 576. **М / Ф**
- Снежана и Пепелашка се омилени ликови на младата популација. **М / Ф**
- Најпознатите детски паркови се трите Дизниленд паркови во Калифорнија, Париз и Токио. **М / Ф**
- Ликовите од бајките на Дизни се најпопуларни. **М / Ф**

# ВОЛТ ДИЗНИ



Волтер Илаја Дизни (Волт Дизни) бил вистински волшебник на фантазијата: најпрвин создавал стрипови, а потоа и цртани филмови кои со децении ги воодушевуваат децата и возрасните низ светот. Во соработка со голема екипа цртачи и филмски соработници, Волт Дизни прв ги произвел долгометражните цртани филмови. Тој ги измислил многуте омилени стрип-јунаци познати во целиот свет: глувчето Мики, паторот Пајо, кучето Плутон, слончето Дамбо, срнчето Бамби и многу др. Благодарејќи му на тој создавач со полн дух, најубавите приказни на светската книжевност се пренесени и на филм, со музичка придружба: Снежана, Пинокио, Пепелашка и др. Голем дел од својата работа Дизни посветил и на документарните популарно-научни филмови (Светот на природата и други) по што е значаен не само за забавата туку и за образованието на младите луѓе. Дизниевите филмови ги карактеризираат весели шеги и доживувања, па нивните јунаци, персонифицирани ликови од животинскиот свет, се мошне омилени кај младите гледачи. Волт Дизни докажал дека за цртаните детски ликови не постојат никакви граници. Неговите ликови се вечни и им припаѓаат на сите.





**РАЃАЊЕТО НА МИКИ МАУС**

Враќајќи се од Њујорк кон Калифорнија со воз, Волт и неговата сопруга Лилијан создале нов јунак, базиран – потврдуваат легендите за потеклото – на питомиот полски глушец кој имал обичај да шета по старото студио на Дизни во Канзас Сити. Неговата прва идеја била глушецот да го нарече Мортимер, но Лилијан го предложила поедноставното име **Мики**. Некаде меѓу Чикаго и Лос Анџелес младата двојка го склопила заплетот на првиот краток цртан филм за Мики заедно со неговата партнерка Мини. Веќе со третиот краток цртан филм, кој првпат бил емитуван во 1928 година, Мики го добил препознатливиот лик. Мики Маус влезе во историјата како најтраен изум на американската поп-култура во минатиот век. Со своите тркалезни црни уши и жолти чевли, Мики има душа, но и глас на својот татко, Волт Дизни. До крајот, „позајмувањето“ на гласот на Мики Маус во филмовите за Волт било задоволство, кое до крајот на својот живот не му го препуштал никому.








## ПРИНЦЕЗИТЕ НА ДИЗНИ

Волт Дизни бил голем уметник на стрипот и најпознат светски автор на цртани филмови. За време на 43-годишната кариера во Холивуд, Дизни освоил 32 „Оскари“ и 7 награди „Еми“. Добил вкупно 960 награди и станал почесен доктор на „Харвард“. Неговиот филм „Снежана и седумте џуџиња“ од 1937 година го виделе најмногу луѓе во 20 век.

Волт Дизни режирал 111 филмови, како актер се појавил во вкупно 9, а продуцирал вкупно 576.



Најпознатите детски паркови се трите Дизниленд паркови во Калифорнија (САД), Париз (Франција) и Токио (Јапонија).

**персонифицирани ликови** – претставени, изразени ликови, апстрактни ликови претставени како живо суштество

**продукција** – количество производи како резултат на физички или интелектуален труд

**режија** – раководство на поставувањето сцена на некоја драма, опера или филм

**режира** – изврши, врши режија на некоја драма, опера, филм и др.

# КИРИЛ И МЕТОДИЈ

## ОСНОВОПОЛОЖНИЦИ НА СЛОВЕНСКАТА ПИСМЕНОСТ

Браќата Константин и Методиј, родум од Солун од угледни и богати родители, Лав и Марија, ја составиле првата словенска азбука од триесет и осум букви и по првпат почнале да ги преведуваат црковните книги од грчки на словенски. Тоа била глаголицата, наречена така по фразата **да се глаголи**, што на старословенски значи **да се зборува**. Пред тоа Словените немале писмо. Затоа, тој момент го означува раѓањето на словенската писменост, книжевниот јазик и словенската книжевност воопшто. По смртта на Кирил, учениците на Кирил и Методиј се вратиле на Балканскиот Полуостров и тука ја продолжиле својата работа. Тогаш настанало и второто словенско писмо – кирилицата, наречено по Кирил. Во продолжение на неколку века глаголицата и кирилицата се употребувале паралелно, но постепено кирилицата ја потиснува глаголицата во текот на средновековието. Со приспособувања на современите јазични стандарди, кирилицата и денес се употребува кај повеќето словенски народи.



Кирил (827 – 869)

Методиј (812 – 885)




Глаголицата содржела околу 40 букви во зависност од варијантата. 24 од оригиналните 38 букви се изведени од графеми на средновековната курзивна грчка азбука, при што им е придодаден декоративен облик. Се претпоставува дека глаголицата е создадена врз основа на древните словенски пишувања (чкртки и рецки), со кои претходно се служеле Словените.

24 Мај – Ден на сесловенските просветители

Најголемиот и најстар универзитет во нашата држава го носи името на словенските просветители. Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ е формиран во 1949 година со три факултети и денес претставува заедница на дваесет и три факултети, десет научни институти и други институции.

**курзивни** – коси печатарски букви

**графема** – знак што претставува одреден глас

# ВО ЧЕСТ НА НАШИТЕ УЧИТЕЛИ

Св. Кирил од дамнина јасна цел имаше,
словенскиот народ во мир го издигаше.
Во ноќите бдееше над празниот лист,
да напише букви на јазик словенски чист.




Перото започна букви да реди,
една по една, аз, буки, веди...
Нова ѕвезда на небо се роди,
словенскиот род кон писменост да го води.

За Словените започна нова ера,
иљадници ученици скроти.
Ги ширеа неговото писмо и вера,
а народот се обедини и сплоти.

Ви благодариме учители наши,
направивте азбука да сјати.
Народот се издигна со азбуката своја
и со неа јазик позлати.

**Јадранка Клисарова**

**ДИСКУТИРАЈ**

- Каква цел имал Св. Кирил?
- Откриј што значат стиховите:
  „Перото започна букви да реди,
  една по една, аз, буки, веди...“
- Како ја разбираш последната строфа од песната?
- Определи ја римата во песната.

**ТВОРИ**

Обиди се да напишеш неколку стихови во чест на нашите учители – просветители, светите браќа Кирил и Методиј!

# ЗАГАТКА ИЛИ АВАНТУРА

Друштвото се распореди на двата големи кауча во домот на Отис. На масичката пред нив беа раширени двата документа што им ги даде наставникот. Сега требаше да се распознае видот на писмото во книгата. Зара внимателно ги местеше очилата. Во еден миг гледаше во еден документ, во друг миг во вториот, трет во книгата. Тоа траеше неколку минути.

– Нема сомнеж – сериозно рече – овде се работи за аглеста глаголица.

– И што да правиме ние со тоа сега? – беше збунет Мркља.

– Вие ништо – рече Зара. – Дајте ми време да го препишам секој збор од глаголицата на нашки. Не ми пречете.

Сите по малку ѝ завидуваа на Зара што е толку паметна. Дури и Мркља, иако тој воопшто не сакаше да биде од оние што учат многу. Решија да ја послушаат и се повлекоа на каучот. Отис, Мркља, Инка и Борис разговараа за тоа што ќе прават летово. Борис одново раскажуваше за својот дедо. Го обожаваше него. Наеднаш неговото раскажување го прекина вознемирениот глас на Зара:



– Друштво, мора да го видите ова!

Сите се наместија околу масичката. Пред Зара стоеше нејзиниот бележник, така што и другите можеа да ги видат резултатите од нејзиниот труд. Сепак, со сериозен и свечен глас таа изјави: – Зборовите се тие и пораката е јасна, само мораме да сфатиме за што станува збор. Мислам дека ова вќе води кон нешто.

Зара успеа да ги дешифрира зборовите и да ги нареди во реченици:

**Многу добро, мошне брзо. Набрзо ќе дојде и тој ден. Новата библиотека ја задушува старата, а во старата треба да се влезе. Таму сум дома. Ве поканувам на гости, шести месец, седми ден – на полна месечина, точно во 12 часот. Тринаесет чекори кон југ, по патеката, по старата шума, сè до ѕидот зад зградата каде што се гради врата за вас. Чекам. С.П.**

– Која книга е, па, сега тоа? – Мркља беше збунет. – И зошто пораката не е напишана на кирилица или латиница?

– Во тоа е работата – рече Зара. – Завршивме со книгите. А што се однесува на глаголицата, како некој да проверува до каде сме стигнати со решавањето на загатката.

– Ах, па ова е стварно премногу – рече Зара со полна уста суви сливи – веќе ништо не разбирам!

– Ќе одиме по ред – смирено рече Борис – на истиот начин како што досега успешно решаваме сè!

– **Многу добро, мошне брзо. Набрзо ќе дојде и тој ден** – одново прочита Зара. – Некој знае дека ние ги решаваме загатките. И не само тоа. Некој знае и колку време ни било потребно да ги решиме.

Се наежија малку. Никој не се чувствува пријатно кога некој го следи, посебно на ваков начин.

– **Новата библиотека ја задушува старата, а во старата треба да се влезе. Таму сум дома**. – Зара повторно гласно прочита дел од загатката.

– Ова се чисти глупости – пак се јави Мркља – ние имаме само една библиотека за деца во градов. Таа за возрасни не е до неа. Како би можеле да се задушуваат меѓу себе?

– Тука веројатно се мисли на онаа **стара** библиотека. Онаа што изгоре – рече Инка.

Пред да успее некој друг да додаде нешто, Отис отрча во својата соба и се врати со мал лаптоп. – Нема свет без интернет! – весело запеа.

Во пребарувачот „Гугл“ беше внесен називот на нивното училиште. – Да, така е! – Отис за малку ќе го бакнеше компјутерот што ја прикажуваше страницата на Основното училиште „Крале Марко“. – Неверојатно е како порано луѓето живееле без интернет. Сигурно им било многу грозно. Сè морало да се истражува во библиотеки. Ужас.

– Кликни тука, кај **Историја на училиштето** – рече Зара, покажувајќи со прстот на екранот.

Компјутерот веднаш го прикажа текстот за историјата на училиштето. Отис читаше:

**Во 1975 година во нашата школска библиотека „Даница“ избувна голем пожар. Не можеше да се спречи, иако пожарникарите дадоа сè од себе. За жал, огнот зеде една жртва што случајно се затече во библиотеката. Затоа овој пат сакаме да изразиме сочувство до драгата библиотекарка Весна Бувова, која во пожарот го изгуби својот малолетен син...**

**Мореа Баниќевиќ**

## ДИСКУТИРАЈ

- **Кој** е проблемот во текстот? **Како** може да се реши? **Дали** се реши?
- Што е невообичаено во содржината на овој текст?
- Дали овој текст те потсетува на некој филм или на некоја книга што си ги гледал/а или читал/а? На кои?
- Дали знаеш што е **мистерија**? Објасни/откриј!
- Каква загатка открива друштвото? Како се напишани пораките? Кои азбуки се споменуваат во текстот? Кој ги дешифрира?

**Измисли крај на АВАНТУРАТА на друштвото!**

# НАЈЛОШАТА ИДЕЈА НА СВЕТОТ

За среќа, вратата не издржа и бесшумно се отвори кон еден темен ходник што мирисаше на мувла. Единствениот извор на светлина доаѓаше од жолтеникавата светилка што висеше на неколку метри подалеку. Механички, како да ја вежбал оваа сцена долго време, Поло тргна напред на полупрсти. Кога се навикна на темнината, виде дека ѕидовите се покриени со стари филмски постери и дека пред него се оцртуваат контурите на билетарница од плексиглас. Тој се наоѓаше во кино, старо кино од времето на дедо му. Киното отсекогаш му беше сон. Зад билетарницата имаше големи скали што веројатно водеа кон горните катови. „Сала 1“ – „Сала 2“. Поло ја избра салата 1.

Под нозете ја почувствува лепливата маса на прастар тепих што сигурно бил прекрасен шеесет или седумдесет години порано. И покрај тоа што тепихот изгледаше лошо, Поло си рече дека начинот на кој тој ги претвораше неговите чекори во бесшумни, како на мачка, беше навистина чудесен. Тој се искачи по првите скали и се најде во еден многу широк хол, каде што неколку маслени ламби испуштаа треперлива светлина. Одеднаш, низ двете крила на една широка врата до него дојде придушениот звук на извици и рикање.

Го полазија морници. Речиси против сопствената волја, тој пријде до вратата и го залепи увото. Човечки глас извика:

– Не, не! Тоа не е можно, тоа не е АААААААХ! Крикот беше брутално скратен од најстрашниот рик што Поло го имаше чуено.

Во еден миг тој помисли дека срцето престана да му чука. Но, љубопитноста беше посилна од стравот и, без здив, тој турна едно од крилата велејќи си: Не прави го тоа, Поло. Не прави го тоа.

Само што фрли поглед низ подотворената врата разбра што е тоа...



Што е тоа? Продолжи ја приказната! Потоа, прочитај пред соучениците.

**Тома Гунзиг**

**плексиглас** – проѕирна пластична маса, за авиони и автомобили

## ДИСКУТИРАЈ

- Која е темата во овој текст?
- Каде одел Поло?
- Како се чувствувал тој? Зошто?
- Дали си се чувствувал и ти како него? Како го надмина тоа чувство?
- Препиши го делот од текстот во кој има опишување.

Направи анализа на текстот според следнава наставна техника!

Работи во тетратката.

| Слика<br>Нацртај слика што најдобро ја замисли визуелно! | Чувства<br>Наброј ги чувствата што овој текст ги предизвика кај тебе! |
|---|---|
| | |
| **Звуци**<br>Опиши ги звуците во текстот. | **Поврзаност со мојот живот**<br>Каде наоѓаш сличности со твојот живот? |
| | |

Раскажи во тетратката твоја случка во која си чувствувал/а страв.

# ПОСЛЕДНИОТ ЧАС

Сончевина на детската лика, денес од секое дете блика. Секој ученик знае учебната година додека трае треба вредно да се учи, за да нема дете тажно тоа за секого е многу важно. Ова лето ние завршуваме петто. Со нашата наставничка ние се разделуваме и сакаме да ја израдуваме.

На најубав начин да ѝ се оддолжиме и понатаму сите среќни да продолжиме. Со каков подарок да ја изненадиме и среќата да ја засадиме? Размислуваме, разговараме и со денови по часовите се договараме. Кој е најубавиот подарок кој треба да ѝ го подариме на нашата наставничка? Најпосле сите сложно заклучивме, што да направиме одлучивме!

Денес на последниот час училишното ѕвонче ѕвони, како бисери да рони. Секој ученик кон училница оди, желбата за летен распуст напред го води.

Во нашата училница наставничката со насмевка нè пречека и топло ни рече:

– Знам дечиња нестрпливо летото на игра ве влече. Летниот распуст еве дојде, на секој од вас весело, летото да му појде. Играта да ве радува и никој да не тагува. Секој од вас има планови свои, но запомнете денот без игра не се брои! Каде и да одите ова лето, на море, езеро или река природата со раширени раце вас ќе ве чека! Играта секаде не е иста, но најважно е природата да е чиста! Запомнете вие мудри глави дека најубавите работи не се купуваат со пари?! Најубавите работи кои сите ги добиваме и даруваме се бесплатни! Љубовта, пријателството, среќата никој не може да ги купи! Запомнете каде и да одите, радоста со вас да ја водите!



Тогаш Мила стана и пред сите ѝ рече:

Наставничке драга! Примете ја оваа слика од нашето одделение, секој збор што од вас сјае, секој од нас треба да го знае! Разделбата со вас денес навистина е тешка, Ве молиме простете ни за секоја наша грешка! Вие бевте трпелива, нежна, мила и на секој од нас му дадовте сила. Од вашите очи добрина блика, тоа за нас е најубава слика. Нè научивте во себе да веруваме и со книгите да другаруваме. Еден со друг да се поддржуваме и различностите да ги почитуваме. Грижата кон нас што ја покажувавте со вашата љубов

ја докажувавте. Ние вашите ученици ќе продолжиме храбро во животот да чекориме!

Јонуз почна да ја чита песната која тие заеднички ја напишаа за својата наставничка:

## Последниот час

Јуни на децата е гостин драг,
се појави на училишниот праг!
Крајот на учебната година,
дојде и во нашата родина.

Училишното ѕвонче пушти глас,
весело нè кани на последниот час!
Девет месеци учебната година трае,
тоа секој ученик го знае!

Збогум, наставничке наша драга!
Денес се разделуваме среќни и со тага!
Со вас учењето ни беше бајка,
Вие бевте нашата втора мајка!

Нè охрабрувавте, советувавте!
Никогаш ништо, напразно не ветувавте!
Во вашите очи ние сме ко ваши чеда,
Вие во нас го видовте и она што не се гледа!

До видување мила наставничке, до видување школо драго, летниот распуст веќе иде, среќно на сите да ни биде!

**Лила Арсова**

СТРАНИЦИ + **МУДРОСТИ, МИСЛИ И ФАКТИ**

### ВИЛИЈАМ ШЕКСПИР





англиски драматург и поет 1564 – 1616 год.

*Додека за подоброто настојуваме, често доброто го расипуваме.*

*Подобро три часа прерано, отколку една минута предоцна.*

*Глупавиот мисли дека е мудрец, а мудрецот знае за себе дека е незнајко.*

*Послушај ја својата мудрост, а не гнев.*

Повеќе од 400 години се поминати од смртта на Шекспир, а театрите, поставувајќи ги неговите претстави, сè уште се полнат со публика. Зошто драмите, напишани толку одамна, и до денес се живи и интересни? Затоа што Шекспир ги открил вистините за човекот. Во „Ромео и Јулија“ се раскажува за љубовта посилна од смртта, во „Магбет“ – за властољубивоста, во „Кралот Лир“ – за човечкиот очај и самотија. Шекспир се смета за најголемиот драматург на сите времиња. Никој пред него, а и по неговата смрт, не успеал така прекрасно и трогателно да ја прикаже човечката судбина.

**драматург** – лице кое го составува драмскиот репертоар и ги определува улогите на артистите

**властољубивост** – што сака да има власт, алчен за власт

## ХАНС КРИСТИЈАН АНДЕРСЕН

*Ханс Кристијан Андерсен*
*(1805 - 1875)*
*Дански писател, голем раскажувач и автор на најпознатите детски бајки*





На почетокот на својот живот, Андерсен бил осамен човек, без пријатели и без „скршена“ пара.

„Сепак“, напишал тој во својата автобиографија, „никогаш не ја изгубив довербата за подобар живот“. Тие зборови често го воделе напред. Во ниту еден момент не ја изгубил храброста и вербата во себе.

Андерсен детството го поминал во сиромаштија. Дури во својата четиринаесетта година, кога дошол во Копенхаген, почнал редовно да посетува училиште. По завршување на школувањето многу патувал по Европа и Америка. Секаде го примале со нескриени симпатии и радост. Откако почнал да пишува бајки, неговиот живот почнал да личи на најубава приказна. Првата книга со бајки ја објавил во 1835 год. Неговите приказни биле толку човечни и искрени, така што го пропатувале целиот свет, влегувајќи речиси во секој дом и во сечие детско срце.

Родната куќа на големиот раскажувач денес е претворена во Музеј на Андерсен. Покрај предметите, музејот содржи голема колекција од околу 1500 писма и 400 оригинални ракописи од песни, 20 ракописи од бајки, како и големиот ракопис од неговата автобиографија. Колекцијата содржи и голем број оригинални илустрации, направени од меѓународни уметници во последните 150 години. Најголемата светска награда за детска книга е Андерсеновата награда, која се доделува секоја година во неговиот роден град Одензе на некој современ детски автор за исклучително уметнички вредности.



## *ЛАВ НИКОЛАЕВИЧ ТОЛСТОЈ*



Руски писател и мислител, еден од најголемите светски книжевници.

1828 – 1910 год.




Толстој по потекло е од благородничко семејство, но целата своја книжевна работа ја посветил на борбата против неправдата. Се залагал за просветување на селанството и за подобрување на економската положба на народот. Толстој имал огромна творечка енергија. Неговите дела ги карактеризира јасност, едноставност во раскажувањето и убавина на книжевниот стил. Пишувал многу: раскази, драми, романи, критички текстови и студии. Поважни дела на Толстој се: „Војна и мир“, „Ана Каренина“ и „Воскреснување“; книгите раскази: „Козаци“, „Кројцеровата соната“, „Хаџи Мурат“ и други.

**просветување** – овозможи образование, подигне степен на просветеност кај населението

**благородничко семејство** – аристократско семејство (благороднички сталеж во општеството)



## Автори кои се дел од учебникот



**Киро Донев**

(1942)

Донев е најпреведуваниот македонски автор за деца со децениско искуство. Има издадено над четириесет книги за деца, млади и возрасни, кои го прават неговото литературно творештво уникатно и безвременско. Најпознати дела: „Жаба спикер“, „Приказни од Зоопаркот“, „Календар на детството“, „Од дневникот на Васко Пикаско и Зорка Сештозборка“, „Киндер квачка“, „Аптека во вреќа“, „Училишен театар“ и др. Добитник е на повеќе награди и признанија. Нeџати Зекирија за него ќе каже: „Кога би пропаднала целата литература за деца, доволно е да се спаси тефтерчето на Киро!“



**Видое Подгорец**

(1934 – 1997)

Тој е најплодниот македонски автор за деца и млади. Има објавено над 108 книги: збирки поезија, романи, патописи, драми, сказни, раскази и гатанки. Неговите дела се преведени на повеќе светски јазици. Добитник е на многу награди и патрон на две основни училишта, како и на Меѓународната манифестација „Средби под јаворите – Видое Подгорец“.



**Ванчо Николески**

(1912 – 1980)

Писател за деца и млади. Напишал околу триесет книги од кои најпознати се „Волшебното самарче“, „Мице“ и „Гоце Делчев“.



**Глигор Поповски**

(1928 – 2007)

Македонски писател за деца, поет, раскажувач, романописец и преведувач. Автор на над триесет книги за деца. Најпознати дела: „Сказна за детето Вилен“, „Бојан“, „Цвет“ и др.



**Горјан Петревски**

(1951)

Раскажувач за деца и млади, автор на околу дваесетина книги. Најпознати: „Марта“, „Сама“, „Исти очи“ и др.



**Саво Костадиновски**

(1950)

„Поезијата ми е составен дел од животот, таа ми е живот во секоідневието.“



**Александар Поповски**

(1932)

Автор е на дваесетина дела за деца и возрасни, како и на три антологии.



**Васил Куновски**

(1916 – 1993)

Автор на поголем број книги и добитник на повеќе книжевни награди.



**Оливера Николова**

(1936)

Една од најплодотворните, најнаградувани и најчитани македонски писателки. Позната е по „Зоки Поки“, „Девојките на Марко“ и др.



**Стојан Тарапуза**

(1933)

Поет за деца и возрасни. Има издадено над дваесет книги за деца.



**Александар Кујунџиски**

(1946)

Уметник, писател и издавач, хуморист и сатиричар. Напишал околу сто книги од кои најпознати се: „Природо, љубов моја!“, „И од пиле млеко“ и др.



**Ели Маказлиева**

Поетеса, раскажувач, сопственик и уредник во издавачка куќа.



**Васил Мукаетов**

Најпознати дела: „Скокни – прескокни“, „Ај погоди!“, „Што е, а што не е?“, „Од згода до згода, заграб бистра вода“ и др.



**Фејзи Бојку**

(1937)

Македонски писател за деца од албанска националност. Има издадено десетина книги.



**Велко Неделковски**

(1946)

Најпознати дела: „Збунети години“, „Втората смена“, „Симчо“ и др.



**Лила Арсова**

Најпознати дела: „Поточиња во детските очиња“, „Детството соништа плете“, „Сончевата трпеза“ и др.



**Трајче Кацаров**

Најпознати дела: „Скаските на Мето од петто“, „Не паркирај, гаража!“, „На пат за Таратамбо“, „Мечето Мери Ум“ и др.



**Јадранка Клисарова**

Најпознати дела: „Децата од моето училиште“, „Безбеден детски свет“, „Ѕвездено јато“ и др.



**Владо Димовски**

„Умни глави“, „Приказни за буквите“, „Испревртени приказни“

**Христо Петрески**

**Боро Ситниковски**

**Бошко Смаќоски**

**Димитар Алачки**

**Вера Бужаровска**

**Нада Зекманова-Јакимова**



**Иван Котев** – собирач на богатства од македонското народно творештво

**Застапени се и неколку странски автори:**

Ханс Кристијан Андерсен, Лав Толстој, Оливера Шијачки, Рифат Кукај, Георгиј Скребицкиј, Луис Карол, Карло Колоди, Памела Л. Траверс, Јасминка Петровиќ, Тома Гунзиг, Гунар Хелгасон, Мореа Баниќевиќ.